# ПОУКИ ЗА ВЕРАТА
## ОД КНИГАТА НА ИСУС НАВИН

БИБЛИСКА ДОКТРИНА
октомври, ноември, декември 2025

# ПОУКИ ЗА ВЕРАТА ОД КНИГАТА НА ИСУС НАВИН

Автор: Барна Маџароси

Број 4/2025

**Поуки од Библијата - издание за возрасни**

Поуки од Библијата - изданието за возрасни го подготвува Одделението за црковна служба при Генералната конференција на адвентистите на седмиот ден.

Поуките се подготвени под надзор на проширениот одбор за саботношколска поука чиишто членови се консултативни уредници. Печатената библиска поука е придонес на одборот и затоа не мора секогаш да се бара дозвола од писателот.

*Издава:*
**АИК „Знаци на времето“**
Одделение за саботна школа

*Превод и техничка подготовка:*
**Мелита Томовска**

*Одговара:*
**Илија Киров**

*За издавачот:*
**Михајло Гурев**

**За интерна употреба**

# СОДРЖИНА:


1. Рецепт за успех ........................................................................ 7

2. Изненадени од благодатта ..................................................... 14

3. Споменици на благодатта ...................................................... 21

4. Судирот зад сите судири ........................................................ 28

5. Бог се бори за вас ................................................................... 35

6. Внатрешниот непријател ......................................................... 42

7. Крајна преданост: Богослужение во воена зона .................... 49

8. Гиганти на верата: Исус Навин и Халев ............................... 56

9. Наследници на ветувањето, затвореници на надежта .......... 63

10. Вистинскиот Исус Навин ....................................................... 70

11. Животот во земјата................................................................ 77

12. Бог е верен! ............................................................................ 84

13. Изберете денес! .................................................................... 91


**Додаток**


Утрински стихови – октомври.................................................... 98

Утрински стихови – ноември...................................................... 99

Утрински стихови – декември .................................................. 100

Секојдневно читање на Библијата............................................ 102

Текстови за вечерно богослужение ...........................................103

Табели за почеток на саботата во Македонија......................... 104

# ВТОРА ШАНСА: КНИГАТА НА ИСУС НАВИН



Книгата на Исус Навин го бележи преминувањето од Мојсеевото водство на водството на Исус Навин. Таа започнува со извештај за влегувањето на Израел во Ветената земја и завршува со нивното населување во таа земја.

Исус Навин, навистина, имал тешка задача пред себе – да продолжи таму каде што Мојсеј застанал. Но тој предизвик бил само почеток. Исус Навин требало да направи нешто што Мојсеј никогаш не го направил – по 40 години во пустината да го пренесе народот преку Јордан во Ханаан, во согласност со ветувањето што Бог им го дал на нивните татковци многу години претходно.

„Мојсеј, слугата Мој умре; затоа сега стани, мини преку реката Јордан, ти и сиот овој народ, во земјата, што Јас им ја давам, на синовите Израелови“ (Исус Навин 1,2).

Клучот за целиот наратив се наоѓа тука, во тие Господови зборови – требало да влезат „во земјата што Јас [ЈХВХ] им ја давам, на синовите Израелови“.

Според тоа, Исус Навин нема да го стори тоа сам, туку само со Господовата сила и под водство на Оној кој веќе би го довел народот во таа земја уште во претходната генерација доколку тие биле спремни да го исполнат својот дел од заветот. За жал, тие не го сториле тоа, и затоа се соочиле со последиците од своите постапки.

Факт е дека, во текот на претходните 40 години, Израел се соочувал со негативната страна на заветот. Поради нивниот бунт против Бога, целата генерација возрасни кои ги доживеале величествените чуда при Излегувањето, со исклучок на Халев и Исус Навин, умрела во пустината. Четири од петте Мојсееви книги се занимаваат со она што им се случувало додека талкале во пустината за сето тоа време. Сега, под водство на Исус Навин, втората генерација била подготвена да се соочи со предизвикот да ја запоседне земјата.

„Тогаш Мојсеј го повика Исус и пред сите Израелци му кажа: ‘Биди цврст и храбар, зашто ти ќе влезеш со овој народ во земјата, за која

Господ им се заколна на предците ваши дека ќе им ја даде; и ти ќе им ја разделиш на делови. И Господ ќе тргне Самиот со тебе, Самиот ќе биде со тебе, нема да отстапи од тебе и нема да те остави: не плаши се и не ужасувај се'" (5. Мојсеева 31,7.8).

Божјите ветувања дадени на патријарсите и на Мојсеј требало да се исполнат. Атмосферата била исполнета со исчекување и возбуда. Тоа бил нов почеток за народот кој долго време бил без дом и без имот. Бог докажал дека е верен при нивното избавување од ропството и сега сигурно можеле да му веруваат дека Тој ќе го исполни своето ветување и во врска со земјата.

„Првенствена намера на пишувањето на Книгата на Исус Навин е да го опише влегувањето на Израел во Ветената земја, освојувањето на земјата и нејзината поделба меѓу племињата. Оваа намера ја нагласува поракaта на книгата, а тоа е Божјата верност во исполнувањето на ветувањето за земјата што му било дадено на Аврам. Книгата ја нагласува Божјата верност кон Неговите заветни ветувања (Исус Навин 21,43–45)" (Andrews Bible Commentary; Andrews University Press, 2020); стр. 365).

Заедно ќе откриеме дека, и покрај тоа што книгата на Исус Навин е напишана пред повеќе од три илјади години, светот во којшто живееме ние денес, кога станува збор за духовните предизвици, не се разликува многу од светот на Исус Навин. Можеби ние се соочуваме со предизвици од поинаква природа, но во секој случај постојат предизвици, особено духовни, кои ја загрозуваат нашата сигурност, нашата вера и исполнувањето на мисијата што Бог му ја доверил на својот народ. Примерот на Исус Навин сигурно ќе нè вдахне да се повикаме на Божјите ветувања кои се однесуваат на нашето време и да постигнуваме успеси со Негова сила, како што правел тој.

*Барна Маѓароси моментално служи како извршен секретар на Интеревропската дивизија и претседател на одборот за истражување на Библијата при таа дивизија. Тој својата служба за црквата ја започнал како пастор и директор на одделението во Областа Јужна Трансилванија во Романија, а продолжил како професор по теологија и претседател на универзитетот Адвентус во Романија.*

**Лекција 1**
**Од 27 септември до 3 октомври 2025**

# РЕЦЕПТ ЗА УСПЕХ



**ПРОУЧЕТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 5. Мојсеева 18,15-22; Исус Навин 1; Евреите 6,17.18; Ефесјаните 6,10-18; Псалм 1,1-3; Римјаните 3,31.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Само биди многу цврст и храбар, и грижливо пази да го извршиш сето она што ти го заповеда слугата Мој Мојсеј; не се отстранувај од сето тоа ни надесно ни налево, туку постапувај разумно со сè што ќе преземаш“ (Исус Навин 1,7).**

Бенџамин Зандер, музички директор на Бостонскиот филхармониски оркестар, исто така бил и предавач на предмет кој се занимава со анализа на изведби на музички дела. Тој забележал дека неговите студенти биле многу загрижени кога се соочувале со оценката за нивната изведба. За да ги смири и да им овозможи да го остварат својот целосен потенцијал, тој уште во првиот ден објавил дека сите ќе ја добијат највисоката оценка. Оваа оценка не била некое очекување што требало да се исполни, туку „можност која треба да се спроведе во дело“. Единствениот услов бил студентите да напишат писмо во текот на првите две седмици од семестарот, но да го датираат на крајот на академската година. Во писмото, тие требало да објаснат зошто заслужуваат толку висока оценка.

Книгата на Исус Навин зборува за нови можности. Мојсеј, кој бил доминантна фигура во текот на 40 години од израелската историја, припаѓал на минатото. Излегувањето од Египет и талкањата по пустината, трагично обележани со бунт и тврдоглавост, завршиле. Во Ветената земја требало да влезе нова генерација, подготвена да го послуша Бога, и ова не било очекување што требало да се исполни, туку можност што требала да се спроведе во дело.

Ајде да проучиме како Бог отворил ново поглавје во животот на Израел, и како Тој може да го стори истото и во нашиот живот.

## НОВИОТ МОЈСЕЈ

**Прочитајте 5. Мојсеева 18,15–22 и Исус Навин 1,1–9. Зошто е значајно тоа што книгата на Исус Навин започнува со повторување на ветувањето во врска со тоа што ќе се случи по смртта на Мојсеј?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Иако Мојсеј умрел, а Бог поставил нов водач, Исус Навин, меѓу нив двајца постоеле одредени паралели. Бог и на двајцата им рекол дека ќе го води Својот народ во земјата ветена на нивните татковци. Господ му рекол на Исус Навин: „Секое место, на кое ќе стапнат стапалата на вашите нозе, вам ви го давам, како што му реков на Мојсеј“ (Исус Навин 1,3). Исус Навин го довршил делото што првично му било доверено на Мојсеј. Тој, всушност, бил новиот Мојсеј.

**Прочитајте ги следните текстови: 2. Мојсеева 33,11; 4. Мојсеева 14,6.30. 38; 4. Мојсеева 27,18; 4. Мојсеева 32,12; 5. Мојсеева 1,38; 5. Мојсеева 31,23; и 5. Мојсеева 34,9. Што ни кажуваат овие текстови за Исус Навин?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Во оваа фаза, ветувањето дека Бог ќе „издигне“ пророк како Мојсеј (5. Мојсеева 18,15) е сè уште само можност, а не остварена реалност. Воведните зборови од книгата на Исус Навин го потсетуваат читателот на ова ветување и, во исто време, го будат кај него очекувањето дека ќе го види неговото исполнување.

Иако мртов, Мојсеј сè уште доминира во првата глава. Неговото име се споменува десет пати, додека Исусовото име само четири пати. Мојсеј е наречен „слуга Господов“, додека Исус е наречен „слуга Мојсеев“ (Исус Навин 1,1). На Исус Навин ќе му треба цел живот на посветена служба и послушност за да го добие звањето „слуга Господов“ (Исус Навин 24,29).

И покрај тоа што првата глава од Книгата на Исус Навин го опишува преминот меѓу двајцата големи водачи во Израел, најважната личност во неа е сам Господ, со чии зборови започнува книгата и чие водство доминира во неа. Нема никакво сомнение во тоа кој е вистинскиот водач на Израел.

**Низ вековите, Бог повикувал разни мажи и жени да го водат Неговиот народ. Зошто е, сепак, од пресудна важност секогаш да се има предвид кој е вистинскиот, невидлив водач на црквата?**

# ПРЕМИНЕТЕ! ЗАЗЕМЕТЕ! ПОДЕЛЕТЕ! СЛУЖЕТЕ!

**Прочитајте го текстот Исус Навин 1. Што можеме да дознаеме за структурата на оваа книга врз основа на нејзината воведна глава?**

---

Првата глава од Книгата на Исус Навин служи како вовед во целата книга. Таа се состои од четири говори што се поклопуваат со четирите главни делови од книгата: преминувањето (Исус Навин 1,2–9); освојувањето (Исус Навин 1,10.11); поделбата на земјата (Исус Навин 1,12–15); и служење преку послушност на законот (Исус Навин 1,16–18).

Книгата на Исус Навин може да се набљудува како низа божествени иницијативи. Во секоја од овие иницијативи, Бог му дава на Исус Навин посебни задачи во врска со освојувањето на Ханан, од кои секоја е потврдена подоцна во книгата по нејзиното успешно завршување.

Божјите ветувања во врска со освојувањето на земјата на крајот ќе се остварат. Оттогаш, одговорноста за чување на земјата ќе почива во рацете на Израелците, и ќе може да се оствари само преку вистинска вера и послушност, што таквата вера секогаш ја раѓа.

Божјите иницијативи, изразени преку трите глаголи – „премине“, „заземе“ и „подели“ – добиваат вистински одговор во послушноста на народот, кои произлегуваат од конечната иницијатива, а тоа е служењето.

И да повториме: книгата на Исус Навин има четири главни дела, од кои секој е обележан со одреден поим, во смисла на доминантното присуство на соодветниот еврејски збор:

(1) Преминување (Исус Навин 1,1–5,12)
(2) Заземање (Исус Навин 5,13–12,24)
(3) Поделба (Исус Навин 13,1–21,45)
(4) Служба (Исус Навин 22,1–24,33).

Според тоа, структура на самата книга ја пренесува нејзината главна порака: Божјите иницијативи не се спроведуваат автоматски. Напротив, тие бараат верен одговор од Неговиот народ. Односно, по сè што Бог направил за нас – вклучувајќи го и она што не можеме да го направиме сами за себе – и ние сме повикани да го направиме за нас она што можеме, а тоа е да се покоруваме на она што Бог ни заповедал да го правиме. Тоа било случај низ целата света историја, а така е и денес. На пример, описот на Божјиот народ на последното време во стихот Откровение 14,12 ја пренесува истата идеја: верата во она што Бог го направил за нас води кон послушност.

**Размислете за некои од ветувањата од Божјата Реч кои се најдрагоцени за вас лично. Каков одговор бараат тие од ваша стана за да можат да се остварат?**

## НАСЛЕДНИЦИ НА ВЕТУВАЊЕТО

**Во текстот Исус Навин 1,2.3, Господ му кажува на Исус Навин дека им ја дава таа земја. Од друга страна, Тој вели дека веќе им ја дал. Што значи тоа?**

---

Земјата била дар од Господа, кој бил нејзин вистински Сопственик. Во текстот Исус Навин 1,2.3, се користат две различни форми на глаголот „даде“, што одразуваат два значајни аспекти на наследување на земјата. Првиот облик го изразува процесот на предавање на земјата. Само териториите преку Јордан биле заземени од Израелците. Поголемиот дел од Ветената земја допрва требало да биде заземен.

Во стихот Исус Навин 1,3, тој глагол е употребен во минато време, што остава впечаток дека таа земја веќе им била предадена. Кога Бог е субјект на такви дејствија, таа глаголска форма се нарекува „пророчки перфект“. Ова е затоа што она што Тој го ветува во Својата Реч е сигурен факт на кој може да му се верува како присутна реалност.

Заменките во 3. стих, „вашите“ и „вам“, се во множина, па ветувањето не е дадено само за Исус Навин, туку за целиот израелски народ. Споменувањето на ветувањето дадено на Мојсеј укажува на континуитетот на Божјото дело.

Исто така, зборот kol, „сите“, „секој“, се повторува повеќе пати во првата глава. Честата присутност на оваа именка укажува на сеопфатноста и интегритетот коишто се неопходни за постигнување на целта поставена пред Исус Навин. Морало да постои совршена усогласеност меѓу Бога, Исус Навин и израелскиот народ за да се обезбеди успехот на претстојното освојување на Ветената земја.

**Прочитајте Исус Навин 1,4-6 и Евреите 6,17.18. Во тој момент Ветената земја била токму тоа – ветување. А сепак, Бог ја нарекува наследство. Што значи да се биде наследник на Божјите ветувања?**

---

---

Нема ништо магично во врска со Божјите ветувања. Тие немаат моќ сами по себе да го обезбедат своето исполнување. Гаранцијата дека ќе се остварат лежи во присуството на Бога, кој вели: „Јас ќе бидам со тебе“. И навистина, присуството на Господа било клучно за опстанокот на Израел. Без Него, тие би биле само еден од многубројните народи, без посебен повик, идентитет или мисија (2. Мојсеева 33,12–16). И токму Господовото присуство било сè што му требало на Исус Навин за да успее.

Ова не се променило до ден-денес, и затоа го имаме ветувањето на Исус кое се наоѓа во стихот Матеј 28,20.

## БИДИ СЛОБОДЕН!

**Прочитајте го текстот Исус Навин 1,7–9. Зошто било потребно Господ двапати да му нагласи на Исус Навин дека мора да биде слободен (во некои преводи: силен) и храбар?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Задачата поставена пред Исус Навин очигледно вклучувала огромни предизвици. Ѕидовите на ханаанските градови изгледале неосвоиви, а жителите на таа земја биле обучени за борба. Спротивно на тоа, Израелците, едноставни номади, не поседувале дури ни најпримитивни воени орудија за да ги освојат утврдените ѕидови. Историјата ни кажува дека дури ни Египет, суперсила на тоа време, не можел да стекне стабилно упориште во Ханан.

Сепак, повикот да се биде слободен (силен) и храбар овде не се однесува само на борбениот морал и на воените стратегии. Храброста и силата им биле потребни за да останат верни на Тората и на нејзините посебни барања, кои го дефинирале заветот на Израел со Јахве.

**Прочитајте го текстот Ефесјаните 6,10–18. Иако денес не се бара од нас да учествуваме во воени судири, како можеме да ги примениме овие зборови на охрабрување упатени на Исус Навин во нашите секојдневни духовни битки?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Христијаните денес, за да ја исполнат мисијата што им ја доверил Христос, се соочуваат со предизвици слични на оние со кои се соочувал Исус Навин. Односно, од нив се бара да водат војна против сопствените грешни склоности, против началствата, властите и управителите на темнината на овој свет и против војските на злото. Како Исус Навин, и тие го имаат охрабрувачкото ветување за Христовото присуство: „Јас сум со вас преку сите дни до свршетокот на светот“ (Матеј 28,20). Исто како што поддршката од Господовото присуство била доволна за да ги растера стравовите на Исус Навин, така треба да биде доволна и за нас, да ги растераме сомнежите и стравовите што ги имаме ние денес.

Предизвикот за нас е да го запознаеме Господа доволно добро за да имаме доверба во Него и во ветувањата што ни ги дал. И токму затоа, повеќе од сè друго, нам ни е потребно да имаме лична заедница со Него.

**Клучното прашање за нас денес не се разликува од она со кое се соочувал Исус Навин. Како да останеме верни на она што ни го кажува Божјата Реч дури и тогаш кога тоа е непопуларно и незгодно така да постапуваме?**

## СРЕЌЕН И УСПЕШЕН

**Прочитајте го текстот Исус Навин 1,7–9 заедно со следново: 1. Мојсеева 24,40; Исаија 53,10; и Псалм 1,1–3. Врз основа на овие текстови, што значи да се биде среќен и успешен?**

---

Еврејскиот израз tsalakh, „среќен“ (Исус Навин 1,8), подразбира задоволително остварување на она што било планирано или состојба на поволни околности.

Изразот saqal, „да се биде мудар“ (Исус Навин 1,8), може да се преведе како „да се напредува“ или „да се биде успешен“. Но тој може да значи и „да се биде разумен“ или „да се постапува мудро“. Тој често се појавува во Книгата на Јов, Мудрите изреки и Псалмите, каде што поимот за успех е тесно поврзан со мудрото постапување врз основа на стравот Господов и послушноста кон Неговата Реч.

Според ова сознание, успехот не е нужно дефиниран како материјална благосостојба, иако ова не е исклучено. Успехот мора да се согледа како состојба на усогласеност со духовните вредности и принципи што лежат во темелите на Божјиот создаден свет и се изразени во Неговиот закон.

Навистина, довербата во Божјите ветувања, особено во ветувањето за спасение само преку вера, и послушноста кон Неговиот закон не се спротивставени едно со друго. Тие претставуваат две страни од иста паричка.

**Прочитајте го стихот Римјаните 3,31. Што ни кажува тој за односот меѓу законот и верата?**

---

---

Да се стави верата во Исусовата помирителна и жртвена смрт за нас со послушноста во спротивставен однос кон Божјиот закон, значи да се воспостави лажна и опасна дихотомија (поделеност). Законот и благодатта секогаш одат заедно. Само површното разбирање на улогата на законот може да доведе до тоа „законот“ и „благодатта“ да се сфатат како спротивности.

Старозаветните писатели длабоко го почитувале законот и го сметале за извор на блаженство (Псалм 1,2; Псалм 119,70.77.174). Правилно сфатен и применет, законот нѐ води кон подлабоко разбирање на нашата сопствена грешност (Римјаните 7,7) и нашата потреба за Христовата праведност (Галатјаните 3,24).

**Колку напорно сами да се трудите, со Божјата благодат, да го држите Неговиот закон, како, врз основа на сопственото искуство, сте ја увиделе својата потреба за Христовата праведност која покрива?**

# ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Патријарси и пророци* од Елена Г. Вајт прочитајте го поглавјето со наслов „Премин низ реката Јордан“, стр. 481, 482 оригинал. Ако сте во можност, прочитајте го и поглавјето во „Сторијата за откупувањето“ со наслов „Влегување во ветената земја“, стр. 175.

„Во своите ветувања и опомени Исус мисли на мене. Бог толку го сака светот, што го дал и својот единороден Син, за јас, верувајќи во него, да не загинам, туку да имам живот вечен. Искуствата врзани за Божјата реч мора да бидат мои искуства. Молитвата и ветувањата, правилата и опомените се мои... Кога верата така ќе ги прими и ќе ги усвои начелата на вистината, таа ќе стане дел на суштеството и движечка сила на животот. Божјата реч, прифатена во душата, ги обликува мислите и учествува во развитокот на карактерот“ (Елена Г. Вајт, Копнежот на вековите, стр . 390, 391 оригинал).

„Не постои тема со која мораме посериозно да се занимаваме, која мора почесто да ја повторуваме и посилно да ја утврдуваме во умот на сите луѓе, од темата за невозможноста на паднатиот човек да заслужи што било, дури и со најдобрите од своите добри дела. Ние се спасуваме само преку вера во Исуса Христа“ (Елена Г. Вајт, Вера и дела, стр. 19 оригинал).

## ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Колку и да се разликувале околностите и искуствата на Исус Навин од нашите, кои духовни принципи можеме да ги преземеме од неговиот живот за да ги примениме во нашиот живот? Зошто, сепак, секогаш мора да го земаме предвид контекстот, кога се обидуваме да извлечеме некои сличности?**
2. **Разговарајте за односот меѓу Божјите ветувања и нашата послушност кон Него. Како тие заемно се надополнуваат? Какви опасности постојат од пренагласувањето на едното на сметка на другото? Односно, каква опасност произлегува од наметнување на законот по цена да се изгуби од вид благодатта? Или од наметнување на благодатта по цена да се изгуби од вид законот?**
3. **Врз основа на лекцијата од оваа седмица, како би го дефинирале успехот од библиска перспектива? Какво место имаат напредокот и благосостојбата во христијанската дефиниција за успехот?**
4. **Замислете како мора да се чувствувал Исус Навин кога бил повикан да го замени Мојсеј. Кое ветување му го дал Бог, кое сигурно му помогнало да се одржи (видете Исус Навин 1,5) додека се справувал со своите огромни одговорности?**

**Лекција 2**
**Од 4 до 10 октомври 2025**

# ИЗНЕНАДЕНИ ОД БЛАГОДАТТА



**ПРОУЧЕТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Исус Навин 2,1–21; 4. Мојсеева 14,1–12; Евреите 11,31; 2. Мојсеева 12,13; Исус Навин 9; Неемија 7,25.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Со вера блудницата Раав не загина заедно со неверниците откако благонаклоно ги прими извидувачите и ги изведе по друг пат“ (Евреите 11,31).**

„Зошто го направив тоа повторно?“ Секој од нас веројатно ги изговорил овие зборови во одреден момент. Впрочем, не само што историјата се повторува, туку се повторува и однесувањето на човештвото воопшто, а и на секој од нас поединечно. Колку често ги повторуваме истите грешки!

Израел имал втора шанса да влезе во Ветената земја, и Исус Навин сериозно ја сфатил таа мисија. Првиот чекор бил да стекнат јасна претстава за тоа со што се соочуваат. Затоа испратил двајца согледувачи да му донесат вредни информации за таа земја: за нејзиниот систем на одбрана, за воената подготвеност, снабдувањето со вода и ставот на населението кон освојувачките сили.

Некој би помислил дека Божјото ветување да им ја даде земјата на Израелците исклучува каков било напор од нивна страна. Меѓутоа, сигурноста во божествената поддршка не ја поништува/отфла човечката одговорност. Израел стоел на границата на Ханаан по втор пат. Очекувањата биле големи, но претходниот пат кога Израел стоел на таа граница и имал иста задача, тоа се завршило со ужасен неуспех.

Оваа седмица ќе разгледаме два од најфасцинантните настани од Книгата на Исус Навин и ќе откриеме какво е нивното значење за нашата вера денес. Божјата благодат има бесконечни изненадувачки можности.

## ВТОРА ШАНСА

**Прочитајте го стихот Исус Навин 2,1, заедно со 4. Мојсеева 13,1.2.25–28.33 и 4. Мојсеева 14,1–12. Зошто Исус Навин ја започнал својата мисија за освојување на Ветената земја со испраќање согледувачи?**

---

Местото од каде што биле испратени двајцата согледувачи, Акација Гроув, во еврејскиот текст се нарекува Ситим и нè потсетува на две негативни епизоди од израелската историја.

Првата е исто така една сторија за согледувачи (видете 4. Мојсеева 13) каде што се претставени исти суштински елементи: испраќање на согледувачи; нивното тајно навлегување на непријателска територија; нивно враќање; извештај за нивните сознанија и одлука да се дејствува врз основа на тие извештаи.

Вториот настан во Ситим претставува еден од најпркосните идолопоклонички кршења на заветот од страна на Израелците, кога, на наговор на Валаам, тие се впуштиле во разврат со моавските жени и ги обожавале нивните богови (4. Мојсеева 25,1.3; 4. Мојсеева 31,16). Во овој контекст, името Ситим предизвикува огромно чувство на непријатност околу исходот од целата сторија. Дали тоа ќе биде уште еден неуспех на границата на Ветената земја? Или ќе доведе до долгоочекуваното исполнување на прастарото ветување?

**Прочитајте ги текстовите Јован 18,16–18.25–27 и Јован 21,15–19. Какви паралели откривате меѓу втората шанса дадена на Израел како народ и на Петар како поединец?**

---

Бог е Бог на втори шанси (и повеќе од тоа!). Вторите шанси (и повеќе од тоа!) Библијата ги нарекува „благодат“. Благодатта е едноставно примање на она што не го заслужуваме. Концептот на благодат е обилно присутен во библиското учење (споредете со Римјаните 5,2; Ефесјаните 2,8; Римјаните 11,6). Бог на сите милостиво им нуди можност за нов почеток (Тит 2,11–14). Петар лично ја искусил оваа благодат и ја поттикнувал црквата да расте во благодатта (2. Петрово 3,18). И таа вест е уште подобра: добиваме многу повеќе од втора шанса, зар не? (Зашто, каде би биле кога не би било така?)

**Размислете за искуството на Израелците кога им била дадена втора шанса да влезат во Ханан, и за благодатта што му била укажана на Петар откако се одрекол од својот Господ. Што треба да нè научат овие настани за тоа како ние треба да им покажеме милост на оние на кои им е потребна?**

## ВРЕДНОСТ ТАМУ КАДЕ ШТО НЕ ЈА ОЧЕКУВАМЕ

**Прочитајте ги текстовите Исус Навин 2,2–11, Евреите 11,31 и Јаков 2,25. Што ни кажуваат овие текстови за Раав (Рава)?**

---

Централно место во сторијата за Раав претставува лагата што таа ја кажала за да ги заштити согледувачите. Кога размислуваме за таа нејзина лага, мора да имаме предвид дека Раав била дел од едно мошне грешно општество, што на крајот довело до Божјата одлука да ги осуди (1. Мојсеева 15,16; 5. Мојсеева 9,5; 3. Мојсеева 18,25–28). Иако е точно дека Новиот завет ја пофалува нејзината вера, внимателната анализа на новозаветните извештаи за постапките на Раав открива дека никаде во врска со неа не е сè одобрено, ниту нејзината лага не се оправдува.

Стихот Евреите 11,31 зборува позитивно за верата што таа ја покажала кога својата судбина ја врзала за тие согледувачи, наместо да се држи до сопствената расипана култура. Стихот Јаков 2,25 ја пофалува нејзината понуда да ги угости двајцата израелски согледувачи, како и тоа што ги упатила како да се вратат по безбеден пат. Среде една морално падната, расипана култура и сопствениот грешен начин на живот на Раав, Бог во својата благодат видел искра на вера преку која успеал да ја спаси. Бог го искористил она што било добро кај Раав – а тоа е нејзината отворена вера во Него и нејзината одлука да му припаѓа на Неговиот народ – но никогаш не го пофалил сето она што го правела. Бог укажал почит кон Раав за нејзината извонредна храброст и бестрашна вера, за тоа што послужила како посредник при спасувањето и за тоа што го избрала Него – израелскиот Бог.

Откако видела што се случува, таа изјавила: „Зашто Господ, вашиот Бог, е Бог на небото и на земјата долу“ (Исус Навин 2,11). Значајно е да се чуе како една Хананка признава дека Јахве е единствениот Бог, и тоа на покрив, каде што, во нејзината паганска религија, молитвите обично биле упатувани до оние коишто тие ги сметале за небесни божества.

Овој израз што Раав го употребила претходно, се наоѓа само во контекст на Божјото исклучиво право да прима обожавање (2. Мојсеева 20,4; 5. Мојсеева 4,39; 5. Мојсеева 5,8). Нејзините зборови сведочат за однапред промислена и свесна одлука да го признае израелскиот Бог како единствено вистинско Божество. Нејзиното признавање покажува дека таа ја разбирала тесната поврзаност меѓу Божјиот суверенитет и судот под кој Ерихон бил осуден на пропаст.

Нејзиниот морален избор бил резултат на согледувањето дека, во светлината на судот на Јахве, постојат само две можности: да се продолжи со бунт против Него и да се биде уништен, или да му се предаде со вера. Избирајќи го израелскиот Бог, Раав станала пример кој покажува каква можела да биде судбината на сите жители на Ерихон доколку се обрателе кон израелскиот Бог за милост.

**Како овој настан нè учи дека нашата крајна преданост мора да му припаѓа на Бога?**

## НОВА ВЕРНОСТ

**Прочитајте ги текстовите Исус Навин 2,12–21 и 2. Мојсеева 12,13.22.23. Како стиховите од 2. Мојсеева ни помагаат да ја разбереме спогодбата меѓу согледувачите и Раав?**

---

Спогодбата на Раав е многу јасна: живот за живот и љубезност за љубезност. Зборот „chesed“ (Исус Навин 2,12), „љубезна добрина“, има богато значење кое е тешко да се изрази со еден збор на други јазици. Таа се однесува првенствено на заветната преданост, но ги содржи и поимите на верност, милост, добродетел и љубезност.

Зборовите на Раав исто така потсетуваат на стихот 5. Мојсеева 7,12, во кое самиот Јахве се заколнува дека ќе го одржи својот „хесед“ кон Израел. „И ако ги слушате сите овие закони и ги пазите и исполнувате, Господ, твојот Бог, ќе го пази заветот и милоста (chesed) кон тебе, како што им се заколна Тој на вашите предци“ (5. Мојсеева 7,12).

Интересно е што истата глава (5. Мојсеева 7) прогласува забрана (cherem) за воспоставување пријателство со Хананците. А овде ја имаме Раав, жена Хананка која е под забрана, а сепак таа, врз основа на својата нова вера, полага право на ветувањата дадени на Израелците. И како резултат на тоа, таа е спасена.

Првата слика што неизбежно ни паѓа на ум во врска со разговорот што согледувачите го воделе со Раав е Пасха пред излегувањето од Египет. Во таа пригода, за да бидат заштитени, Израелците морале да останат внатре во своите домови и да ги обележат довратниците и надвратниците на своите куќи со крвта на жртвено јагне.

„А крвта ќе ви биде знак на куќите, во кои ќе бидете: и кога ќе видам крв, ќе ве одминам, па нема да има меѓу вас помор, кога ќе ја казнам египетската земја“ (2. Мојсеева 12,13; видете и 2. Мојсеева 12,22.23).

„Својата вера народот морал да ја потврди со послушност. Така и сите што се надеваат на спасение врз основа на заслугите на Христовата крв, треба да знаат дека и тие сами мора нешто да преземат за своето лично спасение. Иако само Христос може да нè спаси од казната за сторените престапи, наше е да се свртиме од гревот кон послушност. Човекот се спасува со вера, а не со делата; но својата вера човекот сепак мора да ја докаже со дела“ (Елена Г. Вајт, Патријарси и пророци“, стр. 279 ориг.).

Во тој случај, крвта била знак што ги спасил од Божјиот ангел уништувач. Исто како што Бог ги поштедил животите на Израелците за време на последното зло во Египет, така и Израелците требало да ги поштедат Раав и нејзиното семејство кога ќе дојде до уништување на Ерихон.

**Каква моќна евангелска порака можеме да најдеме во овие два извештаи? Кои евангелски поуки можеме да ги извлечеме од нив?**

## СПРОТИВСТАВЕНИ ВРЕДНОСТИ

**Прочитајте го текстот Исус Навин 9,1–20. Кои се сличностите и разликите меѓу сторијата за Раав и онаа за Гаваонците? Зошто се тие значајни?**

---

Оваа глава од книгата на Исус Навин започнува со тоа што нѐ известува дека петмина ханански владетели, кои претежно владееле со мали градови-држави, решиле да склучат сојуз против Израелците. Спротивно на тоа, жителите на Гаваон решиле да склучат сојуз со Израел.

За да ги измамат Израелците да склучат сојуз со нив, Гаваонците се послужиле со приказна дека се пратеници од далечна земја. Според 5. Мојсеева 20,10–18, Бог направил разлика меѓу Хананците и народите што живееле надвор од Ветената земја.

Зборот преведен како „итрина“ или „лукавост“ може да се употреби во позитивна смисла, кога означува разумност и мудрост (Мудри изреки 1,4;  Мудри изреки 8,5.12), или во негативна смисла, што подразбира злосторничка намера (2. Мојсеева 21,14; 1 Самоилова 23,22; Псалм 83,3). Во случајот на Гаваонците, зад нивната предавничка постапка се крие помалку деструктивна намера за самоодржување.

Зборовите на Гаваонците се впечатливо слични на зборовите на Раав. И едните и другите ја признаваат моќта на израелскиот Бог и дека успехот на Израел не е чисто човечки подвиг. Наспроти другите Хананејци, тие не се бунат против планот на Јахве да им ја даде таа земја на Израелците, и признаваат дека сам Господ ги истерува овие народи пред Израел. Веста за нивното избавување од Египет и нивните победи над Сион и Ог, ги поттикнале и Раав и Гаваонците да бараат сојуз со Израелците. Но, наместо да изразат готовност да му се предадат на израелскиот Бог, како што направила Раав, Гаваонците прибегнале кон лукавство.

Мојсеевиот закон предвидувал начин да се дознае Божјата волја во вакви случаи (4. Мојсеева 27,16–21). Исус Навин требало да се распраша која е Господовата волја во тој поглед и да ја избегне измамата на Гаваонците.

Основната должност на теократскиот водач, и на кој било христијански водач, е да ја бара Божјата волја (1. Летописи 28,9; 2. Летописи 15,2; 2. Летописи 18,4; 2. Летописи 20,4). Бидејќи тоа го занемариле, Израелците биле принудени или да ги прекршат основните услови за освојување на земјата или да ја прекршат заклетвата што ја дале во Господово име, која подеднакво ги обврзувала.

**Колку често сте се нашле во судир меѓу две навидум спротивставени библиски вредности?**

## НЕОЧЕКУВАНА БЛАГОДАТ

**Прочитајте го текстот Исус Навин 9,21–27. На кој начин решението на Исус Навин ја соединило правдата со благодатта?**

---

Дури и да сакал народот да ги нападнат Гаваонците, немало да им биде дозволено да го сторат тоа поради заклетвата што ја дале водачите на заедницата. Израелските водачи постапувале според принципот дека заклетвата, освен ако не вклучува неправда или злосторничка намера (Судии 11,29–40), била задолжителна, дури и ако била на нивна лична штета.

Во Стариот завет, претпазливоста пред да се положи заклетва, како и држењето на заклетвата, се сметаат за доблести на побожните (Псалм 15,4; Псалм 24,4; Проповедник 5,2.6). Бидејќи заклетвата била дадена во името на Господа, Израилевиот Бог, водачите не можеле да ја повлечат.

Со свечената заклетва што ја положиле нивните водачи, судбината на Израел била нераскинливо поврзана со судбината на Гаваонците. Всушност, преку нивната задача да сечат дрва и да носат вода за Божјиот дом (Исус Навин 9,23), Гаваонците станале составен дел од израелската богослужбена заедница. Одговорот на Исус Навин, за разлика од предлогот на израелските водачи да бидат слуги „за целата заедница“ (Исус Навин 9,21), клетвата ја претворил во потенцијален благослов за Гаваонците (споредете со стихот 2. Самоилова 6,11).

Подоцнежната историја на Гаваон сведочи за високите верски привилегии што ги уживал тој град, како и за нивната преданост кон Божјиот народ. Заклетвата што ја дале тогаш останала на сила со генерации, така што, откако Израелците се вратиле од вавилонското ропство, Гаваонците биле меѓу оние што помагале во обновата на Ерусалим (Неемија 7,25). Нивните дела ќе имаат позитивни последици за цела вечност, но само благодарение на Божјата благодат.

Што можело да се случи кога Гаваонците не би го скриле својот идентитет и едноставно да побарале милост како што направила Раав? Не знаеме, но не можеме да ја исклучиме можноста дека, дури и да била побарана Божјата волја, ова можело да доведе до тоа Гаваонците да бидат поштедени од уништување. Крајната цел на Бога не е да ги казни грешниците, туку да ги доведе до покајание и да им ја укаже Својата милост (споредете со стиховите Езекиел 18,23 и Езекиел 33,11). Измамата на Гаваонците мора да се разбере како повикување на Божјата милост, на Неговиот љубезен и праведен карактер полн со љубов. Зашто, токму затоа што Хананците одбивале да се покаат и се противеле на Божјите намери, довело до одлуката за нивно уништување (1. Мојсеева 15,16). Бог покажал дека го цени тоа што Гаваонците ја признале Неговата врховна власт, тоа што повеќе сакале мир отколку бунт, и нивната готовност да се откажат од идолопоклонството и да му се поклонат на единствениот вистински Бог.

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата „Патријарси и пророци“ од Елена Г. Вајт, прочитајте го поглавјето со наслов „Премин низ реката Јордан“, стр. 482, 483 (ориг.).

По оваа сторија за Раав и за согледувачите, таа не се споменува во остатокот од Стариот завет, а повторно се појавува дури во Исусовиот родослов. Се спомнува дека таа станала жена на Салмон од Јудиното племе, предок (татко) на Вооз и свекрва на друга извонредна жена споменатa во истиот родослов, Рута (Матеј 1,5; споредете со стиховите Рута 4,13.21). Благодарение на нејзината вера во Бога, оваа проститутка од Ерихон, осудена на целосно уништување, станува значајна алка во Давидовата царска лоза и прародителка на Месија. Тоа е она што Бог може да го оствари врз основа на нашата вера, дури и ако таа не е поголема од синапово семе (Матеј 17,20; Лука 17,6).

„Нејзиното обратување не претставувало осамен пример на Божјата милост кон идолопоклониците кои ја признале Неговата божествена власт. Среде земјата еден броен народ - Гаваонци - го отфрлиле незнабоштвото, се соединиле со Израел и добиле дел од благословите на заветот.

Бог не признава никаква разлика по однос на народност, раса или боја. Тој е Творец на целиот човечки род. Сите луѓе му припаѓаат на едно семејство според создавањето и сите стануваат едно преку откупувањето. Христос дошол да ги разурне сите ѕидови што ги раздвојуваат луѓето, да ги отвори сите одделенија на храмот за секоја душа да може да има слободен пристап до Бога. Неговата љубов е толку широка, толку длабока и потполна што проникнува насекаде. Таа ги спасува заблудените од измамите на сатаната и ги доведува во близина на Божјиот престол, кој е окружен со виножитото на ветувањето. Во Христа нема ниту Грк ниту Евреин, ниту слободен човек ниту роб“ (Елена Г. Вајт, Пророци и цареви, стр. 369, 370 ориг.).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Разговарајте за целото ова прашање за „вторите шанси“ (и повеќе од тоа) и за тоа како да им ги пружиме на другите. Како, во исто време, да внимаваме да не го злоупотребиме тој концепт? Размислете, на пример, за некоја жена која се наоѓа во врска во која трпи насилство, и на која ѝ се дава совет упорно да му се враќа на својот партнер („благодат“), само за насилството, во некои случаи, да продолжи? Како да ја пронајдеме вистинската рамнотежа во ова?**

**2. Разговарајте за Раав како пример на верата. Како можеме да научиме да ја цениме отвореноста на луѓето за Бога, дури и кога нивниот начин на живот е далеку од библиските идеали? Како е можно да ја цениме нивната вера, а во исто време да не одобруваме некои од нивните навики?**

**3. Исус Навин успеал да ги соедини правдата и благодатта на практичен начин за да ја реши непријатната ситуација предизвикана од измамата на Гаваонците и неговото занемарување да се посоветува со Господа. Сетете се на некоја ситуација во вашиот живот која барала и правда и милост. На кои практични начини можете да ги споите и двете?**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**Лекција 3**
**Од 11 до 17 октомври 2025**

# СПОМЕНИЦИ НА БЛАГОДАТТА



**ПРОУЧЕТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Исус Навин 3; 4. Мојсеева 14,44; Лука 18,18–27; Исус Навин 4; Јован 14,26; Евреите 4,8–11.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Зашто Господ, вашиот Бог, ги исуши водите на Јордан за вас, додека да го преминете, исто онака, како што Господ, вашиот Бог, го направи со Црвеното Море, кое го исуши пред нас, додека го преминувавме за да видат сите народи на земјата дека раката Господова е силна, и да Го почитувате Господа, вашиот Бог, секогаш“ (Исус Навин 4,23.24).**

Полицискиот службеник дал знак и Џон морал да застане. Потоа му побарал возачка дозвола, и за миг Џон се сетил дека го оставил паричникот, заедно со возачката дозвола, во канцеларијата. Му објаснил што се случило, а службеникот го прашал со што се занимава. Тој одговорил дека е професор. Додека му ја давал сметката со износот што требал да го плати, службеникот му рекол дека не го смета тоа за казна.

„Тоа е школарина“, му рекол тој. „Луѓето плаќаат школарина кога сакаат да научат нешто. Тоа е вашата школарина за да научите да не ја заборавате возачката дозвола. Пријатен ден, професоре!“

Како човечки суштества, склони сме да го заборавме она што не ни е постојано пред очи. Заборавме да возвратиме на телефонски повици, да одговориме на е-пошта, да ги полееме цвеќињата, да честитаме родендени и така натаму. Листата би можела да продолжи. Меѓутоа, заборавањето на нашите духовни потреби може да има посериозни последици отколку само прекршок, особено затоа што станува збор за нешто што е, буквално, наша вечна судбина.

Ајде да го проучиме преминувањето на Евреите преку реката Јордан и да видиме што можеме да научиме од нивното искуство.

## ПРЕМИНУВАЊЕТО НА ЈОРДАН

**Прочитајте ги Исус Навин 3,1–5 и 4. Мојсеева 14,41–44. Зошто Бог барал од Израелците да направат посебни подготовки за она што требало да се случи?**

---

Ова е прв пат ковчегот на заветот да се спомене во книгата на Исус Навин. До овој момент во старозаветниот наратив, ковчегот се појавувал во контекст на светилиштето (2. Мојсеева 40,21); за време на патувањето на Израел од Синај (4. Мојсеева 10,33–36); и за време на неуспешниот обид да го освојат Ханан (4. Мојсеева 14,44). Тој бил најсветото парче мебел во светилиштето на Израел и содржел три предмети, од кои секој го изразувал посебниот однос на Израел со Бога: (1) плочите со Десетте заповеди; (2) палката на Арон, првосвештеникот; и (3) садот со мана (2. Мојсеева 16,33; Евреите 9,4).

Ковчегот и подготовките за преминување преку Јордан ги потсетиле Израелците дека не влегуваат во Ханан на свој начин и во свое време. Освојувањето ќе биде успешно само ако го следат Божјиот начин и Неговото време. Бог – кој е опишан како Оној што седи на престол над херувими кои го засенуваат ковчегот на заветот (2. Мојсеева 25,22; 4. Мојсеева 7,89), и чие движење е поистоветено со движењето на ковчегот – влегол во Ханан на чело на Израелците како Оној што го предводи освојувањето.

Изразот преведен со „осветува“ (Исус Навин 3,5) или „посветува“ се однесува на процес на очистување сличен на оној што го следеле свештениците пред да започнат со своите служби во светилиштето (2. Мојсеева 28,41; 2. Мојсеева 29,1) и кој израелскиот народ го спровел пред Божјото откровение на Синај (2. Мојсеева 19,10.14). Ова посветување опфаќало отфрлање на гревот и отстранување на сета ритуална нечистота. Истата заповед се појавува во 4. Мојсеева 11,18, во врска со претстојното Божјо чудо. Таква подготовка била потребна и пред битките што се воделе во војна (5. Мојсеева 23,14). За Бог да се бори за Израел во битка, тие морале да ја покажат својата преданост кон Него и нивната доверба во Него како нивен Заповедник.

Чудото при преминувањето на Јордан требало да им докаже на Израелците дека може да веруваат во Господовото ветување дека ќе ги истера тие народи од земјата. Оној што можел да се погрижи тие да го преминат Јордан по сува земја, можел да им ја даде и земјата како дар.

**Бог не секогаш го разделува Јордан. Неговите интервенции не се секогаш толку очигледни. Како можеме, според ваше мислење, да развиеме духовна подготвеност да ги доживееме и препознаеме Божјите интервенции во наша полза?**

## ЖИВИОТ БОГ – БОГ НА ЧУДАТА

**Прочитајте го текстот Исус Навин 3,6–17. Што ни кажува чудесното преминување преку Јордан за природата на Бога на кого му служиме?**

Преминувањето на реката Јордан е опишано во Исус Навин 3,5 со еврејскиот збор niphla'ot, „чуда“ кои обично се однесуваат на моќните натприродни Божји дела и ја покажува Неговата единственост (Псалм 72,18; Псалм 86,10). Подоцна, Израелците размислувале за овие дела и, како резултат на тоа, го славеле Господа (Псалм 9,1) и зборувале за Него меѓу народите (Псалм 96,3). Злата во Египет (2. Мојсеева 3,20; Михеј 7,15), преминувањето на Црвеното Море и Божјото водство во пустината (Псалм 78,12–16), исто така биле раскажувани како такви чуда.

Писателите на Библијата биле свесни и сведочеле за фактот дека Бог, кој го создал овој свет, никогаш не бил ограничен ниту попречуван во Своето создавање. За Него ништо не е невозможно (еврејски: „премногу чудесно“) да го оствари (Еремија 32,17). Неговото име и Неговата природа се чудесни (Судии 13,18), и Тој ја надминува нашата моќ на сфаќање.

За разлика од боговите на другите народи, кои не можат да спасат (Псалм 96,5; Исаија 44,8), Бог на Библијата е „жив Бог“, присутен и активен, а Неговите следбеници можат да имаат доверба во Него додека ги исчекуваат Неговите интервенции во нивна полза.

Пророкот Захарија го користел истиот израз (од истиот корен како niphla’ot) кога ја добил визијата за иднината на Израел по вавилонското прогонство. Тој видел дека Ерусалим ќе биде целосно обновен, дека стари луѓе ќе седат на улиците на градот и дека мали девојчиња и момчиња ќе си играат во него. На донекаде скептичните жители на таа престолнина, која сè уште ги носела трагите од своето разорување, Захарија им изјавил: „Вака вели Господ Саваот: ‘Ако во очите на другите им биде чудно во тие дни, зар ќе биде тоа чудно и во очите Мои?’ – вели Господ Саваот. Вака вели Господ Саваот: ‘Ете, Јас ќе го спасам Својот народ од источната земја и од западната; ќе ги доведам, и тие ќе живеат во Ерусалим и ќе бидат Мој народ, и Јас ќе им бидам нивни Бог, во верност и во правда’“ (Захарија 8,6-8).

**Прочитајте го текстот Лука 18,18–27. Како одговорот на Исус што им го дал на своите ученици ве охрабрува да му верувате на Бога дури и во она што изгледа невозможно?**

## СЕЌАВАЈТЕ СЕ

**Прочитајте го текстот Исус Навин 4. Зошто Бог барал од Израелците да подигнат споменик?**

---

Намената на тие камења била да станат „знак“. Еврејскиот израз ’ot често се поврзува со зборот „чудо“ и може да се однесува на Божјите чудесни дела (видете го проучувањето од вчера), како што се злата над Египет (2. Мојсеева 7,3; 5. Мојсеева 4,34). Тој, исто така, може да има значење на „симбол“ или „ознака“, како надворешен знак на подлабока или трансцендентна реалност. На пример, виножитото е „знак“ на заветот (1. Мојсеева 9,12.13); крвта на довратниците и надвратниците на израелските куќи се нарекуваат „знак“ (2. Мојсеева 12,13); и најважно, саботата е „знак“ на создавањето и на Божјето посветувачко присуство (2. Мојсеева 31,13.17; Езекиел 20,12).

Тука тој знак има улога на споменик кој ги потсетува сите следни генерации на чудото од преминувањето преку Јордан. Зборот за споменик (zikkaron) доаѓа од зборот zakar, „помни, се сеќава“, кој означува повеќе отколку само пасивен чин на сеќавање на нешто. Тоа подразбира помнење проследено со соодветно дејство (5. Мојсеева 5,15; 5. Мојсеева 8,2). Подигнувањето камени споменици (1. Мојсеева 28,18–22) и воспоставувањето ритуали што покренувале прашања (2. Мојсеева 12,26.27; 5. Мојсеева 6,20–25) било вообичаено во Стариот завет. Наместо секогаш одново да повторува чуда, Бог поставува споменици што пробудуваат спомени на Неговите големи дела и ги поттикнуваат луѓето да одговорат на нив на соодветен начин. Според тоа, знакот требало да остане таму „засекогаш“, што укажува на потребата ова чудо на Господа засекогаш да се зачува во колективното сеќавање на Неговиот народ.

Можното прашање што ќе го постават идните генерации е значајно бидејќи е формулирано на личен начин: „Што значат овие камења за вас?“ Секоја нова генерација мора да го разбере и усвои значењето на овие камења за себе лично. Верата во Бог кој прави чуда може да се одржи жива само ако секоја генерација повторно го открие значењето на моќните дела на Јахве во нивна корист. Таквата вера ќе направи голема разлика меѓу верното спроведување на обичаите засновани на Библијата и мртвата религија на генерацијата, традиционализам кој е лишен од својата вистинска вредност и првобитна ревност. На крајот на краиштата, ние мора сами за себе да ја усвоиме верата заснована на Библијата. Никој не може да верува наместо нас, а особено не нашите предци.

**Кои споменици и лични спомени од вашето лично одење со Господа ви помагаат да се сеќавате на она што Тој го направил за вас?**

## ЗАБОРАВНОСТ

**Прочитајте го текстот Исус Навин 4,20–24 во светлината на следните стихови: Судии 3,7; Судии 8,34; Псалм 78,11; 5. Мојсеева 8,2.18; Псалм 45,17. Зошто било толку важно да се сеќаваат на моќните Господови дела?**

---

---

Забележете ја промената на лицето во стихот Исус Навин 4,23. За водите на Јордан се вели дека пресушиле пред „вас“, односно пред Израелците кои го преминале Јордан. За разлика од тоа, за Црвеното Море се вели дека било исушено пред „нас“, оние кои сè уште се присутни од првата генерација што го доживеала Излезот. Овие два настана што ги доживеале две различни генерации, биле слични по значење, што ѝ овозможило на втората генерација, врз основа на сведоштвото на своите родители, да го пронајде истото значење сама за себе при преминувањето на Јордан.

Општо земено, заборавноста ја доживуваме како нормална особина на сите човечки суштества. Меѓутоа, заборавноста во духовна смисла може да доведе до сериозни последици.

Дури и денес, ако сакаме да го зачуваме нашиот идентитет како народ кој има посебен повик и мисија, ќе мора да создадеме можности за освежување како на поединечното така и на колективното духовно помнење, за да можеме прашањата како што се – кои сме, од каде доаѓаме и зошто сме тука – да ги задржиме во центарот на вниманието.

**Прочитајте 1. Коринќаните 11,24.25 и Јован 14,26. Зошто секогаш мора да имаме на ум што Христос направил за нас? Што друго е навистина важно ако тоа го нема?**

---

---

Елена Г. Вајт јасно разбрала дека, ако не ја следиме секогаш светлината што ни ја пружаат Божјите дела и откровенија од минатото, сигурно ќе ја изгубиме мотивацијата да ја спроведеме нашата мисија во иднина: „Немаме од што да се плашиме за иднината, освен ако не заборавиме како нè водел и што нè научил Господ во минатото“ (Елена Г. Вајт, Life Sketches, стр. 196).

**Иако е важно да се сеќаваме на минатото и начините на кои Господ дејствувал во нашиот живот, зошто мора да имаме живо искуство со Него од ден во ден и да ја доживуваме реалноста на Неговата љубов и Неговото присуство во сегашниот момент?**

# ПРЕКУ ЈОРДАН

„Тој го претвори морето во суво; преку река минаа со нозе; таму се зарадувавме во Него“ (Псалм 66,6).

И двата настана, преминувањето преку Црвеното Море и преминувањето преку Јордан, претставуваат видливи знаци кои го означуваат почетокот на нова ера во библиската историја, и двата носат симболичко значење (видете Псалм 66,6; Псалм 114,1–7; и 2. Царевите 2,6-15). Уште во Стариот завет постојат текстови што ги поврзуваат овие две преминувања и го препознаваат нивното значење што ги надминува првобитните околности. Во стихот Псалм 66,6, псалмистот го слави Божјиот искупителен чин во неговиот живот (Псалм 66,16-19) повикувајќи се на историските примери за преминувањето преку Црвеното Море и Јордан.

Псалм 114, исто така, ги поврзува овие два настана, не затоа што авторот не ја забележал временската разлика меѓу нив, туку поради заедничкото теолошко значење што го имаат овие две преминувања. Според тоа, двата настана се сметаат за нешто што го променува статусот на Израел. Во првиот случај, од ропство до слобода, а во вториот, од номадска безимотност до народност. Во псалмите што ги наведовме, примерите за овие две преминувања ја илустрираат промената на статусот на псалмистот – од насилство, сиромаштија, беспомошност и понижување во сигурност, благосостојба, спасение и достоинство.

Исто така, покрај Јордан се одиграло и „преминувањето“ на пророкот Илија, и тоа во контекст на чудо слично на она што е запишано во книгата на Исус Навин. За Илија, ова преминување донело најзначајна промена на статусот во неговиот живот – тој бил земен на небото. И за Елисеј оваа промена била исто така важна: помошникот на пророкот (1. Царевите 19,21) станал пророк на народот (2. Царевите 2,22).

**Прочитајте Матеј 3,16.17 и Марко 1,9. Како писателите на Новиот завет гледаат на симболичното, духовното значење на реката Јордан?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Земната служба на Исус, како Претставник на Израел, го следи историскиот образец на древниот Израел. Исус поминува низ искуството на „Црвеното Море“ и „Јордан“. Тој е повикан да излезе од Египет по смртниот декрет (Матеј 2,14–16), поминува 40 дена во пустината (Матеј 4,2), што е слично на 40-те години на Израел, и, на преминот од неговиот приватен живот во неговата јавна служба, Тој бил крстен во Јордан (Матеј 3,16.17; Марко 1,9).

Подоцна, текстот Евреите 3 – 4 го препознава симболичното значење на преминувањето преку Јордан и го претставува влегувањето во Ханан како претслика на „одморот на благодатта“ во кој христијаните влегуваат преку вера.

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата Патријарси и пророци од Елена Г. Вајт, прочитајте го поглавјето со наслов „Премин низ реката Јордан“, стр. 483, 484 оригинал.

„Внимателно проучувајте ги искуствата на Израелците на нивното патување во Ханан. Проучете ја 3-та и 4-та глава од Книгата на Исус Навин, каде што е даден извештај за нивната подготовка за преминувањето и за самото преминување преку реката Јордан во Ветената земја. Ние треба да го одржуваме нашето срце и ум во добра форма, освежувајќи го помнењето со лекциите со кои Господ го поучувал Својот древен народ. Тогаш учењата на Неговата реч за нас, како што Тој сакал да бидат и за нив, ќе бидат секогаш интересни и впечатливи“ (Коментари на Елена Г. Вајт, Коментар на Библијата на SDA, том 2, стр. 994).

„Современиот Израел е во поголема опасност да го заборави Бога и да биде наведен во идолопоклонство отколку Божјиот древен народ. Многу идоли се обожаваат дури и од страна на оние кои се претставуваат како такви кои ја почитуваат саботата. Бог особено му наложил на Својот древен народ да се чува од идолопоклонство, бидејќи ако се одвратат од служењето на живиот Бог, Неговото проклетство ќе падне врз нив, додека ако Го сакаат со сето свое срце, душа и сила, Тој изобилно ќе ги благослови 'нивните кошници и нивните ноќви' и ќе ја отстрани болеста од нивната средина“ (Елена Г. Вајт, Сведоштва за Црквата, книга 1, стр. 609).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Разговарајте во вашата класа за чудесното преминување преку Јордан. Како би ги дефинирале чудата? Зошто се чини како Бог да не прави слични чуда денес?**

2. **Кои практични начини можете да ѝ ги предложите на вашата класа за да се спречи духовната заборавеност, како на поединците така и на црквата? Иако е животно важно да имаме активен, динамичен однос со Бога и да не го засноваме нашето христијанско искуство само на моќните искуства од минатото, како сепак можеме да ги искористиме нашите минати искуства како потсетник за тоа како Бог дејствувал во нашиот живот?**

3. **Што мислите, како саботата може, од една страна, да ни помогне да се сетиме на Божјите интервенции во нашиот живот, а од друга, да ни даде претвкус за ветената починка/одмор во Неговото царство? Како саботата укажува не само на она на што треба да се сеќаваме, туку и на она на што можеме да се надеваме во иднина?**

Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица

4. Лекција
Од 18 до 24 октомври 2025

# СУДИРОТ ЗАД СИТЕ СУДИРИ



**ПРОУЧЕТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Исус Навин 5,13–15; Исаија 37,16; Откровение 12,7–9; 5. Мојсеева 32,17; 2. Мојсеева 14,13.14; Исус Навин 6,15–20.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Ни порано ни подоцна немало таков ден како оној, во кој Господ така послушал човечки глас. Зашто Господ војуваше за Израел“ (Исус Навин 10,14).**

Додека ги читаме страниците од Книгата на Исус Навин се соочуваме со агресивни воени походи кои биле водени на Божја заповед, во Божјо име и со Божја помош. Идејата дека Бог стоел зад освојувањето на Ханан ја проникнува книгата на Исус Навин, а изразена е со зборовите на нараторот (Исус Навин 10,10.11), лично со Божјите зборови (Исус Навин 6,2; Исус Навин 8,1), со обраќањата на Исус Навин (Исус Навин 4,23.24; Исус Навин 8,7), со зборовите на Раав (Исус Навин 2,10), согледувачите (Исус Навин 2,24) и на народот (Исус Навин 24,18). Бог тврди дека Тој е поттикнувач на овие насилни судири.

Оваа реалност неизбежно покренува одредени прашања. Како да го разбереме тоа што Божјиот избран народ спроведувал такви потфати во старозаветното време? Како е можно да се усогласи сликата за „воинствен“ Бог со Неговиот карактер полн со љубов (на пр. 2. Мојсеева 34,6; Псалм 86,15; Псалм 103,8; Псалм 108,4) без да се намали веродостојноста, авторитетот и историчноста на Стариот завет?

Оваа и следната седмица ќе го разгледаме тешкото прашање за божествено заповеданите војни во Книгата на Исус Навин и на други места.

# ВОДАЧОТ (ЗАПОВЕДНИКОТ) НА ГОСПОДОВАТА ВОЈСКА

**Прочитајте го текстот Исус Навин 5,13–15. Што кажува овој текст за задницата на освојувањето на Ханан?**

---

---

Израел штотуку ја преминал реката Јордан и стапил на непријателска територија. Тврдината Ерихон стои пред нив со цврсто затворени порти (Исус Навин 6,1). Во тој момент, народот нема јасна претстава за никаква борбена стратегија. Уште повеќе загрижува тоа што Израел имал само праќки, копја и стрели за да нападне град утврден да издржи долготрајна опсада.

На своите прашања во врска со идентитетот на необичниот посетител, Исус Навин добива прилично нејасен одговор: „Не“. Одговорот на тој посетител ја открива Неговата неподготвеност да се вклопи во која било од категориите што ги дефинирал Исус Навин. Со други зборови, вистинското прашање не е дали Тој е на страната на Исус Навин, туку дали Исус Навин е на Негова страна.

**Споредете го текстот Исус Навин 5,14.15 со текстовите 2. Царевите 6,8–17; Неемија 9,6; и Исаија 37,16. Што дознавате овде за идентитетот на водачот на Господовата војска?**

---

---

Иако изразот „водачот на војската Господова“ е единствен за еврејската Библија, комбинацијата на изразите „водачот“ и „војската“ секогаш се однесува на воен водач. Зборот „војска“ во Светото писмо може да се однесува на воени трупи, на ангели или на небесни тела.

Преотелотворениот Христос се појавува пред Исус Навин не само како сојузник, па дури ни како вистински Водач на израелската војска, туку како Водач на невидливата но вистинска војска од ангели вклучени во далеку поголем судир од оној што постоел меѓу Исус Навин и Хананците. Реакцијата на Исус Навин јасно покажува дека разбрал кој е овој Водач (Заповедник). Тој е еднаков на Бога, и Исус Навин паѓа пред Него во знак на длабока почит и обожавање (Исус Навин 5,14; 1. Мојсеева 17,3; 2. Самоилова 9,6; 2. Летописи 20,18). Тој сега е подготвен да прими борбена стратегија за воен поход, којшто е составен дел од многу поголем конфликт во кој е вклучен самиот Господ над војските.

**Каква утеха можеме и треба да извлечеме од сознанието дека „Водачот на Господовата војска“ е на дело во одбрана на својот народ?**

## ВОЈНА НА НЕБОТО

**Исус Навин сфатил дека оваа борба е дел од еден поголем судир. Што знаеме ние за овој судир, во кој е вклучен и самиот Бог? Прочитајте ги следните текстови: Откровение 12,7–9; Исаија 14,12–14; Езекиел 28,11–19; и Даниел 10,12–14.**

---

---

Бог ја населил вселената со одговорни суштества на кои им дал слободна волја, што било предуслов за да можат да сакаат. Тие можат да изберат дали ќе постапуваат во согласност со Божјата волја или спротивно на неа. Еден од најмоќните ангели, Луцифер, се побунил против Бога и повлекол голем број ангели со себе.

Пророците Исаија и Езекиел зборуваат за овој судир, иако некои коментатори се обидуваат да го ограничат значењето на текстот Исаија 14 и Езекиел 28 на вавилонскиот цар и владетелот на градот Тир. Меѓутоа, во библискиот текст постојат јасни назнаки кои укажуваат на трансцендентална реалност. Вавилонскиот цар е прикажан како некој кој е на небото крај Божјиот престол (Исаија 14,12.13), а за тирскиот владетел се вели дека живеел во Едем како херувим засолнувач на Божјата света гора (Езекиел 28,12–15). Ништо од ова не се однесува на владетелите на Вавилон и Тир.

Ниту, пак, може за овие земски владетели да се каже дека биле беспрекорни како „печат на совршенство“. Според тоа, овие особини укажуваат на нешто повеќе од дословните царства Вавилон и Тир.

Исаија изнесува „приказна“ (еврејски: mashal) чие значење го надминува непосредниот историски контекст. Во овој случај, вавилонскиот цар станува олицетворение на бунт, самодоволност и горделивост. Слично на тоа, Езекиел прави разлика меѓу тирскиот кнез (Езекиел 28,2) и тирскиот цар (Езекиел 28,11.12), при што кнезот, врз основа на своето дејствување во земното царство, станува симбол на цар кој дејствува во небесното.

Според текстот Даниел 10,12–14, овие бунтовни небесни суштества го попречуваат исполнувањето на Божјите намери на земјата. Токму во светлината на оваа поврзаност меѓу небото и земјата, мора да го разбереме божественото одобрување на војните што ги водел Израел. Треба да ги препознаеме како земска манифестација на големиот судир меѓу Бога и сатаната и меѓу доброто и злото – а сето тоа, впрочем, води кон целта за обнова на Божјата правда и љубов во овој паднат свет.

**На кои начини ја гледаме реалноста на оваа космичка битка меѓу доброто и злото во светот околу нас и во нашиот сопствен живот?**

## ГОСПОД Е ВОИН

**Прочитајте ги следните текстови: 2. Мојсеева 2,23–25; 2. Мојсеева 12,12.13; и 2. Мојсеева 15,3–11. Што значи тоа дека Бог е воин?**

---

---

За време на нивниот долг престој во Египет, Израелците го заборавиле вистинскиот Бог на своите предци. Како што покажуваат многу епизоди за време на нивните патувања низ пустината, нивното знаење за Аврамовиот, Исаковиот и Јакововиот Бог избледело, а тие во своите религиозни практики внеле пагански елементи (видете 2. Мојсеева 32,1–4). Под угнетување на Египќаните, тие пекале кон Господа (2. Мојсеева 2,23–25), и Господ, во свое време, интервенирал во нивна корист.

Меѓутоа, судирот опишан во првите 12 глави од 2. Мојсеева бил повеќе од едноставна пресметка меѓу Мојсеј и фараонот. Според древната блискоисточна воена идеологија, судирите меѓу народите во крајна линија се сметале за судири меѓу нивните богови. 2. Мојсеева 12,12 објавува дека Господ им судел не само на фараонот, туку и на египетските богови, на тие моќни демони (Левит 17,7; 5. Мојсеева 32,17) кои стоеле зад бруталната сила и неправедниот општествен систем на Египет.

На крајот на краиштата, Бог е во војна со гревот и Тој нема да го трпи овој судир засекогаш (Псалм 24,8; Откровение 19,11; Откровение 20,1–4, 14). Сите паднати ангели, како и човечките суштества кои конечно и непоправливо се поистоветиле со гревот, ќе бидат уништени. Во светлината на сето ова, битките против жителите на земјата мора да се сфатат како претходна фаза од тој судир, кој ќе го достигне својот врв на крстот, а ќе заврши со последниот суд, кога Божјата правда и Неговиот карактер полн со љубов ќе бидат одбранети.

Концептот за целосно уништување на Хананците мора да се разбере во светлината на библискиот поглед на светот, кој го гледа Бога вмешан во космички судир со претставниците на злото во вселената. Она што се доведува во прашање во овој судир е Божјиот углед и карактер (Римјаните 3,4; Откровение 15,3).

Бидејќи гревот влегол во човечкото постоење, никој не може да застане на неутрална почва. Човек мора да биде или на Божја страна или на страната на злото. Според тоа, имајќи ја предвид оваа заднина, искоренувањето на Хананците би требало да се гледа како најава на конечниот суд.

**Реалноста на големата борба ви дозволува да бидете само на една од двете страни. Како знаете на чија страна сте навистина?**

## ГОСПОД ЌЕ СЕ БОРИ ЗА ВАС

**Според стиховите 2. Мојсеева 14,13.14.25, каков бил Божјиот првобитен и идеален план во врска со учеството на Израелците во војна?**

Во тој момент на криза, кога израелскиот народ бил втеран во физички ќорсокак, „Мојсеј му рече на народот: ‘Не плашете се, застанете и ќе видите како Господ ќе ве спаси денес: Египќаните, како што ги гледате денес, нема повеќе никогаш да ги видите довека. Господ ќе се бори за вас, а вие бидете спокојни’“ (2. Мојсеева 14,13.14). Според библискиот наратив, дури и самите Египќани ја разбрале оваа реалност: „Да бегаме од Израелците, зашто Господ се бори за нив против Египќаните!“ (2. Мојсеева 14,25)

Божјата чудесна интервенција во полза на беспомошните Израелци, необучени во воени вештини, станува образец. Излезот од Египет претставувало модел, парадигма, за Божјата интервенција во полза на Израел. Не само што Јахве ја води битката тука, туку од Израел се бара да не се бори (2. Мојсеева 14,14). Бог е воин, иницијативата му припаѓа Нему. Тој ја утврдува стратегијата, ги одредува средствата и го предводи походот. Ако Јахве не се бори за Израел, тие немаат никакви шанси за успех.

Елена Г. Вајт го толкува ова како одраз на фактот дека „Божјата намера не била тие да ја добијат земјата со војна, туку преку покорност и беспоговорна послушност кон Неговите заповеди“ (Ellen G. White, The Signs of the Times, 2. септември 1880 г.). Како и при нивното избавување од Египет, Бог ќе ги води битките за нив. Сѐ што се очекувало од нив, било да стојат мирно и да бидат сведоци на Неговата моќна интервенција.

Историјата покажува дека секогаш кога Израелците имале доволно доверба во Бога, тие не морале да се борат (видете: 2. Царевите 19; 2. Летописи 32; Исаија 37).

Според Божјиот идеален план, Израелците никогаш не требало да се борат за себе. Тоа што Бог им дозволил да учествуваат во војната против Хананците било последица на нивното неверие што го покажале по излегувањето од Египет. Исто како што не морале да кренат ниту еден единствен меч против Египќаните при излегувањето, така нема да биде потребно да се борат ни при освојувањето на Ханан (5. Мојсеева 7,17–19).

**„Кога Израеловите деца не би негодувале против Господа, Тој не би дозволил нивните непријатели да војуваат против нив“ (Ellen G. White, The Story of Redemption, стр. 134). Како негодувањето може да влијае на нашиот живот денес?**

## СЛЕДНА НАЈДОБРА ОПЦИЈА

**Прочитајте 2. Мојсеева 17,7–13 и Исус Навин 6,15–20. Какви сличности наоѓате во овие два воени наративи? По што се разликуваат?**

---

Првиот случај кога Израел се борел по излегувањето од Египет е запишан во 2. Мојсеева 17, каде што Израелците се браnеле од Амаличаните. Израел бил сведок на неограничената моќ што Бог ја покажал, како со тоа што им нанел неволји на Египќаните, така и со тоа што ги водел Израелците кон слобода. Видовме дека Божјиот почетен план за Израел не вклучувал борба против други народи (2. Мојсеева 23,28; 2. Мојсеева 33,2). Но набргу по нивното избавување од Египет, Израелците почнале да негодуваат по патот (2. Мојсеева 17,3), доведувајќи го во прашање дури и Божјото присуство меѓу нив. Токму во тој момент, Амаличаните дошле да се борат против Израел. Ова не било случајно. Бог им дозволил да го нападнат Израел, за народот да научи повторно да Му верува.

Без да ги компромитира своите принципи, Бог се спушта на нивото на кое се наоѓа неговиот народ, постојано повикувајќи го да се вратат на идеалниот план, кој е целосна и безрезервна доверба во божествената интервенција. Всушност, законот за војна (5. Мојсеева 20) бил даден дури по 40-годишното искуство во пустината, кое исто така било предизвикано од неверието на Израел. Новите околности барале нови стратегии, и дури тогаш Бог побарал од Израел целосно да ги уништи Хананците (5. Мојсеева 20,16–18).

Покрај фактот дека војната станала неопходност за Израел, се покажало дека тоа било и тест за нивната преданост кон Јахве. Бог не се откажал од нив, туку им дозволил да бидат сведоци на Неговата сила на тој начин што ќе искусат целосна зависност од Него.

Учеството на Израелците во таа војна е очигледно од заклучокот што го извлекува Исус Навин на крајот од својата книга. Таму се вели дека Хананците се бореле против Израелците (Исус Навин 24,11). Иако уривањето на ерихонските ѕидишта бил резултат на божествено чудо, израелскиот народ морал активно да се вклучи во битката и да се соочи со тврдоглавиот отпор од жителите на градот.

Учеството на Израел во вооружен судир станало начин на кој можеле да развијат безусловна доверба во помошта на Јахве. Сепак, тие постојано биле потсетувани (Исус Навин 7,12.13; Исус Навин 10,8) дека исходот од секоја битка, впрочем, е во Господови раце и дека единствениот начин на кој можеле да влијаат на исходот од воениот судир бил да веруваат или да не веруваат во Господовите ветувања. Изборот бил нивен.

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата „Патријарси и пророци“ од Елена Г. Вајт, прочитајте го поглавјето насловено како „Падот на Ерихон“, стр. 487–493 оригинал.

Кога во вселената избувнал бунт против Божјиот авторитет, Бог можел или да престане да биде она што во суштина, непроменливо и засекогаш Тој е, и водството на целата вселена да му го препушти на едно од Неговите бунтовни суштества, или можел да продолжи да биде свет, праведен, милостив и полн со љубов Татко на сѐ што постои. Библијата ни ја претставува втората слика, што значи дека, во тој случај, судирот помеѓу силите на злото и Неговата сила е неизбежен.

Кога политичките и општественоисториските сили, здружени со хаотичните и бунтовни космички сили, го пројавиле истиот тој пркосен став кон Јахве, Тој, како суверен Господар на вселената, интервенирал. Мотивот на Јахве како воин станува претслика на таа конечна победа, која најпосле ќе го оконча тековниот космички судир меѓу доброто и злото (Откровение 20,8–10). Покрај тоа, светите војни на Израел не само што претставуваат одраз на овој космички судир како во огледало, туку и самите се составен дел од истиот судир, во очекување на Божјиот суд на крајот на времето во сферата на сегашната историја.

„Бог им дал предимство и должност да влезат во земјата кога Тој ќе одреди, но таа дозвола била повлечена поради нивното самоволие и немарност. ... [Божја] намера не била тие таа земја да ја заземат со војна,

туку со строга послушност кон неговите заповеди“ (Елена Г. Вајт, Патријарси и пророци, стр. 392 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Како заднината на космичкиот судир ви помага подобро да разберете зошто Господ му заповедал на Израел да оди во војна?**

**2. Разговарајте во класата за вашиот одговор на прашањето од отсекот за понеделник, во врска со реалноста на големата борба и начинот на кој таа се одвива во светот околу нас. Која е нашата улога во овој судир и како се стремиме да ја исполниме?**

**3. Како можеме да го примениме принципот на мирно стоење и чекање Господ да се избори за нас во нашиот духовен живот?**

**4. Честопати во нашите расправи и повремени несогласувања во црквата ние сакаме да видиме кој е на наша страна. Како треба да го промениме нашиот став во светлината на зборовите во Исус Навин 5,13–15?**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**5. Лекција**
**Од 25 до 31 октомври 2025**

# БОГ СЕ БОРИ ЗА ВАС



**ПРОУЧЕТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Мојсеева 15,16; 3. Мојсеева 18,24–30; 2. Тимотеј 4,1.8; 2. Мојсеева 23,28–30; 5. Мојсеева 20,10.15–18; Исаија 9,6.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И сите тие цареви и земјите нивни Исус ги презеде веднаш, бидејќи Господ, Бог Израелов, му помагаше на Израел“ (Исус Навин 10,42).**

Книгата на Исус Навин содржи некои вознемирувачки сцени. Концептот на божествена или света војна, кој прикажува една група луѓе како да имаат од Бога дадена задача да уништат друга група, покренува некои сериозни прашања.

Прашањето за божествената војна во Стариот завет претставува голем предизвик. Во Стариот завет Бог се појавува како суверен Господар на вселената. Оттука, сè што се случува мора, на некој начин, да биде поврзано со Неговата непосредна или посредна волја. И затоа неизбежно доаѓаме до прашањето: „Како може Бог да дозволи такво нешто?“ Минатата седмица видовме дека и самиот Бог е вклучен во судир кој е многу поголем од која било војна или битка водена во човечката историја, во судир кој го проникнува секој аспект од нашиот живот. Исто така, видовме дека настаните од библиската и световната историја можат да се разберат само во светлината на тој судир.

Оваа седмица продолжуваме да ги испитуваме сложеностите на божествено одобрените војни, ограничувањата и условите на божествената војна, конечната верзија на мир што ја нудат старозаветните пророци и духовните импликации од таквите војни.

## БЕЗЗАКОНИЕТО НА ХАНАНЦИТЕ

**Прочитајте ги следните текстови: 1. Мојсеева 15,16; 3. Мојсеева 18,24–30; 5. Мојсеева 18,9–14; и Ездра 9,11. Што ни кажуваат овие текстови за поширокиот план што Бог го имал кога на Израелците им ја дал хананската земја?**

---

За целосно да разбереме што се подразбира под беззаконие на народите што го населувале Ханан, треба да погледнеме подалеку од Книгата на Исус Навин. Одвратните обичаи на тие луѓе, како што се жртвувањето деца, гатањето, магиите, некромантијата (повикувањето на мртвите) и спиритизмот, ни даваат некакво навестување за ова (5. Мојсеева 18,9–12).

Откривањето на древните угаритски текстови (од Рас Шамра) дава поголем увид во хананската религија и општество, и јасно покажува дека осудата на таа култура не е само разбирлива, туку – според моралните стандарди на Стариот завет – и оправдана.

Хананската религија се темелела на верувањето дека природните појави, кои обезбедувале плодност, биле контролирани од сексуалните односи меѓу боговите и божиците. А бидејќи ја замислувале сексуалната активност на божествата во согласност со нивното изопачено сексуално однесување, тие се вклучувале во најодвратни ритуални сексуални односи за да ги охрабрат боговите и божиците да го прават истото. Овој концепт довел до воспоставување на „света“ проституција, во која машките и женските проститутки учествувале во најужасни оргијастични ритуали, кои биле дел од нивните пеколни религиозни обичаи!

Еден народ не може да се издигне на повисоко морално ниво од божествата на кои им се поклонува. Со оглед како Хананците ги разбирале божествата, не е ни чудо што нивните пеколни религиозни обичаи опфаќале и жртвување деца, против што Библијата посебно предупредува.

Археолошките докази потврдуваат дека жителите на Ханан редовно ги жртвувале своите прворoдени деца на боговите, всушност на демоните на кои им се поклонувале. Пронајдени се мали скелети згмечени во големи садови со заветни натписи, кои сведочат за нивната ужасна и понижувачка религија и за тоа што таа значела за многу од нивните деца.

Според тоа, истребувањето на Хананците не било нешто што се појавило по Божјата одлука да им ја даде земјата Ханан на Израелците. На жителите на Ханан им било дадено време на проба, време на дополнителна милост во кое тие имале можност да го запознаат Бога и Неговиот карактер преку сведочењето на патријарсите кои живееле меѓу нив. Тие имале шанса, но очигледно ја пропуштиле и продолжиле со своите ужасни обичаи, сè додека Господ не ги предал на конечно уништување.

## ВРХОВЕН СУДИЈА

**Прочитајте: 1. Мојсеева 18,25; Псалм 7,11; Псалм 50,6; Псалм 82,1; Псалм 96,10; и 2. Тимотеј 4,1.8. Што кажуваат овие стихови за Божјиот морален карактер? Како Божјата улога како Судија на целата вселена ни помага да го разбереме прашањето за божествената војна?**

Светоста на Божјиот карактер подразбира дека Тој не може да го толерира гревот. Тој е трпелив. Меѓутоа, гревот мора да ги пожнее своите конечни последици, кои водат во смрт (Римјаните 6,23). Јахве објавил војна против гревот, секаде каде го има, без разлика дали во Израел или меѓу Хананците. Израел не станал ништо повеќе посветен со своето учество во светите војни отколку другите народи (5. Мојсеева 9,4.5; 5. Мојсеева 12,29.30), кои понекогаш станувале орудија на судот на Јахве против Неговиот избран народ. За разлика од другите древни блискоисточни народи, Израелците доживувале и обратна света војна, кога Бог не се борел за нив, туку против нив, дозволувајќи им на нивните непријатели да ги угнетуваат (споредете со текстот Исус Навин 7).

Целиот концепт на света војна може да се разбере само ако се набљудува во светлината на Божјото дејствување како судија. Кога се согледуваат на овој начин, освојувачките војни на Израел добиваат сосема поинаков карактер. За разлика од империјалистичките војни кои имаат за цел самовозвишување, и кои биле толку вообичаени во древниот свет (како и денес), израелските војни не се воделе за народот да стекне слава за себе, туку за да ја воспостави Божјата правда и мир во земјата. Според тоа, кога станува збор за сликата за Бога како воин, во срцта на разбирањето на концептот на света војна стои концептот на Божјата власт и суверенитет, кои се, всушност, поставени под знак прашање, исто како и во сликата за Бога како цар и како судија.

Јахве како воин е Оној кој, како судија, се посветува на спроведување, стабилизација и одржување на владеењето на законот кој е одраз на Неговиот карактер. Сликата за Бога како воин, слична на Неговата слика како цар и судија, истакнува дека Јахве нема да толерира бунт против поредокот што го воспоставил. Затоа, може да се каже дека дејствувањето на Јахве никогаш не е војна сама по себе, ниту победа сама по себе, туку обновување на правдата и мирот. На крајот на краиштата, судењето и водењето војна, или воспоставувањето правда, се едно исто ако Бог е вршителот на дејството.

**Замислете го Бога како праведен судија кој не може да биде поткупен или да се влијае на него со пристрасност. Во која смисла Бог, кој нема бесконечно да го толерира гревот, угнетувањето, страдањето на невините и експлоатацијата на угнетените, е составен дел од евангелието?**

## ОДЗЕМАЊЕ ПОСЕД ИЛИ УНИШТУВАЊЕ?

**Споредете ги текстовите: 2. Мојсеева 23,28–30; 2. Мојсеева 33,2; 2. Мојсеева 34,11; 4. Мојсеева 33,52 и 5. Мојсеева 7,20, со текстовите: 2. Мојсеева 34,13; 5. Мојсеева 7,5; 5. Мојсеева 9,3; 5. Мојсеева 12,2.3 и 5. Мојсеева 31,3.4. Што откриваат овие текстови за целта на тоа освојување и размерот на уништувањето?**

______________________________________________

______________________________________________

Првичната Божја цел во врска со Хананците не била нивно целосно уништување, туку одземање на нивниот имот. Испитувањето на пасусите кои го опишуваат начинот на кој Израел требало да биде вклучен во овие освојувачки битки, открива употреба на термини кои се однесуваат на одземање поседи, протерување и раселување на жителите на Ветената земја. Втората група термини кои го опишуваат уништувањето, со Израел како извршител на дејството, се однесува главно на неживи предмети, како што се објекти на паганско богослужение и предмети наменети за уништување. Очигледно е дека паганските места за богослужение и олтарите претставувале главни центри на хананската религија.

Светата војна првенствено била насочена против расипаната култура и општество на Ханан. За да се избегне скврнавење, Израел морал да ги уништи сите елементи коишто ширеле расипаност. Меѓутоа, сите жители на Ханаан, и оние кои, како поединци, би го признале Божјиот суверенитет пред освојувањето, па дури и за време на освојувањето, би имале можност да се избават на тој начин што би се иселиле (Исус Навин 2,9–14; споредете со текстот Судии 1,24–26). Единствениот дел од хананското население кој бил осуден на уништување, биле оние кои се повлекле во утврдените градови, ги закоравиле своите срца и тврдоглаво продолжиле со својот бунт против Божјиот план за Израелците (Исус Навин 11,19.20).

Меѓутоа, ова го поттикнува прашањето: Ако првична цел на освојувањето на Ханан била да се протераат жителите на земјата, а не да се истребат, зошто Израелците морале да убијат толку многу луѓе?

Анализата на библиските текстови во врска со освојувањето на Ханан открива дека првобитната намера на освојувањето била да се расее хананското население. Сепак, повеќето Хананејци, како и египетскиот фараон, станале закоравени во срцето. Како такви, тие се поистоветиле со својата култура до таа мера што уништувањето на нивната култура значело дека и самите тие мора да бидат уништени.

**Кои елементи од вашиот карактер и навики мора да ги искорените и целосно да ги уништите?**

## СЛОБОДЕН ИЗБОР

**Прочитајте: 5. Мојсеева 20,10.15–18; 5. Мојсеева 13,12–18; и Исус Навин 10,40. На кој начин законот за војна и процедурата против идолопоклоничките градови во Израел, запишани во 5. Мојсеева, ни помагаат да го разбереме ограничувањето на целосното уништување во војната во која учествувале Израелците?**

---

Еврејскиот текст користи единствен израз за да го опише уништувањето на луѓето во војна: cherem. Овој израз се однесува на она што е „забрането“, „проклето“ или „предодредено за уништување“. Најчесто, тој означува целосно и неповратно ставање на луѓе, животни или неживи предмети во Божјиот исклучив домен, што за време на војна, во повеќето случаи, подразбирало нивно уништување. Cherem, како поим и практика на целосно искоренување на народите во војна, мора да се разбере во светлината на судирот на Јахве со космичките сили на злото, во кој се доведени во прашање Неговиот карактер и углед.

И да повториме уште еднаш – од појавата на гревот во светот, нема неутралност: човекот е или на Божја страна или е против Него. Едната страна води во живот, вечен живот, додека другата води во смрт, вечна смрт.

Практиката на целосно уништување го опишува Божјиот праведен суд над гревот и злото. Бог на единствен начин извршувањето на дел на својот суд, му го доверил на својот избран народ, древниот Израел. Спроведувањето на уништувањето било под Неговата цврста теократска контрола, ограничено на одреден период од историјата, на конкректно освојување и точно дефинирано географско подрачје – древниот Ханан. Како што видовме во вчерашното проучување, оние што дошле под удар на уништувањето, постојано се бунтувале против Божјите намери, се спротивставувале и никогаш не се покајале. Според тоа, Божјата одлука да ги уништи не била ниту произволна ниту националистички втемелена.

И уште повеќе, Израелците можеле да очекуваат исто постапување спрема нив, ако одберат да го усвојат истиот начин на живот како Хананците (споредете со текстот: 5. Мојсеева 13). Иако може да се стекне впечаток дека групите на секоја од тие страни во божествената војна биле однапред одредени (Израелците да ја наследат земјата, а Хананците да бидат уништени), сепак постоела можност да се премине од едната страна на другата, како што ќе видиме во случаите со Раав, Ахан и Гаваонците.

На народите не им била дадена произволна заштита, ниту, пак, биле произволно осудени на проклетство. Оние кои имале корист од односот со Јахве можеле да ја изгубат својата привилегирана положба преку бунт, а оние кои биле под проклетство, можеле да се покорат на авторитетот на Јахве и да живеат.

**Земајќи ги предвид денешните околности, кои духовни поуки можеме да ги извлечеме од хананското спротивставување на Бога? Какви се последиците од нашите слободни избори за нас лично?**

## КНЕЗ НА МИРОТ

**Како следните текстови ја опишуваат иднината што Бог ја претскажал за својот народ? Исаија 9,6; Исаија 11,1–5; Исаија 60,17; Осија 2,18; Михеј 4,3.**

Иако главниот фокус на лекцијата за оваа седмица се војните во Стариот завет коишто Бог ги наложил и потпомогнал, потребно е да се спомене присуството на уште една, подеднакво значајна тема на старозаветните пророчки списи: визијата за идната, мирна месијанска доба. Месија е прикажан како Кнез на мирот (Исаија 9,6). Тој ќе воспостави царство на мирот, во кое лавот и јагнето ќе лежат заедно (Исаија 11,1–8), во кое нема да има болка или уништување (Исаија 11,9). Мирот ќе владее (Исаија 60,17) и ќе тече како река (Исаија 66,12).

**Прочитајте го текстот 2. Царевите 6,16–23. Какви сознанија ни дава овој настан кога станува збор за Божјите подлабоки намери за Неговиот народ и за целокупниот човечки род?**

Разгледајте ја сторијата за хранењето на сириската војска по иницијатива на Елисеј. Наместо да ги масакрира (2. Царевите 6,22), тој им го претставил врховниот идеал за мир, што отсекогаш бил Божја желба за Неговиот народ. Интересно е да се забележи дека Елисеј е целосно свесен за надмоќноста на невидливата војска што го опкружува непријателот (2. Царевите 6,17). Колку и да е Бог вмешан во космичкиот судир што ја зафатил и нашата планета, крајната цел на искупувањето не е постојан судир, ниту, пак, вечно потчинување на непријателот во состојба на ропство, туку вечен мир. Исто како што насилството раѓа насилство (Матеј 26,52), така и мирот раѓа мир. Сторијата завршува со изјавата дека „тие арамејски ограбувачки групи не одеа веќе во израелската земја“ (2. Царевите 6,23).

**Размислете на кои сè начини можеме, преку настојувањето да го имитираме Исуса, да бидеме носители на мир. А што е со вашиот живот во овој момент? На кои сè начини, со каков било судир да се соочувате, можете да бидете носител на мир наместо судир?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата „Патријарси и пророци“ од Елена Г. Вајт, прочитајте го поглавјето со наслов „Падот на Ерихон“, стр. 491–493 оригинал.

Како што е тоа случај и со сè друго во Библијата, познавањето на контекстот и историската заднина е од пресудно значење. Како што видовме, космичкиот судир и мотивот на Бога како Судија претставуваат клуч за разбирањето на овие војни против Хананците.

„Бог е бавен на гнев. Тој им дал на безбожните народи време на проба, за да можат да се запознаат со Него и Неговиот карактер. Нивната осуда поради одбивањето да ја примат светлината и поради избирање на сопствените патишта наместо Божјите, била во согласност со светлината што им била дадена. Бог ја навел причината зошто веднаш не ги истерал Хананците. Беззаконието на Аморејците сè уште не го достигнало својот врв. Со своето беззаконие тие постепено се доведувале себеси до точка над која Бог повеќе не можел да го поднесе, а по која биле уништени. Сè додека не биле дојдени до таа точка и сè додека нивното беззаконие не се навршило, Божјата одмазда била одложувана. Сите народи имале свое време на проба. Оние што го отфрлиле Божјиот закон напредувале од едно ниво на зло на друго. Децата го наследувале бунтовничкиот дух на своите родители и постапувале полошо од своите татковци пред нив, сè додека Божјиот гнев не ги стигнал. А казната не била воопшто помала затоа што била одложувана“ (Ellen G. White Comments, The SDA Bible Commentary, vol. 2, p. 1005).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Разговарајте што подразбира тоа што Бог е наш судија, како што е и Врховен Судија на целата вселена. Што мислите, зошто фактот дека Бог е Судијата е од темелна важност за евангелието и за нашето спасение?**
2. **Како случајот со Хананците ни дава увид во Божјето трпение и Неговата правда? Како можеме да го одразуваме Божјиот карактер преку начинот на кој постапуваме кон нашите ближни?**
3. **Размислете за основната природа на слободната волја. Што мислите, зошто Бог ја почитува нашата слобода на избор? На кој начин се поврзани љубовта и слободата на избор?**
4. **Стариот завет содржи многу извештаи за војни и судири, но на крајот, тој дава визија за мирот. Каква улога треба да играат христијаните во воспоставувањето мир во своето опкружување?**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**6. Лекција**
**Од 1 до 7 ноември 2025**

# ВНАТРЕШНИОТ НЕПРИЈАТЕЛ



**ПРОУЧЕТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1 Петрово 1,4; Исус Навин 7; Псалм 139,1–16; Ездра 10,11; Лука 12,15; Исус Навин 8,1–29.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Јас, Господ, проникнувам во срцето и ја испитувам внатрешноста, за да му дадам на секого според патот негов и според плодовите на делата негови“ (Еремија 17,10).**

Седмата глава од книгата на Исус Навин го опишува првиот случај во кој народот на Израел бил запознаен со далекусежните последици на заветот и неговото подлабоко значење. Додека послушноста кон одредбите на заветот обезбедувала победа, непочитувањето на тие услови носело пораз. Воениот успех на Израел не зависел од нивната бројност, борбената стратегија или паметните тактики, туку од присуството на божествениот Воин меѓу нив.

За време на освојувањето на Ветената земја, Израелците морале да ја научат тешката лекција за тоа дека нивниот најопасен непријател не се наоѓа надвор од нивниот логор, туку во нивните сопствени редови. Најголемиот предизвик со кој се соочувале не биле ниту утврдените ѕидови на ханаанските градови, ниту нивната напредна воена технологија, туку тврдоглавата и упорна волја на поединците во нивниот сопствен логор намерно да не ги послушаат Господовите упатства.

Додека чекаме на нашето небесно наследство (1. Петрово 1,4; Колошаните 3,24), и ние се соочуваме со слични предизвици. Додека стоиме на границата на Ветената земја, нашата верност се проверува и можеме да бидеме победници само ако целосно му се предадеме на Исуса Христа.

# КРШЕЊЕ НА ЗАВЕТОТ

**Прочитајте го текстот Исус Навин 7. Кои биле двете главни причини за поразот на Израел од страна на жителите на Гај?**

---

Интересно е да се забележи дека читателот од самиот почеток ја знае причината за гневот на Јахве, како и името на престапникот. Оттука, неизвесноста во сторијата за откривањето на престапот на Ахан е обезбедена од напнатоста меѓу перспективата на читателот и перспективата на Исус Навин и Израелците. Како и многу други глави во Стариот завет, седмата глава од Книгата на Исус Навин има хијастичка структура. Централниот сегмент, кулминацијата на сторијата, одговара на прашањето зошто Израелците не можеле да го освојат Гај при нивниот прв обид.

Постојат две главни причини за поразот на Израел од жителите на Гај: гревот на Ахан и нивната прекумерна доверба во сопствената сила. Ова второво, довело до тоа да ја потценат силата на својот непријател и да пропуштат да се посоветуваат со Господа пред да го нападнат Гај.

Иако Ахан бил виновен за предавничкиот чин на кршење на забраната, врз основа на текстот Исус Навин 7,1.11–13, можеме да видиме дека целиот народ бил сметан за одговорен и дека трпел поради тоа што тој го сторил. Опишувајќи го гревот на Ахан, Бог постепено укажува на неговата сериозност преку растечка, прогресивна употреба на прилогот „дури“ или „исто така, сепак, и“ (еврејски: gam), во стихот 11. Најпрво се користи најчестиот израз за грев: „khata“. Потоа, чинот на престап се опишува со наведување на пет поконкретни гревови на кои им претходи прилогот gam: (1) 'abar, што значи: „да се премине преку, да се престапи“ (2) тие дури и зеле (lakah) од работите наменети за уништување (kherem), (3) и украле (ganab), (4) и измамиле (kakhash), и (5) дури и ги ставиле (sim) украдените kherem меѓу своите работи.*

Заветот меѓу Јахве и Израел го опфаќал народот на поединечно и колективно ниво. Во светлината на заветот, спрема Израел се постапувало како кон неделива целина на Божјиот избран народ. Според тоа, гревот на еден, или, пак, на неколкумина негови припадници, ќе навлече вина врз целокупната заветна заедница. Како што рекол Господ: „Згрешија луѓето и ја прекршија Мојата заповед, што им ја дадов“ (Исус Навин 7,11).

**На кои сè начини цели заедници можат да страдаат, а и страдале, поради лошите постапки на поединци во самите нив? На кои примери можете да се сетите, и како била погодена таа заедница?**

* „Израел згреши, и го прекрши Мојот завет што им заповедав да го држат, зашто зедоа и некои од проколнатите работи, и украдоа и измамија, и ги ставија меѓу сопствените работи.“ (Исус Навин 7,11; буквален превод од англиски јазик - NKJV).

## ГРЕВОТ НА АХАН

**Прочитајте го текстот Исус Навин 7,16–19. Што ни кажува целата постапка и за Бога и за Ахан?**

---

Наместо да го открие идентитетот на престапникот, Бог спроведува постапка што ја открива истовремено и Неговата правда и Неговата благодат. Откако ја објаснил причината за поразот на Израел и го повикал народот на посветување (Исус Навин 7,13), тој остава временско растојание меѓу најавата на постапката и нејзиното спроведување, оставајќи му на Ахан време да размисли, да се покае и да го признае својот грев. Слично на тоа, и членовите на неговото семејство (доколку знаеле што се случило) имале можност да одлучат дали сакаат да бидат вмешани во тоа прикривање или да одбијат да бидат соучесници во него, како синовите на Кореј, кои го избегнале уништувањето одбивајќи да застанат на страна на својот татко (споредете со текстовите 4. Мојсеева 16,23–33 и 4. Мојсеева 26,11).

Решавањето на оваа неволја се одвивало во спротивна насока од онаа по која неволјата влегла и го снашла Израел: колективната вина била отстранета и пренасочена од целиот Израел на само едно племе; потоа од племето на семејството; од семејството на домаќинството; и од домаќинството на поединецот. Освен што го разоткривала престапникот, истражната постапка исто така ги ослободувала и невините. Ова бил подеднакво важен аспект на овој педантен судски процес, за време на кој самиот Бог дејствувал како сведок на невидливите Ахановидела.

Читателот едноставно може да ја почувствува напнатоста што владеела додека Бог го стеснувал кругот до Ахан. Како да не се чудиме на тврдоглавоста што ја покажал овој човек во својата надеж дека ќе остане неоткриен? Ништо не е скриено пред продорниот поглед на Господа (Псалм 139,1–16; 2. Летописи 16,9), кој знае што се крие во човековото срце (1. Самоилова 16,7; Еремија 17,10; Мудри изреки 5,21).

Важно е да се забележи дека Исус Навин му се обратил на Ахан со „сине“. Овој израз не само што укажува на староста и на водечката улога на Исус Навин, туку го открива и духот со кој овој голем воин пристапувал кон правдата. Неговото срце било полно со сочувство кон Ахан, иако бил повикан да го изврши судот врз престапникот. Со својот став, Исус Навин повторно ја навестил чувствителноста, добрината и љубовта на Оној кој „Никогаш не бил груб, никогаш не изговорил непотребно некој остар збор, никогаш не ѝ нанел непотребна болка на чувствителната душа. Не ги осудувал човечките слабости. Ја зборувал вистината, но секогаш со љубов. Ги жигосал лицемерството, неверноста и беззаконието; но, додека изговарал остри прекори, во неговиот (Исусовиот) глас се чувствувала болка“ (Елена Г. Вајт, Копнежот на вековите, стр. 353 ориг.).

**Како сознанието дека Бог знае сѐ што правите, дури и најскришните работи, влијае на тоа како живеете? И како ова сознание треба да влијае на тоа како живеете?**

## СУДБОНОСНИ ОДЛУКИ

**Прочитајте го текстот Исус Навин 7,19–21. Што барал Исус Навин од Ахан да направи? Кое е значењето на таквото барање? Како го разбираме неговото признавање?**

___

___

Исус Навин бара од Ахан да направи две работи: прво, да му оддаде чест и слава на Бога. И второ, да признае што направил без никакво прикривање. Според тоа, од Ахан се очекувало да му оддаде слава на Бога со тоа што ќе го признае она што го сторил. Изразот што се користи овде (todah) може да се однесува на изразување благодарност (Псалм 26,7; Исаија 51,3; Еремија 17,26), но исто така и на признавање на грев (Ездра 10,10-12).

За жал, библискиот текст не дава никакви назнаки дека Ахан покажал некаков знак на вистинско покајание. Тој до крајот се надевал дека ќе остане скриен. Неговиот пркосен став го окарактеризирал како дрзок престапник, оној кој намерно греши, за што нема помирување според Мојсеевиот закон (споредете со текстот 4. Мојсеева 15,27–31).

Зборовите на Ахан во текстот Исус Навин 7,21 потсетуваат на падот на Адам и Ева. Ева видела (ra'ah) дека дрвото е привлечно (kamad) и на крајот го набрала (laqah) неговиот плод (1. Мојсеева 3,6). Во својата исповед, Ахан признава дека меѓу пленот видел (ra'ah) прекрасна вавилонска наметка, 200 сикли сребро и една шипка злато. Тогаш се полакомил (kamad) и ги зел (laqah). Исто како и во случајот со Адам и Ева, изборот на Ахан открива дека гревот на алчноста е всушност грев на неверувањето. Се појавува сомневање дека Бог не го посакува она што е најдобро за Неговите созданија, и дека од нив крие некои посебни задоволства што им припаѓаат само на личностите од божествениот круг.

Покрај алудирањето на првобитниот човечки пад, текстот го нагласува и остриот контраст меѓу ставовите на Раав и Ахан (споредете со текстот: Исус Навин 2,1–13). Таа ги однела согледувачите на покривот и ги скрила од војниците, а тој ги зел забранетите работи и ги скрил од Исус Навин. Таа покажала љубезност кон израелските согледувачи и им помогнала да ја осигураат победата, додека тој, со својата алчност навлекол неволја и сигурен пораз врз Израел. Таа склучила завет со Израелците, додека тој го прекршил заветот со Јахве. Раав се спасила себеси и своето семејство, додека Ахан се осудил себеси и своето семејство на смрт и станал пример за срам.

**Размислете за гревот на алчноста. Како можеме да избегнеме да ѝ подлегнеме, без разлика колку многу имаме или немаме? (Споредете со стихот Лука 12,15.)**

## ВРАТА НА НАДЕЖТА

**Прочитајте го текстот Исус Навин 8,1–29. Што ни кажуваат овие настани за тоа како Бог може дури и нашите најлоши неуспеси да ги претвори во можности?**

---

---

Стратегијата на Јахве го претвора почетниот пораз на Израел во тактичка предност, преобразувајќи ја долината Ахор (еврејски збор за „неволја“) во врата на надежта (споредете со стихот Осија 2,15). Премногу самоуверени од својата почетна победа над нив, жителите на Гај ја повторуваат својата стратегија во нападот наѓајќи ги Израелците, кои глумат повлекување и пораз. Кога жителите на Гај биле намамени да излезат од нивното упориште, 30.000 Израелци, сместени во близина на градот (Исус Навин 8,4), го освоиле празниот град на тој начин што предизвикале пожар. Стихот Исус Навин 8,7 разјаснува дека победа не им донела стратегијата, туку самиот Господ им ја дарувал и им го предал градот Гај во нивни раце. Дури и во главата каде што воените аспекти доминираат во наративот повеќе отколку на кое било друго место во книгата, текстот ја нагласува основната вистина дека победата е дар од Јахве.

Решавачкиот момент во битката настапува кога луѓето од Гај го напуштаат градот и почнуваат да ги гонат Израелците. Тогаш Бог проговара по втор пат во оваа глава, откако им дал стратегија во Исус Навин 8,2, што укажува дека Тој ја надгледува битката. До тој момент, сè уште не го знаеме исходот. Но, од тој момент па натаму, станува јасно дека израелската војска победува.

Оружјето во раката на Исус Навин бил срп или закривена источничка сабја, а не меч или копје. Можеби во негово време не се користело како вистинско оружје, но станало симбол на суверенитет. И покрај тоа што давало сигнал за напад, тоа било израз за Божјиот суверенитет, кој се видел во поразот на Гај. Држејќи ја својата сабја подигната сè додека не била извојувана целосна победа, Исус Навин покажал дека целосно ја презел улогата на водач што Мојсеј ја извршувал кога го преминувале Црвеното Море (2. Мојсеева 14,16) и во војната против Амалиците (2. Мојсеева 17,11–13), во која Исус Навин лично ја предводел борбата.

Овој пат нема видлива, чудесна Божја интервенција, но сепак победата над Гај е исто така извојувана со Божја помош како и победата над Египќаните во првата генерација или неодамнешната победа над Ерихон. Клучот за успехот е верата на Исус Навин во Господовата реч и неговата непоколеблива послушност кон таа реч. Принципот што го гледаме во овој извештај важи за Божјиот народ денес, каде и да живее и какви и да се неговите предизвици.

## СВЕДОК НА БОЖЈАТА СИЛА

Како што веќе дознавме (видете ја петтата лекција), Бог им дал можност на паганските народи да Го запознаат и да се одвратат од своите зли патишта. Меѓутоа, тие одбиле и на крајот се соочиле со Божјиот суд.

**Прочитајте го текстот Исус Навин 7,6-9, кој се занимава со првичната реакција на Исус Навин на несреќата што ги снашла. Сосредоточете се особено на стихот Исус Навин 7,9. Кој важен теолошки принцип го наоѓаме во неговите зборови?**

На прв поглед, Исус Навин звучи слично на Израеловите деца среде нивните тешкотии по напуштањето на Египет. Како тогаш кога се жалеле: „О, да бевме умреле од раката Господова во земјата египетска, кога седевме покрај котлите со месо и јадевме леб до насит! Нѐ изведовте овде во оваа пустина, за да го умрете целово ова множество со глад“ (2. Мојсеева 16,3).

И еве што вели Исус Навин: „Ти се молам, Господи Боже, зошто го преведе Твојот народ преку Јордан, за да го предадеш во рацете на Аморејците на погубување? Ех, да си останевме да живееме од онаа страна на Јордан!“ (Исус Навин 7,7)

Меѓутоа, набргу по ова, тој покажува голема загриженост за штетата нанесена на Божјето име и углед по овој пораз. „Хананците и сите жители на земјата ќе чујат, ќе нѐ опколат и ќе нѐ истребат нас од земјата. И што ќе направиш за Твоето големо име?“ (Исус Навин 7,9).

Тука се откриваат темата и принципот кои биле од суштинска важност во врска со Божјите планови за Израел. Иако Бог сакал околните пагански народи да ги видат големите работи што Тој ги правел за Неговиот народ кој му е послушен, тие исто така можеле, како Раав, да научат нешто за израелскиот Бог врз основа на освојувачката сила на Неговиот народ. Од друга страна, ако работите тргнат во лоша насока, како во овој случај, околните народи ќе го сметаат израелскиот Бог за слаб и неделотворен (видете ги текстовите 4. Мојсеева 14,16; 5. Мојсеева 9,28), што би можело да ги охрабри Хананците да пружат отпор.

Со други зборови, дури и во контекстот на освојувањето на земјата од страна на Евреите, биле вклучени големи прашања и принципи, како што е оддавањето чест и слава на Бога, кој бил единствената надеж за тие пагани, исто како и за Израел.

**Прочитајте 5. Мојсеева 4,5-9. Во која смисла овде можеме да видиме паралела помеѓу Израел и неговото сведочење пред тогашниот свет и нашето сведочење како адвентисти на седмиот ден денес?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата „Патријарси и пророци“ од Елена Г. Вајт, прочитајте го поглавјето со наслов „Падот на Ерихон“, стр. 493–498 (оригинал).

„Смртниот грев што го одвел Ахан во пропаст имал свој корен во алчноста - еден од вообичаените гревови преку кој се преминува лекомислено...

Ахан бил свесен за својата кривица, но неговото признавање уследило премногу доцна и не можело да му биде од полза. Видел како израелската војска била поразена и како обесхрабрена се повлекува од Гај, а сепак не истапил да го признае својот грев. Видел како Исус Навин и старешините Израелови падналe на земја со болка што не може да се опише со зборови. Тогаш да го признал својот грев, би дал извесен доказ за вистинско покајание, но - сѐ уште молчел. Тој сфатил дека станува збор за некој голем грев, дури и точно слушнал каков е карактерот на тој грев. Меѓутоа, неговите усни сѐ уште биле запечатени. И тогаш настапило испитување. Душата му затреперила од страв кога било погодено прво неговото племе, па неговото семејство и најпосле неговиот дом. Но тој сѐ уште не го признал својот грев сѐ додека Божјиот прст не бил насочен директно кон него. Дури тогаш, кога не можел веќе да го крие својот грев, ја признал вистината. Често се изнудуваат слични признавања. Голема е разликата меѓу признавањето на фактите што веќе се докажани и признавањето на гревот што му е познат само на престапникот и на Бога. Ахан не би го признал својот грев кога не би се надевал оти со тоа ќе ги отстрани последиците за својот престап. Но неговото признавање послужило само да се види колку е праведна казната што го снашла. Тука немало каење, понизност, промена на сфаќањата, ниту гнасење од злото“ (Елена Г. Вајт, Патријарси и пророци , стр. 496–498 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Разговарајте за импликациите на Десеттата заповед (2. Мојсеева 20,17) во светот во кој доминираат рекламите и консумеризмот. Како можеме во практична смисла да направиме разлика меѓу желбите и потребите и зошто е важна оваа разлика?**

**2. Прочитајте ја молитвата на Даниел во текстот Даниел 9,4–19. Зошто е значајно тоа што Даниел, кога ги признава гревовите на Израел, постојано вели „ние“ ги направивме сите овие лоши работи, иако немаме никаков извештај за тоа дека самиот Даниел некогаш направил нешто погрешно?**

**3. Размислете за прашањето поставено на крајот од отсекот за четврток. Зошто послушноста на Израелците кон сите „закони и уредби“ била толку важна за нивното сведоштво?**

**4. Како може истиот принцип да се примени на нашата црква денес? Односно, колку поуспешно би било нашето сведочење ако навистина го следиме сето она што ни дал Бог?**

Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица

**7. Лекција**
**Од 8 до 14 ноември 2025**

# КРАЈНА ПРЕДАНОСТ: БОГОСЛУЖЕНИЕ ВО ВОЕНА ЗОНА



**ПРОУЧЕТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ:Исус Навин 5,1-7; Излез 12,6; 1. Коринќаните 5,7; Исус Навин 8,30-35; 5. Мојсеева 8,11.14; Евреите 9,11.12.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ:„Но, барајте го најнапред царството Божјо и Неговата праведност, и сè ова ќе ви се додаде“ (Матеј 6,33).**

Оваа седмица ќе разгледаме некои клучни моменти за време на престојот на Израел во Ветената земја, кога народот повторно му се посветил на Господа, понекогаш соочен со претстојна опасност. Исус Навин донел некои навидум неразумни одлуки: Израелците да се обрежат на непријателска територија (Исус Навин 5,1-9), да ја прославаат Пасха и покрај непосредната опасност (Исус Навин 5,10-12), да изградат олтар и да го обожаваат Господа, иако освојувањето било во полн замав (Исус Навин 8,30-35) и да го постави Господовото светилиште, иако седум од израелските племиња сè уште не го примиле своето наследство (Исус Навин 18,1.2).

Во нашиот забрзан живот, склони сме да го сосредоточиме нашето внимание на итни обврски коишто ни ги наметнува животот. Многу често занемаруваме да одвоиме квалитетно време за да ја обновиме нашата посветеност на Бога, да застанеме и да ја изразиме нашата благодарност за она што Тој го направил и што продолжува да го прави за нас секој ден. Би можеле да кажеме дека утринското и вечерното богослужение, како и семејниот олтар, се целосно надвор од контекстот на нашиот преоптоварен живот, насочен кон удобноста и достигнувањата. Сепак, секој од нас, длабоко во своето срце, знае дека моментите поминати со Бога и нашите најблиски се најдоброто вложување на нашето ограничено време.

# ЗАВЕТОТ Е НА ПРВО МЕСТО

**Прочитајте го текстот Исус Навин 5,1-7. Зошто Господ му заповедал на Исус Навин да ја обреже втората генерација Израелци во тој посебен момент од освојувањето?**

По извидувањето на земјата, охрабрувачкиот извештај на согледувачите и чудесното преминување преку Јордан, би очекувале непосреден судир со непријателот. Меѓутоа, постои нешто поважно од военото освојување, а тоа е заветот на Израел со Бога.

Пред припадниците на новата генерација да се впуштат во освојувањето на земјата, тие требало да бидат целосно свесни за својот посебен однос со нејзиниот Сопственик. Обновувањето на заветниот знак доаѓа како одговор на Божјиот милостив и чудесен чин, со кој Израел бил безбедно пренесен преку Јордан.

Нашиот завет со Бога секогаш треба да претставува одговор на благодарност за она што Тој веќе го направил за нас, а никогаш обид да стекнеме некаква корист преку легалистичко прилагодување кон Неговите барања. (Истиот концепт несомнено бил клучен во судирите на Павле со оние кои инсистирале машките преобратеници од незнабоштвото да се обрежуваат, што најјасно се гледа во неговото Послание до Галатјаните.)

Израел бил на прагот на најголемиот воен поход во својата историја и би се очекувало целиот логор да биде преокупиран со подготовки за војна. И бил, но не во вообичаената смисла. Наместо да ги тимарат коњите и да ги острат мечевите, тие извршиле ритуал што го оставил поголемиот дел од борбената сила ранлив најмалку во текот на следните три дена.

Тие го направиле ова за да го прослават својот однос со својот Бог, кој ги избавил од Египет. Но, зошто? Затоа што сфатиле дека битката му припаѓа на Господа. Тој бил оној што им давал победа и успех. Исус Христос го изразил истиот принцип со малку поинакви зборови: „Но барајте го најнапред царството на Бога и Неговата правда, и сè ова ќе ви се придодаде“ (Матеј 6,33). Во поголемиот дел од времето, секојдневието нè притиска со толку многу навидум важни работи што забораваме да му дадеме приоритет на она што е најважно во животот – секојдневното обновување на нашето предавање на Христа.

**Сетете се на миговите кога сте го занемариле времето со Бога за нешто „поважно“. Зошто ова ни се случува толку лесно и како можеме да се избориме против него?**

# ПАСХА

**Зошто е значајно тоа што Исус Навин решил да ја прослави Пасха, и покрај итната и огромна задача да се освои Ветената земја? Прочитајте ги следните стихови: Исус Навин 5,10; 2. Мојсеева 12,6; 3. Мојсеева 23,5; 4. Мојсеева 28,16; 5. Мојсеева 16,4.6.**

Друга важна активност што му претходела на освојувањето била прославата на Пасха. Ова се одржало вечерта во четиринаесеттиот ден од месецот, со внимателно почитување на упатствата што им ги дал Бог. Симболичкото значење на празнувањето на Пасха овде добива посебен нагласок: настаните од Книгата на Исус Навин се како одраз во огледало во однос на она што се случувало за време на Излезот. Пасха потсетува на ноќта на десеттото зло (2. Мојсеева 12), кога ангелот Господов ги убил сите првородени во Египет, а ги поштедил Израелците. Потоа следело излегувањето од Египет, преминувањето на Црвеното Море и патувањето низ пустината.

За разлика од ова, сторијата на втората генерација започнува во пустината, продолжува со преминувањето преку Јордан, го опфаќа обрежувањето и прославувањето на Пасха, и води до клучниот момент во кој може да се очекува уште една Господова чудесна интервенција против израелските непријатели, жителите на Ханан. Заедно со сите претходни дела, оваа прослава на Пасха го означувва почетокот на нова ера во историјата на Израел.

Исто така, преку симболот на жртвеното јагне, празникот Пасха претставувал потсетник за искупувањето на Израелците од египетското ропство. Но, исто така укажувал и на неговото идно антитипско исполнување во Јагнето Божјо (Јован 1,29.36; 1. Коринќаните 5,7; 1. Петрово 1,18.19), кое нè искупило од ропството на гревот. За време на Господовата вечера, пред да се принесе себеси како конечна жртва, Исус Христос ја претворил Пасха во спомен на својата смрт (Матеј 26,26-29; 1. Коринќаните 11,23-26).

Меѓутоа, Пасха и Вечера Господова навестуваат уште пославна реалност – мноштвото искупени кои преминуваат во небесниот Ханан. Јован, писателот на Откровението, го доловува ова антитипско „преминување“ со сликата на 144.000 кои одат по стаклено море, антитипска претстава на Црвеното Море и на реката Јордан, пред Божјиот престол (Откровение 4,6; Откровение 7,9.10) и ја прославуваат антитипската Пасха и Вечера Господова на свадбената гозба на Јагнето (Матеј 26,29; Откровение 19,9).

**На кои начини можеме, дури и кога не ја славиме Вечера Господова, секогаш да ја имаме пред себе реалноста на крстот?**

## ОЛТАРИ НА ОБНОВУВАЊЕ

**Што го мотивирало Исус Навин да му подигне олтар на Господа? Прочитајте Исус Навин 8,30.31; споредете со текстовите 5. Мојсеева 11,26-30; 5. Мојсеева 27,2-10.**

---

---

Во времето на патријарсите, олтарите ја обележувале патеката на нивното поклонение и станале опипливи показатели на нивното право на земјата што Бог им ја ветил. Сега, поставувајќи олтар, Израелците сведочеле за исполнувањето на ветувањата дадени на нивите предци. Во овој случај, подигањето на олтарот претставува директно исполнување на Мојсеевите упатства (5. Мојсеева 11,26-30; 5. Мојсеева 27,2-10).

Текстот Исус Навин 8,30-35 игра значајна улога во обликувањето на целокупната теолошка порака на оваа книга. Поврзувајќи една од најгрозоморните насилни стории (војна) со нешто сосема поинакво – со сцена на обновување на заветот (богослужение) – Исус Навин нѐ враќа на една од најважните теолошки теми што се појавуваат во таа книга на самиот почеток – тој има задача да го воведе Израел во живот на послушност кон заветот (Исус Навин 1,7). Тоа е исто така сликата што ја дава Исус Навин на крајот од книгата (Исус Навин 24).

Без оглед на важноста на војната и освојувањето, постои нешто уште поважно: лојалност кон барањата на Божјиот закон. Освојувањето е само еден чекор во исполнувањето на Божјиот план за Израел и за обнова на целото човештво. Верноста кон прописите на Тората претставува конечно прашање во поглед на судбината на човештвото. Исус Навин прави препис на законот на големи, варосани камења, поинакви од камењата на олтарот (споредете 5. Мојсеева 27,2-8). Така, овие камења, кои веројатно ги содржеле Десетте заповеди, формирале посебен споменик во близина на олтарот, постојано потсетувајќи ги Израелците на привилегиите и должностите што ги подразбира заветот.

Исус Навин е претслика на Новозаветниот Јехошуа (Исус Христос), чија мисија била, меѓу другото, да го врати човештвото кон верност на Бога. За да ја постигне оваа цел, тој морал да влезе во судир со силите на злото. Неговата крајна цел била да ги исполни условите на заветот во наше име: „Бидејќи сите ветувања Божји во Него се ‘Да’, и во Него ‘Амин’, за слава Божја преку нас“ (2. Коринќаните 1,20).

**Кои духовни обичаи можеме да ги практикуваме сега, а би ја имале истата улога што ја имало градењето олтари во тие древни времиња?**

## НАПИШАНО НА КАМЕН

**Прочитајте го текстот Исус Навин 8,32-35. Кое е значењето на чинот опишан во овие стихови, и што треба да ни каже тоа нам денес?**

---

---

Горатa Евал се споменува само во 5. Мојсеева (5. Мојсеева 11,29; 5. Мојсеева 27,4.13) и во Исус Навин (Исус Навин 8,30.33). Заедно со Гаризим, тоа било местото од каде што биле изговорени благослови и проклетства. Поконкретно, според 5. Мојсеева 11,29 и 5. Мојсеева 27,4.13, тоа сигурно било местото на проколетства. Тука Израелците требало да стојат од двете страни на ковчегот на заветот во присуство на свештениците (Исус Навин 8,33). Едната група стоела свртена кон планината Евал, а другата свртена кон планината Гаризим. Тука тие на симболичен начин прикажале два можни начина на кои луѓето можеле да се однесуваат со заветот. Жртвите што се принесувале таму укажувале на Исуса Христа, кој ги зел врз себе сите проклетства на заветот, за сите што веруваат во Него да можат да уживаат во заветните благослови (Галатјаните 3,13; 2. Коринќаните 5,21).

**Зошто било неопходно да се направи препис на заветот на споменик кој ќе биде видлив за сите? (Видете ги следните текстови: 5. Мојсеева 4,31; 5. Мојсеева 6,12; 5. Мојсеева 8,11.14; 2. Царевите 17,38; Псалм 78,7.)**

---

Ние, луѓето, сме склони да забораваме. Барањата на секојдневниот живот, кои стануваат сè позбунувачки, ги натрупуваме во сè пократки временски сегменти и неизбежно ги заборавуваме нештата што не се повторуваат со иста зачестеност и интензитет. На секоја Вечера Господова, имаме посебна можност повторно да се посветиме на Господа и да го обновиме нашиот заветен однос.

Би било добро ако тие прилики ги сфатиме не само како шанси за обновување на нашата лична посветеност, туку и како прилики кога заеднички го обновуваме нашиот завет за верност кон Бога. Во општество кое станува сè поиндивидуалистичко, мора одново да ја откриеме моќта на припадноста кон заедница која дели ист поглед на светот, исти вредности и уверувања, иста мисија.

**Колку лесно, во забрзаноста и вревата на животот, заборавате на Господа и се обидувате да направите нешто со сопствена сила и моќ? Зошто ова се случува толку лесно, особено кога работите одат добро во вашиот живот?**

## КОПНЕЖ ПО НЕГОВОТО ПРИСУСТВО

**Прочитајте го текстот Исус Навин 18,1.2. Поради која активност Исус Навин го прекинал процесот на распределба на земјиштето?**

---

Откако дава опис на териториите поделени меѓу двете најголеми племиња од западната страна на Јордан и половина од Манасиевото племе, овој исечок го прикажува собирањето на заедницата во Сило, каде што земјата била поделена меѓу преостанатите седум помали племиња.

Поставувањето на светилиштето, „Мојот шатор“, претставува исполнување на Божјото ветување дека ќе живее меѓу својот народ (2. Мојсеева 25,8; 3. Мојсеева 26,11.12) и ја открива средишната тема на книгата: Божјото присуство среде Израел го овозможило запоседнувањето на земјата и ќе биде траен извор на благослов за Израел, а преку нив и за целиот свет (1. Мојсеева 12,3). Служењето на Бога зазема централно и најистакнато место, поважно дури и од освојувањето и поделбата на земјата! Присуството на светилиштето, а подоцна и на храмот, требало да им помогне на луѓето секогаш да бидат свесни за Божјото присуство меѓу нив и за нивната обврска да постапуваат во согласност со заветот.

**Прочитајте ги следните текстови: Евреите 6,19.20; Евреите 9,11.12; и Евреите 10,19-23. Што можеме ние како христијани, кои немаме земно светилиште кое би го претставувало Божјото физичко присуство меѓу нас, да научиме од Книгата на Исус Навин?**

---

Појавувањето на светилиштето не треба да претставува изненадување, бидејќи темата за светилиштето била присутна во наративот на Книгата на Исус Навин преку Ковчегот на заветот. Тој бил главниот дел од предметите во Светињата над светињите и обележје на првите два отсека од оваа книга: преминувањето и освојувањето. Сега, со тоа што го поставил светилиштето во самиот центар на поделбата на земјата, Исус Навин покажува дека целиот живот на Израел се вртел околу светилиштето, земното седиште на Јахве.

За нас, како христијани кои живееме во антитипскиот Ден на помирување, е уште поважно да го насочиме својот поглед кон небесното светилиште додека продолжуваме да се бориме со модерните (или постмодерните) џинови, кои претставуваат предизвик за нашата вера, надеж и духовно наследство. Додека постојано се потпираме со вера на делото што Исус го остварил на крстот и во небесното светилиште, можеме со вера да го очекуваме времето кога Бог повторно ќе престојува меѓу својот народ, но овој пат тоа ќе биде засекогаш (споредете со Откровение 21,3).

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата „Патријарси и пророци“ од Елена Г. Вајт, прочитајте го поглавјето со наслов „Благослов и проклетство“, стр. 499–503 (оригинал).

„Според упатствата што ги оставил Мојсеј, на Евал бил подигнат еден голем споменик од камен. На тие камења, претходно премачкани со посебен малтер, бил напишан законот – и тоа не само оние десет заповеди објавени на Синај и врежани на камени плочи, туку и сите други закони што му биле дадени на Мојсеја и запишани во книга. Покрај тој споменик бил подигнат и жртвеник од неизделкан камен на кој се принесувани жртви на Господа. Фактот што жртвеникот на Евал морал да биде подигнат на горага на која требало да биде изречено проклетство значел дека Израел со престапот на законот навлекол на себе оправдан Божји гнев и дека тие веќе би биле погодени со суд и со казна кога не би постоело Христовото помирување, претставено токму со тој жртвеник“ (Елена Г. Вајт, Патријарси и пророци , стр. 500 (оригинал).

„Службата поврзана со Господовата вечера не треба да биде време на тага. Тоа не е нејзина цел. Кога Господовите ученици ќе се соберат околу неговата трпеза, не треба да се сеќаваат и да ги оплакуваат своите недостатоци. Тие не треба да се задржуваат на своето минато верско искуство, без оглед дали тоа било охрабрувачко или не. Исто така не треба да се сеќаваат на своите меѓусебни несогласија. Подготвителната служба го отстранила сето ова. Самоиспитувањето, исповедувањето на гревот, измирувањето на несогласијата – сето тоа е остварено. Сега доаѓаат да се сретнат со Христа. Тие не треба да стојат во сенката на крстот, туку во неговата спасоносна светлина. Тие треба да им ја отворат душата на сјајните зраци на Сонцето на правдата“ (Елена Г. Вајт, Копнежот на вековите, стр. 659 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Што значи за вас најнапред да го барате Божјото царство? Како овој принцип го обликува вашиот секојдневен живот?**
2. **Погледнете го својот одговор на последното прашање од одделот за среда, за тоа колку лесно може да се заборави Господ среде забрзаноста на секојдневниот живот. Разговарајте во класата зошто ова се случува толку лесно. Кои се некои од решенијата?**
3. **Како адвентисти, веруваме дека Исус Христос служи во наша корист во небесното светилиште. Како ова уверување може да ни биде постојан извор на надеж и сила за нас? Зошто сознанието дека Исус е тој кој е таму горе и „посредува/се моли“ (Евреите 7,25) за нас, треба да ни помогне да сфатиме што всушност претставува добрата вест за Неговото дело во небесното светилиште, особено сега во антитипскиот Ден на помирување?**

**8. Лекција**
**Од 15 до 21 ноември 2025**

# ГИГАНТИ НА ВЕРАТА: ИСУС НАВИН И ХАЛЕВ



**ПРОУЧЕТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 4. Мојсеева 13,6.30-32; Исус Навин 14,6-14; Лука 18,1-5; Исус Навин 19,49-51; 2. Коринќаните 3,18; Римјаните 12,1.2.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ:„Помнете ги и вашите учители, што ви го проповедаа словото Божјо и, имајќи го пред очи исходот на нивниот живот, подражавајте ја верата нивна“ (Евреите 13,7).**

Секој родител знае дека неговите деца учат врз основа на пример, зар не? Сепак, колку родители го доживеале тоа искуство со разочарување да гледаат како нивните деца ги следат нивните лоши а не добри особини? Без оглед на возраста, полесно ни е да постапуваме погрешно отколку правилно. Тоа е едноставно она што значи да се биде паднато суштество. „Не го разбирам тоа што го правам; бидејќи не го правам она што сакам, туку она што го мразам, тоа го правам“ (Римјаните 7,15). Кој од нас не може да се поистовети со ова?

Луѓето од раѓање се обликуват според силата на примерот. Најосновните работи во животот, како што се облеќето, зборувањето и изразувањето емоции, ги учиме на тој начин што ги имитираме оние што ни се најблиски. И како возрасни, сѐ уште ни се потребни обрасци, за дури и ако не се совршени, ние можеме да се восхитуваме и да ги имитираме оние духовни квалитети што направиле од нив гиганти на верата.

Оваа седмица ќе го разгледаме подетално личниот пример на двајца гиганти на верата од книгата на Исус Навин – Халев и Исус Навин. Што е тоа што им овозможило да се истакнат во својата генерација и да одиграат клучна улога во животот на Божјиот народ во текот на еден од најважните периоди во историјата на Израел?

# ВЕРНОСТ

**Прочитајте ги следните текстови: 1. Мојсеева 36,15; 4. Мојсеева 13,6. 30-32 и Исус Навин 14,6.14. Кој бил Халев? Каква била неговата положба во израелскиот народ?**

---

---

Името Халев потекнува од еврејскиот збор keleb, „куче“, кој во Стариот завет секогаш се појавува во негативен контекст. Меѓутоа, во вонбиблиските списи и химни, зборот *келеб* се користел за да се изрази храброста, истрајноста и верноста на слугата кон својот господар. Во овој поглед, Халев останал верен на своето име, покажувајќи непоколебливa преданост кон Господа во текот на целиот свој живот.

**Што ни кажува за Халев тоа што бил спремен да го изрази својот став, иако повеќето согледувачи имале сосема поинакво мислење, а израелскиот народ му се заканувал со смрт? Видете ги следните текстови: 4. Мојсеева 14,6-10.21-25; 4. Мојсеева 26,65; 4. Мојсеева 32,12.**

---

---

---

Размислете за овие важни израелски водачи, современици на Халев и Исус Навин: Самуил, синот на Закур, Сафат, Игал, Авија, Палтиел, Гудила, Гадила, Амиел, Сатур и Нави. Дали ви звучат познато овие имиња?

Веројатно не.

А зошто? Затоа што тоа се имињата на другите десет согледувачи што Мојсеј ги испратил да ја извидат земјата Ханан. Тие се заборавени затоа што нивните имиња не биле вредни за паметење. Извештајот што го донеле ја прикажувал Ветената земја како неосвоива. Тие се гледале себеси како скакулци во споредба со џиновите што живееле во некои делови од таа земја, и нивните срца се топеле од страв пред „непробојните“ ѕидишта на утврдените градови во Ханан.

Халев, како постар од двајцата согледувачи кои донеле позитивен извештај, ја презел иницијативата во претставувањето на втората можност: ставот на верата. Тој бил готов да се застапува за она за кое знаел дека е исправно, и покрај противењето, дури и соочувајќи се со можна смрт: „И сиот народ рече: ‘Да ги убиеме со камења!’“ (4. Мојсеева 14,10).

**Што правите кога повеќето луѓе околу вас имаат поинакво мислење, кое е дури и спротивно на вашите најдлабоки верувања?**

# ДАЈ МИ ЈА ОВАА ПЛАНИНА

**Прочитајте ги текстовите: Исус Навин 14,6-14; 4. Мојсеева 14,24; 4. Мојсеева 32,12; 5. Мојсеева 1,36 и Лука 6,45. Како би го опишале ставот на Халев и на Исус Навин? Што значи целосно да се следи Господ?**

---

---

Халев никогаш не го заборавил ветувањето што Господ му го дал преку Мојсеј – дека ќе влезе во земјата по која одел со свои нозе (4. Мојсеева 14,24). Четириесет години подоцна, осврнувајќи се на својот извештај за таа земја, тој рекол дека зборувал „она што ми беше на срцето" (Исус Навин 14,7). Неговиот извештај се темелел на убедувањето дека, со Божјо водство и Негова помош, Израел ќе може да ја освои таа земја.

За разлика од извештаите на другите десет согледувачи, кои влеале страв меѓу Израелците, Халев покажал целосна доверба и посветеност на Господовото ветување. Еврејскиот израз, кој буквално значи „стоев сосем зад Господа" (Исус Навин 14,8), веројатно е скратен облик на подолг израз кој гласи: „Моето срце во потполност го следеше Господа" или „Со цело срце одев по Господа". За разлика од другите кои следеле други богови, и не го следеле Господа во потполност, срцето на Халев било целосно посветено на Господа.

Истиот израз подоцна се повторува двапати, нагласувајќи ја верноста на Халев (Исус Навин 14,9.14). Неговиот сопствен опис е во согласност со она што сам Господ го нарекол „друг дух" (4. Мојсеева 14,24), кој направил разлика меѓу Халев и другите десет согледувачи. Дури и на 85-годишна возраст, тој продолжил да биде пример за она што Господ може да постигне преку луѓе чиишто срца се целосно посветени на Него и на Неговото дело.

Халев сфатил дека територијата што секое племе на крајот ќе ја запоседне, ќе биде директно сразмерна на обемот во кој тие се осмелуваат да полагаат право на Господовите ветувања, и на големината на земјата на која биле спремни да стапат со вера. Божјите ветувања не се такви што сами по себе се исполнуваат, во смисла дека се остваруваат без оглед на нашата волја. Напротив, тие бараат вера проследена со решително дејствување. Еврејскиот израз 'ulay', „ако биде" (Исус Навин 14,12), може да изразува страв и сомнеж, но обично означува надеж и очекување дека ќе се случи нешто позитивно (1. Мојсеева 16,2; 4. Мојсеева 22,6.11; 4. Мојсеева 23,3).

**Кои се тие компромиси, „ситни" компромиси, кои можат да нè спречат целосно да го следиме Господа?**

## МОЌТА НА ПРИМЕРОТ

**Прочитајте ги следните текстови: Исус Навин 15,16-19; Судии 1,13; и Судии 3,7-11. Што ви кажува оваа сторија за моќта на примерот? Како ставот на Халев се повторил кај помладата генерација?**

---

---

Во овој пасус, Халев ја нуди својата ќерка, Ахса, за жена на оној што ќе го освои Девир. Готонил го освојува градот и ја добива раката на Ахса. Оваа сторија е важна бидејќи уште еднаш ја открива храброста, верата и подготвеноста на Халев да прифати предизвици.

Исто така, таа покажува дека следната генерација Израелци го следела примерот на овие гиганти на верата – Халев и Исус Навин. Како што постарата генерација ја завршувала својата служба, така дошла нова генерација, подготвена да се соочи со предизвиците и да продолжи да го исполнува Божјиот план за Израел.

На начин кој не се разликува многу од барањето на Халев упатено до Исус Навин: „Дај ми ја оваа гора“, Ахса, охрабрена од својот сопруг, покажува иста вера и решителност како и нејзиниот татко. Во својата решителност и храброст, Ахса се надоврзува на примерот на Халев за исполнување на ветувањето дека ќе ја поседува земјата.

И навистина, таа земја е дар од Јахве за Израел, но Израел мора да ја присвои со тоа што ќе се повика на Господовите ветувања со вера и храброст. Решителноста на Ахса е претслика за истрајноста на оние жени во Евангелијата кои не дозволувале да бидат спречени ниту од толпата ниту од учениците и не се откажувале сè додека не го примиле Исусовиот благослов за себе и за своите семејства.

**Прочитајте Лука 18,1-5. Која поука се крие овде за нас?**

---

---

---

Пренесувањето на факелот на верата на следната генерација е од клучна важност за исполнување на мисијата што Бог ни ја доверил. Размислете за предизвиците околу пренесувањето на верата на следната генерација од една страна, и на можностите младите луѓе да преземат поголеми одговорности во Божјото дело од друга страна. **Што можеме да направиме за да им олесниме на младите и да ги обучиме да го преземат духовното водство? Колку е пресуден нашиот пример во овој процес?**

# ПОНИЗЕН ХЕРОЈ

Долгите листи со називи на местата што ја означувале територијата доделена на израелските племиња, сместени се меѓу извештаите за распределба на земјиштето на двајцата херои од првата група согледувачи – Халев и Исус Навин. Халев бил првиот што го примил своето наследство, а Исус Навин бил последниот. До тој момент, Исус Навин им ја доделувал земјата на израелските племиња. Сега било време израелскиот народ да му го предаде неговото наследство нему.

**Прочитајте го текстот Исус Навин 19,49–51. Кои се поуките од фактот дека големиот израелски водач, кој ја разделувал земјата, го добива своето наследство последен?**

---

---

Градот што го добива Исус Навин е Тимнат-Сара, чие име се состои од два збора. Првиот, Тимнат, доаѓа од глагол (manah) чие значење е „брои“ или „доделува“ и се однесува на дел или територија. Вториот збор може да биде изведен од еврејски глагол (serach) кој означува „вишок“ или „остаток“ (споредете 2. Мојсеева 26,12). Така, името на градот на Исус Навин може да се преведе како преостанат дел или остаток од територијата.

И самиот назив на градот што го избрал Исус Навин од она што преостанало, сведочи за благородниот карактер на вториот водач на Израел. Пред сè, тој чекал додека целиот народ не го добие својот дел. Потоа, тој не избрал една од најгусто населените територии во земјата, ниту еден од најимпресивните градови, како свое наследство, туку еден скромен град, или можеби дури и неговите урнатини, за да ги обнови со напорна работа (споредете Исус Навин 19,50).

Покрај тоа, Тимнат-Сара се наоѓала во близина на Силом и светилиштето, што покажува кои биле приоритетите на Исус Навин и за што било врзано неговото срце. Секако, откако новооснованиот народ на Израел бил воведен во Ветената земја и откако со Божја помош било обезбедено наследство за секое племе и семејство, не би имало приговор дури и кога Исус Навин би барал некое поимпресивно наследство. Меѓутоа, тој бил задоволен со едноставен живот, насочен кон она што било најважно, со што станал олицетворение на молитвата што подоцна ја изрекол Давид: „Само за едно Го молам Господа, само тоа го сакам: да останам во домот Господов преку сите денови на животот мој, да ја гледам Господовата убавина и да се поучувам во Неговиот свет храм“ (Псалм 27,4).

**Кои поуки можете да ги извлечете за себе од ставот на Исус Навин? Како можете уште сега да ги примените лично на себе?**

# ПРОМЕНЕТИ СО РАЗМИСЛУВАЊЕ

**Размислувањето за животниот пример на големите херои на верата е од суштинско значење за нашиот духовен раст. Во исто време, нашиот врвен пример е Исус Христос – Неговиот живот и учења. Каква промена се случува во нас кога сме насочени, сосредоточени на Исус и неговиот живот? Видете Евреите 12,1.2; 2 Коринќаните 3,18.**

---

---

Марко Јакобони, невронаучник на Универзитетот во Калифорнија, Лос Анџелес, ја проучувал функцијата на таканаречените неврони-огледала. Овие мали клеточни кола се активираат и кога ние самите извршуваме одредена работа – како што е насмевнување или прегрнување на некого – и кога гледаме како некој друг го прави тоа. Активноста на овие неврони ја намалува разликата меѓу она што го гледаме и она што го правиме.

Елена Г. Вајт зборува за важноста на гледањето на Исусовиот карактер: „Посматрајќи го Исуса, ние се здобиваме со сè појасни поими за Бога. Гледајќи го Него ние се менуваме. Добрината и љубовта кон ближните стануваат наши природни особини. Кај нас се развива карактер сличен на божествениот. Обликувајќи го неговиот лик во себе, ние ја зголемуваме и нашата способност да го запознаеме Бога. Воспоставуваме сè поцврста заедница со небесниот свет, со што се зголемува нашиот капацитет за примање на богатството на знаењето и вечната мудрост“ (Елена Г. Вајт, Христовите параболи, стр. 355 оригинал).

**Прочитајте го текстот Римјаните 12,1.2. Кои два процеса водат кон спротивставени цели во нашиот живот? Како можеме да бидеме сигурни дека оставаме простор за онаа вистинската?**

---

Во резимето на своето Послание до Римјаните, апостол Павле зборува за две спротивставени сили кои се обидуваат да го обликуваат нашиот живот. Од една страна, светот околу нас, со своите различни влијанија, се обидува секојдневно да нè втера во својот калап, наведувајќи нè да му се прилагодиме преку сила која делува од надвор кон внатре.

За да се спротивстави на ова влијание, Светиот Дух е во состојба да нè преобрази од внатре кон надвор, слично како што гасеницата се преобразува во прекрасна пеперутка. Но, за да се одигра овој процес, треба да му се посветиме на Бога и да го молиме да го продолжи доброто дело што го започнал во нас (Филипјаните 1,6). Конечно, мора да донесуваме свесна одлука, од миг во миг, да одиме во Духот.

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Верата на Халев и сега била иста како и тогаш кога со своето сведоштво им противречил на лошите извештаи на десеттемина извидници. Тој верувал дека Бог, според ветувањето што го дал, ќе му го предаде Ханан на својот народ и со таа вера непоколебливо и 'целосно се држеше за Господа'. Тој, заедно со својот народ, ги издржал сите долги талкања низ пустината и ги преживеал сите разочарувања и сите тешкотии што ги создавале виновниците; па сепак, не се плачел, туку ја славел и фалел милоста и добрината на Оној кој го сочувал и го одржал во пустината додека неговите браќа пропаѓале. Господ го одржал во најголемите патила, опасности и несреќи претрпени во текот на талкањето низ пустината, во сите воени години откако влегле во Ханан, па и сега, кога веќе имал повеќе од осумдесет години, неговата сила не била намалена. Тој за себе не ги барал оние области што веќе биле освоени, туку токму ова место за кое извидниците, повеќе отколку за кое било друго, тврделе дека е непреземливо. Со Божја помош тој сакал да се фати во костец токму со таа сила чиишто џиновски тврдини ја поколебале верата на Израел. Халев тоа не го барал затоа што бил жеден за слава или за величење. Стариот храбар воин сакал на народот да му даде пример со кој Бог ќе биде прославен, а племињата охрабрени целосно и до крај да ја покорат земјата што нивните татковци ја сметале за непреземлива.“ (Елена Г. Вајт, Патријарси и пророци, стр. 512, 513 оригинал).

„Верата во Бога била таа што на Халев му давала храброст, го чувала да не се плаши од човек и го оспособила смело и непоколебливо да застане во одбрана на праведноста. Потпирајќи се на истата оваа сила, на моќниот Заповедник на небесните војски, секој искрен војник на крстот може да прими сила и храброст да ги надмине пречките што изгледаат непремостливи“ (Елена Г. Вајт, The Advent Review и Sabbath Herald, 30 мај 1912).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Разговарајте за силата на притисокот од средината и храброста која е потребна за да се проговори кога другите не го прават тоа. Која е улогата на храброста во практикувањето на нашата вера? Како можеме да избегнеме да бидеме груби и неучтиви додека се залагаме за она што веруваме дека е исправно?**
2. **Споделете во вашата класа неколку примери на вера од вашата црква или заедница кои го обликувале вашиот живот и карактер. Кои се особините на овие луѓе што вреди да се следат?**
3. **Размислете и разговарајте за влијанието на медиумите врз нашиот живот. Како можеме да ги избегнеме нивните негативни влијанија, а во исто време да го искористиме нивниот потенцијал за добри цели?**
4. **Размислете повеќе за понизноста на Исус Навин како водач и неговата желба да живее блиску до светилиштето. Што ве поучува неговиот пример?**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**9. Лекција**
**Од 22 до 28 ноември 2025**

# НАСЛЕДНИЦИ НА ВЕТУВАЊЕТО, ЗАТВОРЕНИЦИ НА НАДЕЖТА



**ПРОУЧЕТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Мојсеева 3,17-24; 5. Мојсеева 6,3; Исус Навин 13,1-7; Евреите 12,28; 3. Мојсеева 25,1-5.8-13; Езекиел 37,14.25.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ:„Враќајте се во тврдината вие затвореници, полни со надеж! Денес навестувам дека ќе ти дадам двојно" (Захарија 9,12).**

Текстот од 13. до 21. глава во Книгата на Исус Навин содржи долги листи на географски меѓници, линии кои ги обележуваат деловите од земјата доделени на израелските племиња. За современиот читател, овие листи може да изгледаат безначајни, но тие се засноваат на теолошко разбирање на Ветената земја кое е значајно за нас денес. Преку овие конкретни листи, Бог сакал да ги поучи Израелците дека таа земја не е сон. Таа им била ветена на многу опиплив, мерлив начин. Но тие морале да го претворат тоа ветување во стварност на тој начин што ќе постапуваат во согласност со него.

Тоа значи дека Бог ќе им ја даде земјата како наследство. Тоа ќе биде дар, даден како исполнување на она што им го ветил на нивните татковци. „Ете, ви ја давам таа земја, одете, земете ја земјата во наследство, која Господ со клетва им вети дека ќе им ја даде на предците ваши – на Авраам, Исак и Јаков, ним и на потомството нивно" (5. Мојсеева 1,8). Но, секако, и тие имале своја улога во тоа.

Оваа седмица ќе се осврнеме на некои теолошки поими во врска со Ветената земја и нејзините духовни импликации за оние кои тврдат дека полагаат право на сите ветувања што се наоѓаат во Исуса Христа.

## ЕДЕМ И ХАНАН

**Прочитајте ги стиховите 1. Мојсеева 2,15 и 1. Мојсеева 3,17-24. Кои биле последиците од Падот, барем кога станува збор за животниот простор на првата човечка двојка?**

---

---

При создавањето, Бог ги сместил Адам и Ева во совршено опкружување, вистинско олицетворение на изобилство и убавина. Значи, првиот човечки пар го запознал својот Творец во прекрасна животна средина која можела да ги задоволи сите нивни физички потреби. Покрај можноста да го слушаат изговорениот збор Божји, Едемската градина претставувала образовен центар каде што Адам и Ева стекнале значаен увид во Божјиот карактер и животот што Бог го наменил за нив. Оттука, кога го прекинале својот однос на доверба со својот Творец, се променил и нивниот однос со едемското опкружување и, како знак на овој нарушен однос, морале да ја напуштат градината. Ја изгубиле територијата што Бог им ја дал. Така Едемската градина станала симбол на изобилен живот, а истите мотиви повторно ќе ги најдеме во рамките на темата за Ветената земја.

**Како патријарсите го сфатиле ова ветување за земјата? (Видете ги следните текстови: 1. Мојсеева 13,14.15; 1. Мојсеева 26,3.24; 1. Мојсеева 28,13.) Што мислите, што значи за нас адвентистите тоа дека живееме како наследници на ветувањето (Евреите 6,11-15)?**

---

---

Кога Аврам влегол во земјата што Бог му ја покажал, таа, врз основа на верата, станала земја на ветувањето за него и за неговите потомци. Таа останала земја на ветувањето во следните 400 години. Патријарсите, не ја поседувале вистински таа земја. Таа не била нивна во смисла да можат да им ја остават на своите деца како наследство. Всушност, таа му припаѓала на Бога, исто како што и Едемската градина му припаѓала Нему. Исто како што Адам и Ева не направиле ништо што би им давало право на Едемската градина, така ни Израел со ништо не придонел за да ја заслужи таа земја. Ветената земја била дар од Бога, даден по Негова иницијатива. Израел немал никакво вродено, ниту какво било друго право на таа земја (5. Мојсеева 9,4-6). Можеле да ја запоседнат само со Божјата благодат.

Патријарсите биле наследници на ветувањата сѐ додека тие не се исполниле. А ние, како Христови следбеници, сме наследиле уште подобри ветувања (Евреите 8,6), кои ќе се исполнат ако се угледаме на „оние кои преку вера и трпение ги добиваат ветувањата“ (Евреите 6,12).

## ЗЕМЈАТА КАКО ДАР

**Прочитајте ги следните текстови: Излез 3,8; 3. Мојсеева 20,22; 3. Мојсеева 25,23; 4. Мојсеева 13,27; 5. Мојсеева 4,1.25.26; 5. Мојсеева 6,3; и Псалм 24,1. Каков посебен однос постоел помеѓу Бога, Израел и Ветената земја?**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

На некое најосновно ниво, земјата обезбедува физички идентитет за еден народ. А просторот на кој се наоѓа, исто така, го одредува занимањето и начинот на живот на тој наорд. Робовите биле без корен и не припаѓале никаде, а некој друг уживал во плодовите на нивната работа. Поседувањето земја значело слобода. Идентитетот на избраниот народ бил силно поврзан со нивното живеење во таа земја.

Постоел посебен однос меѓу Бога, Израел и земјата. Израел ја добил таа земја од Бога како дар, а не како неотуѓиво право. Избраниот народ можел да ја поседува земјата сè додека бил во заветен однос со Јахве и додека ги почитувал условите на заветот. Со други зборови, тие не можеле да ја имаат земјата и нејзините благослови без Божјиот благослов.

Во исто време, вистина е дека земјата им обезбедувала еден вид „леќа“ низ која Израелците можеле подобро да го видат и да го разберат Бога. Животот во таа земја секогаш ќе ги потсетува на верниот и доверлив Бог кој ги држи своите ветувања. Ниту земјата ниту Израел не би постоеле без иницијативата на Бога, кој е извор и темел на нивното постоење. Додека Израелците биле во Египет, реката Нил и системот за наводнување, заедно со напорната работа, им обезбедувале земјоделски посеви кои им биле потребни за нивниот опстанок. Ханан бил поинаков. Таму тие зависеле од дождот за изобилството на нивните жетви, а само Бог можел да ги контролира временските прилики. Така, земјата ги потсетувала Израелците на нивната постојана зависност од Бога.

Иако Израел ја добил таа земја како дар од Јахве, сам Бог, во крајна смисла, и понатаму останал нејзин сопственик. А како вистински сопственик на целата планета (Псалм 24,1), Јахве имал право да му ја додели таа земја на Израел или да му ја одземе. Ако Бог е сопственик на целата земја, тогаш Израел и, пошироко гледано, сите луѓе се странци и придојденици, или, со современ јазик кажано, сите ние сме Божји долгогодишни гости на Неговата земја/планета.

**Во светлината на стиховите 1. Петрово 2,11 и Евреите 11,9-13, што значи за вас лично тоа дека живеете како странец и придојденец, чекајќи град чиј Творец и градител е лично Бог?**

## ПРЕДИЗВИК НА ЗЕМЈАТА

**Прочитајте Исус Навин 13,1-7. Иако земјата Ханан била дар од Бога, какви предизвици го придружувале нејзиното заземање?**

---

Со оглед на фактот дека живееле како робови со векови, Израелците немале соодветни воени вештини за освојување на таа земја. Дури ни нивните робовладетели, Египќаните, со својата обучена и добро опремена војска, не биле во состојба трајно да ја заземат. Египќаните никогаш целосно не го освоиле Ханан, поради непробојноста на нивните градски ѕидишта. А сега на еден народ од некогашни робови им било кажано да освојат земја што дури ни нивните некогашни господари не биле способни да ја покорат. Ако некогаш ја поседуваат таа земја, тоа ќе биде само по Божја милост, а не со нивни сопствени напори.

Текстот од 13. до 21. глава од Книгата на Исус Навин се занимава со поделбата на земјата меѓу различните племиња на Израел. Во оваа пригода, им било кажано не само што им било доделено, туку и што сè уште требало да се заземе во рамки на таа територија. Израелците можеле да живеат безбедно во земјата што Бог им ја дал како наследство. Тие биле полноправни и законски закупци на земјата која била Божја сопственост. Сепак, Божјата иницијатива морала да биде проследена со соодветен човечки одговор. Првата половина од книгата покажува како Бог им ја дал земјата одземајќи ја од Хананците. Втората половина известува за тоа како Израел ја зазема земјата населувајќи се во неа.

Сложеноста на тоа освојување ја илустрира динамиката на нашето спасение. Слично на Израел, и ние не можеме ништо да направиме за да го заработиме нашето спасение (Ефесјаните 2,8.9). Тоа е дар, исто како што земјата била Божји дар за Израел врз основа на нивниот заветен однос со Него. Тоа секако не било врз основа на нивните заслуги (видете 5. Мојсеева 9,5).

Меѓутоа, за да можат Израелците да уживаат во овој Божји дар, тие морале да ги преземат сите одговорности што доаѓале со живеењето во таа земја, исто како што и ние мора да поминеме низ процес на посветување во послушност од љубов кон барањата на граѓанското право во Божјето царство. Иако тоа не е исто, сепак, паралелата помеѓу тоа што на нив земјата им била дадена по благодат и тоа што на нас спасението ни е дадено по благодат е доволно блиска. Нам ни е даден прекрасен дар, но можеме да го изгубиме ако не сме внимателни.

**Во која смисла христијаните денес се соочуваат со слични предизвици како што биле оние поврзани со освојувањето на Ветената земја? Видете Филипјаните 2,12; Евреите 12,28.**

## ОПРОСНА ГОДИНА

Земјата била од толку клучна важност за постоењето на Израел како Божји народ, така што не можела да им биде разделена како целина. Морала да биде поделена меѓу племиња, родови и семејства (4. Мојсеева 34,13-18), за да се спречи да стане сопственост на малубројна водечка/владејачка елита.

**Прочитајте го текстот 3. Мојсеева 25,1-5.8-13. Која била целта на саботната и опросната година?**

---

За разлика од Египет, каде што граѓаните редовно ја губеле својата земја и станувале кметови на фараонот, Божјата намера за Израелците била тие никогаш да не бидат трајно лишени од своите права. Никој надвор од родот и семејството на кое првично му била доделена не можел да ја поседува таа земја. Всушност, според Божјиот план, земјата буквално никогаш не можела да биде продадена. Можела да биде изнајмена само според нејзината вредност, која се одредувала според бројот на години што останувале до следната опросна година. Освен тоа, роднините на лицето кое било принудено да ја „продаде“ земјата на своите предци, биле должни да ја откупат дури и пред опросната година (3. Мојсеева 25,25).

Во оваа смисла, доделувањето на земјиште станува увид во Божјето срце. Како наш небесен Татко, Тој сака Неговите деца да бидат великодушни кон оние кои имале помалку среќа од нив, дозволувајќи нивната земја да ги храни секоја седма година. Саботната година претставува примена на саботната заповед на поширок план. Покрај тоа што ја вреднувало и охрабрувало напорната работа, сопственоста над земјиштето повикувала и на почит и љубезност кон оние кои се соочувале со финансиски тешкотии.

Законот за сопственост над земјата му нудел на секој Израелец можност да се ослободи од експлоататорските околности, без разлика дали се наследени или предизвикани од сопствената небрежност, и на тој начин да добие можност за нов почеток во животот.

Всушност, ова е и главната цел на евангелието – да ја избрише разликата меѓу богатите и сиромашните, работодавците и вработените, привилегираните и непривилегираните – доведувајќи нè сите на еднаква основа, преку препознавање на нашата целосна зависност од Божјата благодат.

За жал, Израел ги занемарил високите мерила што ги воспоставил Бог, не се придржувал до нив, и по неколку векови, предупредувањата за одземање на земјата се исполниле (2. Летописи 36,20.21).

**На кој начин принципите кои стојат зад саботата и земјата доделена на Израелците нè потсетуваат на тоа дека, во Божјите очи, сите ние сме еднакви? Како саботата може да ни помогне да кажеме „не“ на експлоататорските, маѓепсани кругови на консумеризмот што ги мачат многу општества?**

## ОБНОВЕНА ЗЕМЈА

**Прочитајте ги следните текстови: Еремија 24,6; Еремија 31,16; Езекиел 11,17; Езекиел 28,25; и Езекиел 37,14.25. Што ветил Бог во врска со враќањето на Израел во Ветената земја, и како тоа ветување се исполнило?**

За време на вавилонското прогонство, Израелците не ја искусиле само тажната реалност на тоа што останале без корен, туку и ветувањето дека нивниот однос со Бога, иако конкретизиран преку ветувањето за земјата, не бил условен од, ниту ограничен на поседувањето на земјата. Кога Израелците ги признале своите гревови, се покајале и го побарале Господа со сето свое срце, Бог повторно го исполнил Своето ветување и ги вратил во нивната земја, како знак на нивното обновување. Односно, Тој сè уште бил нивни Бог, дури и додека тие не биле во таа земја.

Меѓутоа, исто како што ветувањето дека Израел ќе ја поседува таа земја засекогаш било условно (5. Мојсеева 28,63.64; Исус Навин 23,13.15; 1. Царевите 9,7; 2. Царевите 17,23; Еремија 12,10-12), така условно било и ветувањето дека повторно ќе го насели Израел и ќе му овозможи да напредува во таа земја по прогонството. Во исто време, старозаветните пророци укажувале на обновата што ќе ја донесе идниот давидовски Цар (Исаија 9,6.7; Захарија 9,9.16). Тоа ветување се исполнило во животот, смртта и воскресението на Исуса Христа, во кого сите ветувања дадени на древниот Израел нашле свое исполнување.

Во Новиот завет, Ветената земја не се споменува директно, но ни е кажано дека Божјите ветувања се исполниле во Исуса Христа и преку Него (2. Коринќаните 1,20; Римјаните 15,8). На тој начин, во светлината на она што го знаеме за Христа, земјата добива поинакво значење, и станува симбол на духовните благослови што Бог планира да ги даде на Својот народ кој е верен на Него овде и сега (Ефесјаните 2,6), и кој ќе остане верен и во иднина.

Конечното исполнување на Божјето ветување за одмор, изобилство и просперитет ќе се случи на новата земја, ослободена од гревот и неговите последици. Во таа смисла, како христијани, ние ја темелиме нашата надеж врз Христовото ветување дека Тој ќе се врати и, по 1000-годишниот период на небото, ќе го воспостави Своето вечно царство на обновената земја. Ова ќе биде конечното исполнување на сите ветувања за земјата. **Прочитајте ги следните текстови: Јован 14,1–3; Тит 2,13; Откровение 21,1–3. Која конечна надеж за нас се наоѓа во овие стихови, и зошто Исусовата смрт е гаранција дека оваа надеж ќе се исполни?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата „Големата борба“ од Елена Г. Вајт, прочитајте го поглавјето со наслов „Големата борба е завршена“, стр. 672-678 оригинал.

„Ќе бидеме спасени засекогаш кога ќе влеземе низ вратата во градот. Тогаш ќе можеме да се радуваме затоа што сме спасени, спасени за вечност. Но, дотогаш треба да го послушаме советот на апостолот и 'да внимаваме, пак, додека уште ни е оставено ветувањето за влегување во Неговиот спокој, да не би се открило дека некој од вас би можел да задоцни' (Евреите 4,1). Поседувањето знаење за Ханан, пеењето песни за Ханан, радувањето во можноста да се влезе во Ханан, не ги вовело Израеловите деца во лозјата и маслиновите градини на Ветената земја. Таа можела навистина да биде нивна само ако ја заземат, ако ги исполнат условите, ако покажат жива вера во Бога и ако ги усвојат Неговите ветувања за себе“ (Ellen G. White, *The Youth's Instructor*, February 17, 1898).

„Во Библијата наследството на спасените се нарекува татковина (Евреите 11,14-16). Таму небесниот Пастир го води своето стадо на извори жива вода. Дрвото на животот носи плод секој месец, а неговите лисја служат за здравје на народот. Таму течат потоци кои вечно жуберкаат, бистри како кристал, на чиишто брегови се лелеат дрвја кои со своите сенки ги постилаат патеките што им ги приготвил Господ на откупените. Таму пространите рамнини прераснуваат во прекрасни брекчиња, а Божјите гори ги издигнуваат своите возвишени врвови. На тие тивки полјани, покрај тие живи потоци, Божјиот народ, кој бил толку долго патник и поклоник, ќе најде своја татковина“ (Елена Г. Вајт, Големата борба, стр. 675 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Размислете за Ветената земја како симбол на изобилниот живот што Христос им го ветил на своите следбеници во стихот Јован 10,10. Како предностите од живеењето во земјата на изобилство ги доловуваат благословите на спасението?**

**2. Каков однос постои меѓу граѓанската припадност на некоја земја и негувањето одреден начин на живот? Како едното влијае на другото? Кои се импликациите од граѓанската припадност на царството Божјо?**

**3. Како луѓе, постојано се разочаруваме од туѓите ветувања, а понекогаш и од ветувањата што си ги даваме самите на себе. Зошто можете да имате доверба во Божјите ветувања?**

**4. Како ветувањето за новата земја можеме да го направиме дел од нашата иднина на реален и конкретен начин, дури и сега?**

**10. Лекција**
**Од 29 ноември до 5 декември 2025**

# ВИСТИНСКИОТ ИСУС НАВИН



**ПРОУЧЕТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Коринќаните 10,1-13; Матеј 2,15; Исус Навин 1,1-3; Дела 3,22-26; Евреите 3,7-4.11; 2. Коринќаните 10,3-5.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Сето тоа ним им се случуваше да служат како пример, а беше запишано нам за опомена, до кои стигна крајот на вековите" (1. Коринќаните 10,11).**

Читајќи ја Книгата на Исус Навин, стекнуваме впечаток дека нејзиниот главен лик укажува на реалност што е надвор од него и далеку го надминува. Овој принцип го гледаме низ целата Библија, како што земјата Ханан, на пример, е симбол на нашата непоминлива надеж во новата земја. И секако, службите во земното светилиште, исто така, упатувале на поширока реалност: „Но Христос, кога стана Првосвештеник на идните добра, со поголемо и со посовршено светилиште, неракотворено, односно не онакво какво што се прави на земјата" (Евреите 9,11).

Но, се поставува прашањето: Во која смисла Книгата на Исус Навин упатува на некое идно исполнување? Како можеме да бидеме сигурни дека таквото толкување на оваа книга е оправдано? Кои се библиските принципи што ја контролираат примената на Книгата на Исус Навин врз новозаветните реалности и настаните на последното време?

Оваа седмица ќе ги истражуваме принципите на библиското толкување во однос на типологијата. Ќе видиме дека самата Библија содржи показатели за типологија и ќе проучиме во која смисла животот на Исус Навин дава претслика на службата на Месија и укажува на симболиката исполнета во црквата, како и на крајот од човечката историја.

# БИБЛИСКА ТИПОЛОГИЈА

**Проучете ги следните стихови што се однесуваат на типови и обидете се да дефинирате што е библиска типологија: Римјаните 5,14; 1. Коринќаните 10,1-13; Евреите 8,5; и Евреите 9,23.**

---

Овие библиски стихови ги користат термините „тип“ (грчки: typos) и „антитип“ (грчки: antitypos) за да укажат на начинот на кој новозаветниот писател го дефинирал односот меѓу некој старозаветен текст или настан и неговото значење во неговото време или во иднината.

Типологијата е посебен начин на претставување на одредени личности, настани и институции, кои даваат претслика за Исуса Христа или за други евангелски реалности. Типот одговара на антитипот како што калапот или некој шуплив сад одговараат на обликот на оригиналниот предмет, иако вториот, антитипот, поцелосно ја изразува целта на типот. Според тоа, библискиот тип е обликуван според божествен образец што постоел конкретно, или како замисла во Божјиот ум, и служи за обликување на идните копии (антитипови).

Клучно е да се разбере дека различните новозаветни писатели не им припишувале случајно типолошко значење на некои старозаветни текстови со цел да истакнат одреден заклучок. Старозаветниот тип секогаш бил потврдуван во пророчките списи пред да го достигне своето антитипско исполнување во Новиот завет.

**Погледнете како е претставен Давид во Стариот, а како во Новиот завет. Кои поуки за тоа како функционира типологијата можеме да ги извлечеме од овој пример?**

а. Давид (Псалми 22,1.14-18):

---

б. Новиот Давид (Еремија 23,5; Исаија 9,5.6; Исаија 11,1-5):

---

в. Антитипскиот Давид (Јован 19,24):

---

Кога ги погледнеме овие текстови, откриваме дека самиот Стар завет ни го дава клучот за препознавање и примена на типовите во Светото писмо. Односно, новозаветните писатели, чие единствено Свето писмо било Стариот завет, биле поттикнати од Светиот Дух да ги користат старозаветните типови за да ја откријат „сегашната вистина“ (2. Петрово 1,12), особено во врска со Исуса Христа и Неговата служба.

## ТИП И АНТИТИП

Толкувачите на Библијата не можат произволно да одлучуваат за тоа што претставува библиски тип, ниту како тој конкретен тип се исполнува во Новиот завет и пошироко. Самата Библија обезбедува некои контролни механизми и принципи во врска со примената на библиската типологија.

И уште повеќе, Новиот завет го открива антитипското исполнување на типот во три различни фази: (1) во Христовиот живот (христолошко исполнување), (2) во искуството на црквата (еклезиолошко исполнување) и (3) на крајот на времето (есхатолошко исполнување).

Овие типови и антитипови можеме да ги најдеме во целата Библија и тие се многу корисни, во смисла дека го упатуваат читателот како да ја разбере Библијата и вистините на коишто Божјата Реч нѐ учи во врска со Исуса Христа, спасението и конечната надеж што ја имаме.

**Разгледајте ги следните старозаветни типови: Израел, Излегувањето од Египет и Светилиштето. Како се исполниле сите овие во трите антитипски фази: христолошка, еклезиолошка и есхатолошка?**

**1. Израел**

а. Христолошка фаза (Матеј 2,15): ______________________________

б. Еклезиолошка фаза (Галатјаните 6,16): ________________________

в. Есхатолошка фаза (Откровение 7,4-8.14): ______________________

**2. Излегувањето**

а. Христолошка фаза (Матеј 2,19-21): ___________________________

б. Еклезиолошка фаза (2. Коринќаните 6,17): _____________________

в. Есхатолошка фаза (Откровение 18,4): _________________________

**3. Светилиштето**

а. Христолошка фаза (Јован 1,14; Јован 2,21; Матеј 26,61): _________

б. Еклезиолошка фаза (1. Коринќаните 3,16.17; 2. Коринќаните 6,16):

______________________________________________________________

в. Есхатолошка фаза (Откровение 3,12; Откровение 11,19; Откровение 21,3; Откровение 21,22): ______________________________________

„Бидејќи Светото писмо има еден единствен божествен Автор, неговите различни делови се во хармонија еден со друг... Оттука, сите библиски учења мора да бидат меѓусебно поврзани. Толкувањата на поединечните пасуси мора да се усогласат со целината на она што го учи Светото писмо во врска со дадена тема“ (*Handbook of Seventh-day Adventist Theology, стр. 65*).

**Што правите кога, како што се случува повремено, ви е тешко да го разберете значењето на одреден библиски пасус?**

# ИСУС НАВИН, ТИП

**Во светлината на библиската типологија, какво е значењето на повеќекратните паралелизми меѓу животите на Мојсеј и Исус Навин? Видете ги следните текстови: 2. Мојсеева 3,1.2; Исус Навин 1,1-3; 4. Мојсеева 13,1.2; Исус Навин 2,1; 2. Мојсеева 3,5; Исус Навин 5,15.**

Како што откривме веќе во првата седмица, Исус Навин е претставен како нов Мојсеј кој, во животот на втората генерација, ги повторува најзначајните чекори преземени во времето на Излегувањето од Египет. Исто како и Мојсеј, и тој бил повикан во служба за време на лична средба со Господа. Под водство на овие двајца луѓе, гласот за Израел влевал страв меѓу народите. Мојсеј го водел Израел при преминувањето на Црвеното Море, а Исус Навин ги водел при чудесното преминување на Јордан. И на двајцата водачи им било укажано на неопходноста од обрежување и на важноста на Пасхата. Маната почнала да паѓа во времето на Мојсеј, а престанала во времето на Исус Навин. На двајцата им било заповедано да ги соблечат сандалите. Подигнатата рака и на двајцата ја означувала победата на Израел. Мојсеј дал упатства за поделба на земјата и воспоставување градови засолништа. Исус Навин постапил според тие упатства. Двајцата одржале проштални говори и ги обновиле своите завети за благосостојбата на народот на крајот од нивната служба.

**Проучете ги текстовите: 5. Мојсеева 18,15-19; 5. Мојсеева 34,10-12; Јован 1,21; Дела 3,22-26; и Дела 7,37. Кој го исполнил пророштвото за пророк како Мојсеј? Како се вклопува Исус Навин во оваа слика?**

Животот на Исус Навин бил делумно исполнување на тоа Мојсеево пророштво (5. Мојсеева 18,15.18). Меѓутоа, тоа пророштво, кое го дал самиот Мојсеј, сè уште не било исполнето во неговата целосна смисла. Тоа пророштво, во крајна смисла, можело да го оствари (или исполни) само Месија. Тој блиску и многу добро го познавал Отецот (Јован 1,14.18); Тој бил вистинит и вистински го откривал Бога (Лука 10,22; Јован 14,6; Матеј 22,16). Бог навистина ги ставил Своите зборови во Неговата уста (Јован 14,24). Според тоа, животот и на Мојсеј и на Исус Навин станал тип на идниот Месија, Исус Христос.

**Колку е суштински важен Исус Христос во вашето одење со Господа? Зошто Исус Христос и она што Тој го направил за вас мора да биде темел на целокупното ваше христијанско искуство?**

## ВИСТИНСКИОТ ИСУС НАВИН, АНТИТИПОТ

Сторијата за Исус Навин мора да се согледа низ призмата на типологијата. Војните што ги водел Исус Навин се историски настани, кои сочинуваат клучен сегмент од историјата на Израел. Целта на овие војни била да се насели Израел во Ветената земја, каде што, во наследството што им било доделено, можеле да уживаат во мир и да воспостават ново општество засновано врз принципите на Божјиот закон.

Подоцнежните старозаветни писатели, како што е Исаија, го прикажуваат делото на Месија, кое исто така се состои од доделување на „опустошените наследства“ на неговиот народ (Исаија 49,8), користејќи ја истата терминологија која е толку честа во Книгата на Исус Навин. Исто како што задачата на Исус Навин била да им ја раздели земјата на Израелците, така и Месија, опишан како нов Исус Навин, му доделува духовно наследство на новиот Израел.

**Прочитајте Евреите 3,7 - 4,11. На кој начин Новиот завет потврдува дека Исус Навин, новиот Мојсеј, и самиот е тип на Исуса Христа?**

___

___

___

Новозаветните писатели претставиле многу аспекти од службата на Исус Христос преку дејствувањето на Исус Навин. Исто како што Исус Навин влегол во Ханан по 40 години во пустината, така и „антитипскиот Исус Навин“, Христос, ја започнал својата земна служба по 40 дена во пустината (Матеј 4,1–11; Лука 4,1–13), а својата небесна служба по 40 дена во пустината на оваа планета (Дела 1,3.9–11; Евреите 1,2).

По Исусовото крштевање во реката Јордан (што било Неговото „преминување преку Јордан“ [Матеј 3,13-17; Марко 1,9-11]), евангелистите ги цитираат стиховите Псалм 2,7 и Исаија 42,1, од месијанскиот псалм и песна за страдалниот Слуга на Јахве (Матеј 3,17; Марко 1,11; Лука 3,22). Слично на тоа, Исус, преку своето крштевање, е прикажан како божествен воин кој – во текот на целиот свој живот на верна служба и послушност до смрт – ќе ги предводи војните на Јахве против силите на злото. Неговиот живот и смрт на крстот довеле до соборување на сатаната и победа над нашите духовни непријатели, обезбедиле духовен одмор за Неговиот народ и послужиле како основа за доделување на наследството на искупените (Ефесјаните 4,8; Евреите 1,4; Евреите 9,15).

**Што значи да се најде „спокој“ во она што Христос го направил за нас? Односно, како можеме за себе да ја имаме сигурноста дека Исус го победил сатаната во наша полза?**

## ИСУС НАВИН И НИЕ

**Исус Навин, како тип, оди подалеку и од службата на Исус Христос и наоѓа свое исполнување во животот на црквата, Христовото тело. Во која смисла војните што ги водел Израел под водство на Исус Навин ги навестуваат духовните борби на црквата? И во што се разликуваат? Видете ги следните текстови: 1. Тимотеј 1,18; 2. Тимотеј 4,7; Ефесјаните 6,10-12; 2. Коринќаните 10,3-5 и Дела 20,32.**

---

Писателите на Новиот завет препознаваат еклезиолошко исполнување (преку црквата) на типологијата во врска со Исус Навин. Членовите на Христовото тело, црквата, се вклучени во духовна војна против силите на злото. Сепак, тие уживаат во спокојот преку Божјата благодат (Евреите 4,9-11) и во благословите на нивното духовно наследство.

**Што ни кажуваат следните стихови за конечното исполнување на типологијата во врска со Исус Навин? 1. Петрово 1,4; Колошаните 3,24; Откровение 20,9; Откровение 21,3.**

---

Конечното и целосно исполнување на типологијата во врска со Исус Навин ќе се постигне при второто доаѓање на Исуса Христа (апокалиптичен/есхатолошки аспект).

Животот на Исус Навин го одразувал Божјиот карактер до таа мера што извесни аспекти од неговиот живот попримиле пророчки карактер, обезбедувајќи претслика на карактерот и делото на Месија.

Од наша денешна перспектива, Месија веќе дошол. Неговата служба не треба да се претскажува, но сè уште имаме предност да го одразуваме Неговиот карактер – таа слава што Христос копнеел да ја сподели со Своите ученици (Јован 17,22), а која можеме да ја здобиеме со размислување за Неговиот карактер (2. Коринќаните 3,18). Колку повеќе размислуваме за Исуса, толку повеќе ја одразуваме убавината на Неговиот карактер. Ова е од темелна важност за она до што треба да води нашето секојдневно одење со Христос. Тоа е причината зошто времето поминато во Словото, секој ден, е толку важно. Тоа е исто така и причината зошто треба да поминуваме време размислувајќи за Исусовиот живот, за Неговиот карактер и учења, бидејќи ние навистина се менуваме преку набљудување и гледање.

**Исус Навин, типот, ги прашал Израелците: „До кога ќе се колебате да одите да ја завладеете земјата, што ви ја даде Господ, Бог на вашите татковци?“ (Исус Навин 18,3) На кој начин Исус Христос, неговиот антитип, би го формулирал тоа прашање денес?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Народот во Христово време не ја сфатил неговата мисија... Човечките традиции (преданија), изреки и прогласи, ги спречувале да ги научат поуките што сакал Бог да им ги пренесе. Тие изреки и традиции станале пречка да ги сфатат и во живот да ги спроведат начелата на вистинската религија. А кога се појавил Исус Христос како Стварност, тие во него не препознале дека се исполниле сите нивни симболи, содржината на сите нивни сенки. Го отфрлиле Оригиналот, а се придржувале кон своите бесполезни симболи и церемонии. Божјиот Син дошол, а тие продолжиле да бараат знак за неговото доаѓање. На пораката 'Покајте се, бидејќи наближи небесното царство', тие одговарале барајќи чудо (Матеј 3,2). Христовото евангелие им станало камен-сопка затоа што барале знаци наместо Спасителот. Очекувале Месија да ги докаже своите права со моќни освојувачки дела за да ја воспостави својата империја врз урнатините на земните царства. На овие очекувања Спасителот одговорил со примерот за сејачот. Небесното царство требало да победи не со силата на оружјето, не со насилно наметнување, туку со всадување на ново начело во човечките срца“ (Елена Г. Вајт, Христовите параболи, стр. 34, 35 ориг.).

„На црквата ѝ се потребни повеќе верни луѓе како што биле Халев и Исус Навин, кои се подготвени да го прифатат вечниот живот под Божјиот едноставен услов – послушност. Нашите цркви пекаат за работници. Светот е наше поле. Мисионери се потребни во градовите и селата, каде луѓето се поцврсто врзани во оковите на идолопоклонството отколку незнабошците од Исток, кои никогаш не ја виделе светлината на вистината. Вистинскиот мисионски дух исчезнува од црквите кои толку возвишено ја исповедаат својата вера. Нивните срца повеќе не горат од љубов кон душите и желба да ги доведат во Христовото стадо. Нам ни се потреби ревносни работници. Зар нема никој да одговори на повикот што се слуша од сите страни: „Дојдете... и помогнете ни“?“ (Ellen G. White, *Testimonies for the Church*, книга 4, стр. 156).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Како библиската типологија ви помага подобро да ја разберете службата на Исуса Христа во ваша корист?**

**2. Во кој поглед вашата духовна борба е слична на освојувањето на Ханан, а по што е различна?**

**3. Размислувајте за конечното исполнување на типологијата од Книгата на Исус Навин. Како сликата за еден свет без болка, страдање и смрт ни дава реална надеж во секојдневните животни борби?**

**4. Исус Навин го одразувал Божјиот карактер до тој степен што давал претслика за Христовата служба. На кои практични начини можете да му дозволите на Исуса да создаде поцелосен одраз на Неговиот карактер во вас?**

**11. Лекција**
**Од 6 до 12 декември**

# ЖИВОТОТ ВО ЗЕМЈАТА



**ПРОУЧЕТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Исус Навин 22; Ефесјаните 6,7; Јован 7,24; 4. Мојсеева 25; Мудри изреки 15,1; 1. Петрово 3,8.9.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Кроткиот одговор гневот го ублажува, а навредлив збор јарост предизвикува“ (Мудри изреки 15,1).**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

Живеењето во заедница понекогаш може да доведе до спорови и тензии. Ова особено важи за заедница како што е црквата, каде што луѓе од различно општествено потекло и положби – понекогаш израснати во сосема различни култури – живеат и работат заедно со заедничка цел.

Оваа седмица ќе ја проучиме 22 глава од Книгата на Исус Навин и предизвикот што произлегол од големото недоразбирање меѓу луѓето. На почетокот од книгата, Исус Навин им заповедал на некои племиња да го преминат Јордан и да учествуваат во освојувањето, заедно со племињата од западната страна на Јордан (Исус Навин 1,12-18). Сега, кога задачата е завршена, тие биле слободни да се вратат. Меѓутоа, од западната страна на Јордан, тие подигнале олтар кој предизвикал загриженост кај некои од племињата.

Зошто е опасно да се донесуваат избрзани заклучоци за однесувањето на другите? Како можеме да го негуваме единството во црквата? Зошто е важно да го имаме предвид поширокиот обем на нашиот повик и да не дозволиме вниманието да ни го одвлечат помалку важните работи? Ова се некои од прашањата на кои ќе се осврнеме оваа седмица.

## ПОСВЕТЕНОСТ

**Прочитајте го текстот Исус Навин 22,1-8. Што ни кажуваат овие стихови за посветувањето на припадниците на Рувимото, Гадовото и половина од Манасиевото племе?**

Исус Навин потврдува дека племињата од другата страна на Јордан целосно ги исполниле обврските што ги поставиле Мојсеј и самиот тој, што подразбирало значителна посветеност и жртва во заедничкиот интерес на Израел како народ. Тие се бореле заедно со своите браќа „долго време“, што всушност значело шест до седум години (споредете со стиховите Исус Навин 11,18; Исус Навин 14,10; 5. Мојсеева 2,14). Нивните жени и деца останале дома на источната страна од Јордан, но тие одлучиле верно да се борат заедно со своите браќа, соочувајќи се со опасноста од повреда и смрт во војната.

Овие стихови посредно ја нагласуваат важноста на единството на народот и земјата. Тие исто така го подготвуваат патот за наративот што следи, и кој во крајна линија зборува за единството. Дали израелските племиња ќе останат обединети, и покрај јасната природна граница што реката Јордан ја формира меѓу нив? Дали ќе дозволат географијата да остави свој белег врз нивниот идентитет како народ, или нивното заедничко богослужение на единствениот Бог ќе ги одржи како Негов избран народ, обединети и силни под Неговото теократско водство?

Исус Навин објаснува на кој начин таквата верност била единствено можна – тие не им служеле на своите сонародници, Израелците, туку на самиот Јахве, кој им ја доверил оваа мисија.

Истиот принцип го наоѓаме и во Новиот завет. Апостол Павле ги советува христијаните да ја извршуваат својата служба како да работат за Бога, а не само за луѓе (видете Ефесјаните 6,7; Колошаните 3,23; 1. Солуњаните 2,4). Впрочем, кој повисок повик постои од тоа да се работи за Создателот на вселената?

Во нашиот секојдневен живот, честопати се соочуваме со предизвици и тешкотии кои лесно можат да нè обесхрабрат и да нè натераат да посакаме да се откажеме од борбата. Понекогаш е толку лесно да се препуштиме на тоа. Сепак, секогаш можеме да се повикаме на силата на Господа, кој ветува дека ќе биде со нас и ќе нè оспособи да го правиме она што Тој го бара од нас. Ако нашиот висок повик е секогаш пред нашите очи, ќе бидеме мотивирани да продолжиме напред, и покрај неизбежните предизвици и обесхрабрувања кои се дел од нашето постоење, во нашата падната состојба на овој свет.

**Текстот Исус Навин 22,5.6 известува дека Исус Навин им се обратил на племињата што заминувале, поттикнувајќи ги да му останат верни на Господа, а потоа ги благословил. Како би се промениле нашите односи во црквата кога би се молеле едни за други повеќе отколку што го правиме тоа сега?**

## ОБВИНУВАЊА...

**Прочитајте го извештајот за враќањето на племињата во текстот Исус Навин 22,9-20. Кои обвинувања ги изнеле племињата од западната страна на Јордан против оние од источната страна? До кој степен овие обвинувања биле оправдани?**

---

---

За разлика од другите места каде што племињата источно од Јордан се нарекуваат со нивното вообичаено име (Рувимово, Гадово итн.), овде се користи поинаков израз: „синовите Рувимови“, „синовите Гадови“ и „половина од Манасиевото племе“, за разлика од „Израеловите синови“ (Исус Навин 22,11), како да е во прашање различен ентитет.

Во овој наратив, изразот „целата заедница на синовите Израелови“ се однесува само на деветте и пол племиња од западната страна на Јордан, со што се нагласува раздорот што се појавил меѓу овие две групи. Всушност, прашањето кое се наоѓа во основата на оваа сторија е дали племињата од источната страна на реката можат да се сметаат за Израелци.

Би очекувале непречено разрешување на приказната, но тензијата се јавува кога се дознава дека племињата од источната страна подигнале олтар крај Јордан. Самиот текст овде не нуди никаква причина за овој чин, ниту ја опишува целта на тој олтар или конкретните активности во врска со него. Нејаснотијата во врска со значењето на тој олтар уште повеќе се зголемува ако се потсетиме на првото преминување на Јордан, опишано во 3. и 4. глава, кога целиот Израел стоел на брегот на Јордан, со цел да ја премине реката и да влезе во Ханан. Овде сега дел од Израел доаѓа до бреговите на Јордан, но овој пат за да ја премине реката во спротивна насока.

Во двата случаи, била подигната структура од камен. Првата служела како споменик, додека втората се сметала за некаков импресивен олтар. Прашањето што неизбежно ни доаѓа на ум е: „Што значат овие камења?“ (Споредете Исус Навин 4,6.22). Дали овој олтар бил подигнат со цел да се принесуваат жртви или тоа е само споменик? Дали овие други племиња веќе тргнале по патот на отпадништвото?

Пропуштањето да се посоветуваат со Исус Навин, Елеазар и со другите племенски водачи создало простор за недоразбирање што можело да доведе до страшен судир.

**На што мислат Исус и Павле кога нè предупредуваат да не ги осудуваме другите? Прочитајте ги следните текстови: Лука 6,37; Јован 7,24; 1. Коринќаните 4,5. Зошто е толку лесно да се дојде до погрешни заклучоци во врска со мотивите на другите?**

## ПРОГОНУВАНИ ОД МИНАТОТО

**Прочитајте ги повторно стиховите Исус Навин 22,13-15, но овој пат во светлината на текстот 4. Мојсеева 25. Зошто Израелците го избрале Финес за водач на делегацијата за разговор со двете и пол племиња?**

___

___

___

Пред целосно да ги прифатат гласините за она што можело да се сфати како прогласување на независност, деветте и пол племиња, двапати наречени „Израелови синови“, испраќаат делегација за да ја разјаснат целта и значењето на тој олтар. Делегацијата ја предводел Финес, синот на Елеазар, првосвештеникот, кој требало да го наследи по неговата смрт (Исус Навин 24,33). Финес веќе стекнал одреден углед како свештеник кој ставил крај на развратот кај Ваал-Фегор (4. Мојсеева 25).

„Финес, синот на Елеазар, син на свештеникот Арон, кога го виде тоа, стана среде општеството и зеде во раката копје, и влезе по Израелецот во блудилиштето и ги прободе и обајцата: Израелецот и жената во утробата нејзина; и престана поморот на синовите израелски“ (4. Мојсеева 25,7.8).

Финес секако имал одредено влијание. Другите пратеници биле претставници на деветте и пол племиња од западниот брег на Јордан, од кои секое било глава на племенско семејство (буквално, „началник на татковиот дом“), во рамките на родовите во Израел.

Делегацијата го започнува обвинението за богохулство и бунт со официјалната пророчка формула: „Еве што вели“. Разликата, сепак, е во тоа што овде не зборува Господ, туку „целата заедница Господова“ (Исус Навин 22,16). Тие изнесуваат обвиненија за престап (грев), предавство и бунт. Изразот што се користи за „грев“ или „престап“ е истиот еврејски збор што се користи за да се опише гревот на Ахан (Исус Навин 7,1), и кој се појавува неколку пати во Мојсеевите книги (на пример, 3. Мојсеева 5,15; 3. Мојсеева 6,2; 4. Мојсеева 5,6.12). Примерите на Ахан и Ваал-Фегор служат како преседан: едниот за предавство, а другиот за бунт. Тие, исто така, предизвикале страв кај деветте и пол племиња, дека чинот на неовластено градење олтар ќе води во отпад, идолопоклонство и неморал, што ќе го навлече гневот Господов врз целиот израелски народ.

**Сите имаме негативни искуства од минатото кои го обликуваат начинот на кој ќе се однесуваме кон слични настани во иднина. Како Божјата благодат ни помага трагедиите од нашето минато да не го одредуваат начинот на кој постапуваме кон нашите ближни во сегашноста?**

## БЛАГ ОДГОВОР

**Прочитајте го текстот Исус Навин 22,21-29 во светлината на стихот Мудри изреки 15,1. Што можеме да научиме врз основа на одговорот на племињата на источната страна од Јордан?**

---

Одговорот на обвинетите, директен и силен како и обвинението, го сочинува јадрото на ова поглавје, и во тематска и во структурна смисла. До сега, овие племиња не одговарале на обвинувањата, туку во тишина ги сослушале тврдењата изнесени против нив. Со оглед на сериозноста на обвинувањата, нивното трпение може да послужи како пример, бидејќи тие го покажале вистинското значење на изреката: „Кроткиот одговор гневот го ублажува, а навредлив збор јарост предизвикува“ (Мудри изреки 15,1).

Воведната реченица на одбраната започнува со низа божествени имиња припишани на Израеловиот Бог: Ел, Елохим, Јахве (Исус Навин 22,22). Ова се повторува двапати со зголемена сила, станувајќи свечена заклетва со намера да се отстранат сите сомнежи и лажни обвинувања што речиси довеле до граѓанска војна во Израел. Тие се цврсто убедени дека Бог целосно ја знае и ја разбира ситуацијата, и се надеваат дека и присутната делегација ќе дојде до истиот заклучок. Двете и пол племиња ја признаваат својата одговорност пред Господа со тоа што го повикуваат Тој самиот да ги одмазди (споредете 5. Мојсеева 18,19; 1. Самоилова 20,16) ако се навистина виновни.

Она што следи е изненадувачко откритие кое, од една страна, покажува дека обвинувањето е неосновано (олтарот не мора да служи само како место за принесување жртви), а од друга страна, ја обелоденува нивната вистинска мотивација. Стравот од одвојување од Израел, а не отпадништвото, била вистинската причина за таквата нивна постапка. Според тоа, изградбата на олтарот не било доказ за отпадништво како што се претпоставувало. Всушност, било сосема спротивното – тие дејствувале во страв од Господа, исто како племињата на западниот брег на Јордан. Значи, вистинската основа на израелското единство не е географијата на теренот, ниту физичката големина на нивното наследство, туку нивната духовна верност кон Господовите барања.

Искрените намери на племињата од западниот брег на реката се покажале во нивната вистинска радост кога била утврдена невиноста на племињата од источниот брег. Наместо да се чувствуваат поразени од аргументите на своите браќа, тие покажуваат вистинска среќа затоа што нивните сомневања се покажале како погрешни. Граѓанската војна во Израел била избегната и единството на народот било зачувано.

**Како вие се справувате со лажни обвинувања? Наведете некои од принципите врз кои го темелите вашиот став. За инспирација, видете ги стиховите Псалм 37,3-6.34.37.**

## РЕШАВАЊЕ НА СУДИРИТЕ

**Прочитајте го текстот Исус Навин 22,30-34. Како целиот овој настан ни дава некои увиди во врска со решавањето на судирите и за начините да се обезбеди единство на црквата? (споредете со текстовите Псалм 133; Јован 17,20-23; 1. Петрово 3,8.9.)**

Наративот од 22. глава од книгата на Исус Навин содржи некои принципи на комуникација што можат да се применат во секојдневните човечки односи во семејството, во црквата и во општествената заедница.

1. Кога работите тргнуваат наопаку, или се чини дека тргнуваат наопаку, подобро е да комуницираме отколку да ги потиснуваме нашите грижи додека сè не експлодира. Добро е Божјиот народ да не остане рамнодушен кога ќе се јави впечаток дека може да дојде до проблеми. Секако, доколку племињата од другата страна на Јордан на почетокот објасенеле со која намера го градат олтарот, целиот проблем можел да се избегне.
2. Дури и кога сме сигурни во нашиот суд, не треба да донесуваме избрзани заклучоци. Племињата од западната страна на Јордан веднаш поверувале во гласините што им стигнале до нивните уши и извлекле погрешен заклучок дека племињата од источната страна веќе отпаднале од верата.
3. Разговарајте за реални или замислени проблеми пред да постапувате врз основа на вашите заклучоци.
4. Бидете спремни да поднесете жртва за да постигнете единство. Племињата од западната страна на Јордан биле спремни да се откажат од дел од територијата што им била доделена за да можат и другите племиња да се населат таму, во случај тоа што се нашле од другата страна на реката да било причина за нивното наводно отпадништво.
5. Кога сте обвинети, со право или не, дајте благ одговор кој го одвраќа гневот. Одговарањето на обвинението со контраобвинение никогаш не води кон мир. Настојувајте да разберете пред вас самите да ве разберат.
6. Радувајте се и благословувајте го Бога кога повторно ќе се воспостави мир. Прекрасно е да се види дека главното тело на израелската заедница доживело искрена радост кога се дознало за вистинските мотиви на двете и пол племиња. Тие не биле толку горди на својот суд за да не признаат дека погрешиле кога го донеле.

Меѓутоа, ако племињата на источниот брег на Јордан навистина отпаднале од верата, израелскиот народ би ги исполнил барањата на заветот. Единството никогаш не може да биде причина за разводнување на вистината или отстапување од библиските принципи. Меѓутоа, црковната дисциплина секогаш треба да биде последно (а не прво) нешто кон што се прибегнува, само ако сите обиди за помирување и укажување пасторска помош, засновани на Божјата Реч, пропаднат. Колку поинаку би изгледале нашите цркви кога овие едноставни принципи би се приминувале доследно!

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата „Патријарси и пророци“ од Елена Г. Вајт, прочитајте го поглавјето со наслов „Поделба на Ханан“, стр. 517–520 оригинал.

„Додека од една страна е важно кон гревот да се постапи строго и решително, од друга страна исто така е важно да се одбегнуваат избрзаните решенија и неоснованите сомневања...

Мудроста што ја покажале синовите на Рувим, Гад и Манасија треба не само да се пофали, туку и да се следи. Додека искрено се труделе да ја унапредат вистинската вера, за нив погрешно се судело и биле строго прекорувани; па сепак, тие не возвратиле со иста мера. Пријателски, учтиво и трпеливо ги ислушале обвинувањата на своите браќа пред да се обидат да се бранат, и дури потоа убаво објасниле зошто го сториле тоа и целосно ја докажале својата невиност. Така на пријателски начин е отстранета тешкотијата што можела да има сериозни и тешки последици.

Оние што имаат право можат дури и кога се лажно обвинети да останат и спокојни и полни со обѕири. На Бога му е познато сè што луѓето погрешно го разбираат и погрешно го изнесуваат, и секој наш случај можеме со сигурност да го препуштиме во негови раце. Сите што му го доверуваат својот проблем нему, можат да бидат сигурни дека Тој ќе го реши исто онака како што ја пронашол кривицата на Ахана. Срцето со кое управува Христов дух ќе ја покажува онаа љубов која 'долго трпи и милокрвна е'.

Божја волја и желба е меѓу неговиот народ да владее единство и братска љубов. Непосредно пред своето распнување Христос се молел за своите ученици да бидат едно како Тој што бил едно со Отецот за светот да верува дека Тој бил од Бога пратен. Таа необично трогателна и прекрасна молитва се однесува на неговите следбеници низ сите столетија сè до нашите денови, зашто Тој посебно нагласува: 'Не се молам само за нив, туку и за оние што со помош на нивните зборови ќе поверуваат во Мене' (Јован 17,20). Иако не смееме да жртвуваме ниту едно начело на вистината, мораме постојано да се залагаме настојувајќи да постигнеме состојба на такво единство“ (Елена Г. Вајт, Патријарси и пророци, стр. 519, 520 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Како Павловиот совет „сметајте се еден друг за погорен од себеси“ (Филипјаните 2,3) ни помага да избегнуваме лоши претпоставки за нашите браќа и сестри?**

**2. Зошто нашите неуспеси и грешки од минатото честопати нè наведуваат да реагираме претерано во одредени ситуации? Како можеме да ја надминеме оваа склоност?**

**3. Разговарајте за тоа колку е важно да се сослуша туѓото мислење. Како можеме да развиеме култура на слушање во нашата црква? (споредете со стихот Јаков 1,19.)**

**4. Живееме во општество каде што барањата на нашиот деловен живот, семејните одговорности, обврските врзани за црквата и другите должности можат да изгледаат поразителни. Како принципот сè да правиме како за Господа може не само да нè направи поодговорни, туку и да ни донесе душевен мир?**

**12. Лекција**
**Од 13 до 19 декември**

# БОГ Е ВЕРЕН!



**ПРОУЧЕТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Исус Навин 21,43-45; 2. Тимотеј 2,11-13; Исус Навин 23; Откровение 14,10.19; 5. Мојсеева 6,5.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Не остана неисполнет ниеден збор од сите добри зборови, кои Господ му ги беше рекол на домот Израелов: сè се исполни“ (Исус Навин 21,45)**.

Кога Џон Ф. Кенеди се обратил до Америка за време на неговата инаугурација на 20 јануари 1961 година, неговиот говор се состоел од само 1.366 зборови, но оставил неизбришлив белег во американскиот ум. Охрабрувајќи ја својата земја да се сосредоточи на своите одговорности наместо на привилегиите, тој рекол: „Со чиста совест како наша единствена сигурна награда, со историјата како конечен судија на нашите дела, да тргнеме напред да ја водиме земјата што ја сакаме, барајќи го Божјиот благослов и Неговата помош, но целосно свесни дека овде на земјата, Божјото дело, всушност, мора да биде и наше дело.“

Кога Исус Навин, остарениот водач на Израелците, осетил дека се ближи кон крајот на својот живот, решил да му се обрати на народот и на неговите водачи (Исус Навин 23 и 24). Во 23. глава фокусот е повеќе на иднината и на тоа како да се обожава Бог: исклучиво (т.е. Него и никој друг). Во 24-та глава, Исус Навин ни дава преглед на Божјите верни дела во минатото, со цел да нè доведе до одлука во врска со тоа кој е единствениот што заслужува да биде обожаван: Јахве.

Оваа седмица, заедно ќе го проучиме првиот говор на Исус Навин, во кој тој се осврнува на победите на Израел, но во исто време го оцртува патот за неговиот иден успех.

## СЀ СЕ ОСТВАРИЛО

**Каква слика за Бога ни дава Исус Навин 21,43-45? Како овие зборови можат да се применат не само на Ветената земја во историска смисла, туку и на реалноста на нашето спасение (2. Тимотеј 2,11-13)?**

---

---

Овие стихови претставуваат кулминација на книгата и нејзино теолошко резиме. Тие нагласуваат една од главните теми на целата книга: заветната верност на Јахве, кој ги држи своите ветувања и ги исполнува своите заклетви. Овој краток исечок, исто така, ја сумира целата содржина на книгата до тој момент. Стихот Исус Навин 21,43 зборува за доделувањето и населувањето на земјата (Исус Навин 13-21), додека стихот Исус Навин 21,44 се осврнува на победите здобиени над непријателите и на стекнатата власт над земјата (Исус Навин 1-12). Целата оваа ретроспектива е претставена низ призмата на Божјата верност. Израелците секогаш мора да имаат на ум дека не можат да бараат победа над своите непријатели, ниту земја како нивно наследство – освен врз основа на Божјата верност кон Неговиот даден збор.

Тој им ја дал „целата земја“ (Исус Навин 21,43), им ги предал во раце „сите нивни непријатели“ (Исус Навин 21,44) и „од сите добри зборови, кои Господ му ги беше рекол“ (Исус Навин 21,45), „сѐ се исполни“ (Исус Навин 21,45). Повторената употреба на зборот kol, „сите“, шест пати во три стиха (Исус Навин 21,43-45), повторно ја нагласува вистината дека земјата е дар од Јахве и дека Израел не може да си ја припише на себеси заслугата за она што го примил. Господ бил Тој што се заколнал дека ќе им ја „даде“ земјата и Господ им ги „предал“ во рацете сите нивни непријатели.

Целиот успех на Израел мора да се припише исклучиво на Божјата иницијатива и верност. Ова се однесува подеднакво и на нашето спасение: „Зашто по благодат сте спасени преку верата; и тоа не е од вас – туку дар Божји! Не е од дела, за да не се пофали некој“ (Ефесјаните 2,8.9).

Навистина, нагласувајќи ја Божјата верност, Павле исто така пишува: „Верни се зборовите: Ако со Него сме умреле, со Него и ќе живееме. Ако истраеме, со Него и ќе царуваме. А ако се одречеме од Него, и Тој ќе се одрече од нас. Ако не сме верни, Тој останува верен, бидејќи Сам Себе не може да се одрече“ (2. Тимотеј 2,11-13).

**Како Божјата верност во држењето на ветувањата ни влева доверба дека ниедно од Неговите ветувања за иднината нема да изневери? (Видете 1. Коринќаните 10,13; 2. Коринќаните 1,18–20.)**

## ЗНАК НА ЗАГРИЖЕНОСТ

Славниот заклучок на овој дел (Исус Навин 21,43-45) подразбира дека условот во вид на послушност е исполнет. Успехот никогаш не смее да се зема здраво за готово. Тој секогаш е поврзан со послушност кон Божјата Реч. Така, доделувањето на земјата, освен што претставува знак за Божјата верност кон Израел (Неемија 9,8), остава простор за слободен иден развој на настаните, заснован на ставот на Израел. Дали Израел ќе биде во состојба да го зачува она што е постигнато?

**Прочитајте го текстот Исус Навин 23,1–5. На кои подробности Исус Навин посебно се сосредоточува во својот увод?**

---

---

Говорот на Исус Навин преминува од стариот и долгогодишен говорник (кој е нагласен двапати) на неговите слушатели кои ќе мора да ја спроведат мисијата што Бог им ја доверил. Тој опишува како освојувањето на таа земја воопшто било можно: Господ се борел за нив. Иако по Излезот, поради нивните сомнежи и неверства, и самите тие морале да бидат вклучени во воени дејства, Израелците успеале да ја освојат таа земја, не благодарение на сопствената воена сила, туку на Божјата интервенција.

Бог му дал на Израел мир и одмор од неговите непријатели, но останале некои народи чијашто земја допрва требало да се освои. За Израел, победата не била некоја веќе остварена, непроменлива реалност, туку постојано потпирање со верата во Божјата помош која секогаш била достапна.

**Какви сличности постојат помеѓу начинот на кој Израелците го освоиле Ханан под водство на Исус Навин и начинот на кој христијаните денес можат да водат победнички духовен живот? Прочитајте ги следните текстови: Исус Навин 23,10; Колошаните 2,15; 2. Коринќаните 10,3-5; Ефесјаните 6,11-18.**

---

---

Победите на Израелците не би можеле да се припишат на нивната сила и стратегија. Слично на тоа, духовната победа над гревот и искушението е обезбедена врз основа на жртвата и воскресението на Исуса Христа, но Божјиот народ денес мора постојано да се потпира на свежи залихи од Светиот Дух за да живее победнички живот.

**И покрај толку многу прекрасни ветувања што ги имаме пред нас, зошто сè уште знаеме толку лесно да грешиме?**

# ЈАСНИ ГРАНИЦИ

Користејќи ги истите зборови упатени до него на почетокот од книгата (Исус Навин 1,7.8), Исус Навин изјавува дека задачата што стои пред Израел не е првенствено воена по природа. Таа има првенствено духовна природа. Се однесува на послушноста кон Божјата волја, како што е откриено во Тората.

**Што мислите, зошто Исус Навин зазел толку цврст став кога станува збор за односите на Израел со околните народи? (Исус Навин 23,6-8.12.13).**

---

Опасноста со која се соочува Израел овде не е заканата од непријателство од преостанатите народи, туку ризикот од пријателството со нив. Нивното оружје можеби не претставува посебен предизвик за Израел, но нивната идеологија и вредности (или контравредности) може да се покажат како поштетни од која било воена сила. Исус Навин го насочува вниманието на водачите кон клучниот факт дека судирот во кој се вмешани е, пред сè, од духовна природа. Оттука, Израел мора да го зачува својот единствен идентитет.

Забраната за повикување на името на некој бог, заколнување во него, и служење или поклонување пред него е поврзана со идолопоклонство. На древниот Близок Исток, името на божеството го претставувало неговото/нејзиното присуство и сила. Повикувањето и споменувањето на имињата на странски богови во секојдневните поздравувања или деловни средби подразбирало признавање на нивниот авторитет и можело да ги наведе Израелците да ја побараат нивната сила во време на потреба (споредете со стиховите Судии 2,1-3.11-13).

Опасноста од мешани бракови со преостанатите Хананејци се одразила во губењето на духовната чистота на Израел. Со давањето на овие предупредувања, Исус Навин немал намера да промовира расна или етничка чистота, туку да се избегне идолопоклонство, кое би можело да доведе до духовна пропаст на Израел. Случајот на Соломон е драматичен пример за тажните духовни последици од мешаните бракови (1. Царевите 3,1; 1. Царевите 11,1-8). Во Новиот завет, христијаните се изрично предупредени да не стапуваат во брак со неверници (2. Коринќаните 6,14), иако во случај на веќе постоечки бракови, Павле не ги советува да се разведат, туку ги поттикнува да водат примерен христијански живот со надеж дека ќе ги придобијат своите сопружници за Господа (1. Коринќаните 7,12-16).

**Предупредувањето на Исус Навин против штетните социјални врски неизбежно води до прашањето за односот на христијаните спрема „светот“. Како можеме да воспоставиме избалансиран однос со општеството што нè опкружува?**

# ГНЕВОТ ГОСПОДОВ

**Како би требало да ги протолкуваме описите на Божјиот гнев и Неговата одмаздничка правда во Книгата на Исус Навин (Исус Навин 23,15.16) и на други места во Светото писмо? (Видете исто така 4. Мојсеева 11,33; 2. Летописи 36,16; Откровение 14,10.19; Откровение 15,1.)**

---

Израел веќе го искусил Господовиот гнев за време на нивното талкање низ пустината (4. Мојсеева 11,33; 4. Мојсеева 12,9), како и во Ветената земја (Исус Навин 7,1), и бил целосно свесен за последиците од предизвикувањето на гневот на Јахве поради безобѕирното кршење на заветот. Овие стихови (Исус Навин 23,15.16) го претставуваат врвот на сериозноста на реториката на Исус Навин. Шокантно е да се чуе дека Господ би можел да го уништи Израел, бидејќи истиот израз претходно се однесувал на уништувањето на Хананците. Исто како што Господовите ветувања во врска со благословите над Израел биле верно исполнети, исто така сигурно ќе се остварат и заветните клетви (3. Мојсеева 26; 5. Мојсеева 28) ако Израелците го отфрлат заветот. Во светлината на одземањето на земјата и уништувањето на Хананците, овие стихови уште еднаш докажуваат дека Јахве е, во крајна линија, судија на целата планета. Тој објавува војна против гревот, каде и да се наоѓа. Израел не бил посветен, ниту, пак, стекнал некои посебни заслуги со своето учество во светата војна, исто како што не стекнале ни паганските народи подоцна, кога станале средство за извршување на судот на Јахве над неговиот избран народ.

Израел имал можност да избере славните сигурности од своето минато да ги претвори во темел за соочување со иднината.

На прв поглед се стекнува впечаток дека библиското учење за Божјиот гнев не може да се спои со тврдењето дека Бог е љубов (Јован 3,16; 1. Јованово 4,8). Меѓутоа, токму во светлината на Божјиот гнев, библиското учење за Божјата љубов станува уште поважно. Прво, Библијата го претставува Бога како полн со љубов, стрплив, долготрпелив и спремен да прости (2. Мојсеева 34,6; Михеј 7,18). Меѓутоа, во контекст на светот погоден од гревот, Господовиот гнев е одговор на Неговата светост и праведност при соочувањето со гревот и злото. Неговиот гнев никогаш не е некоја емотивна, одмаздољубива, непредвидлива или претерана реакција. Новиот завет учи дека Христос станал грев за нас (2. Коринќаните 5,21) и дека преку Неговата смрт ние сме помирени со Бога (Римјаните 5,10). Никој што верува во Него нема да мора да се соочи со Божјиот гнев (Јован 3,36; Ефесјаните 2,3; 1. Солуњаните 1,10). Концептот на Божјиот гнев го прикажува Бога како праведен судија над целата вселена и Оној кој ја поддржува правдата (Псалм 7,11; Псалм 50,6; 2 Тимотеј 4,8).

## ДРЖЕТЕ СЕ ЗА БОГА

Единствениот начин на кој Израел ќе биде во состојба да го избегне искушението на идолопоклонството и Божјиот гнев, не е преку постојано потсетување на „што не треба да се прави“ во рамките на заветот, туку со негување на свесна и доследна верност кон Господа. Истиот глагол, „да се држи, да се прилепи“ кон Господа (видете го стихот 5. Мојсеева 4,4), употребен е за да се опише брачниот завет помеѓу сопруг и сопруга (1. Мојсеева 2,24) и преданоста на Рута кон Ноемина (Рута 1,14). Важно е да се напомни дека, според проценката на Исус Навин, таквата верност го карактеризира Израел како народ „до ден-денес“. Тажно е што истата изјава нема да важи за подоцнежните периоди од израелската историја, како што за жал покажува Книгата за судиите (Судии 2,2.7.11; Судии 3,7.12; Судии 4,1 итн.).

**Исус Навин ги повикува Израелците да го сакаат Господа, својот Бог (Исус Навин 23,11; споредете со стихот 5. Мојсеева 6,5). Меѓутоа, љубовта не може да се наметне. Во спротивно, таа би престанала да биде она што е во суштина. И покрај тоа, во која смисла сепак љубовта може да се бара со наредба?**

---

За Израелците трајно да уживаат во благословите на заветот, тие ќе мора да му останат верни на Бога. Еврејскиот текст е исклучително емотивен на тоа место: „Затоа бидете многу внимателни и сакајте Го Господа, вашиот Бог“. Зборот „ahaba“, „љубов“, може да се однесува на широк спектар на човечки наклоности, вклучувајќи пријателска приврзаност, сексуална интимност, мајчинска нежност, романтична љубов и посветеност на Бога. Ако ја разбереме љубовта кон Бога како свесна преданост и посветеност на Него, тогаш таа може да се нареди без да се наруши нејзината вистинска природа (споредете со стихот Јован 13,34). Божјата намера отсекогаш била послушноста кон Неговите заповеди да произлезе од личниот однос со Него (2. Мојсеева 19,4; „Ве прибрав кај Себе“; 5. Мојсеева 6,5; споредете со стихот Матеј 22,37), да се заснова на она што Тој го направил за нив во Неговата голема милост и љубов.

Заповедта да го сакаме Бога, ја изразува и обостраната, иако не симетрична, природа на божествената љубов. Бог сака да влезе во близок, личен однос со секоја личност која возвраќа на неговата љубов. Според тоа, Божјата сеопшта љубов кон сите претставува рамка за појавување/изразување на нашата доброволна, заемна љубов.

**Исус им дал нова заповед на своите ученици. Во која смисла оваа заповед била и нова и стара во исто време? Прочитајте ги следните стихови: Јован 13,34; Јован 15,17; и 1. Јованово 3,11; споредете со стихот 3. Мојсеева 19,18.**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата „Патријарси и пророци“ од Елена Г. Вајт, прочитајте го поглавјето со наслов „Последните зборови на Исус Навин“, стр. 521, 522 оригинал.

„Сатаната мнозина измамува со навидум прифатливата теорија дека Божјата љубов кон неговиот народ е толку голема, што ќе им го прости секој грев; тој прикажува дека заканите на кои наидуваме во Божјата реч се упатени само затоа луѓето да се поправат, но дека тие никогаш нема буквално да се исполнат. Меѓутоа, Бог во своето целокупно постапување со своите созданија, придржувајќи се кон начелата на праведноста, го открил вистинскиот карактер на гревот – покажувајќи дека негови неминовни последици се само беда и смрт. Безусловно проштавање на гревот никогаш немало, ниту ќе има. Таквото проштавање би покажало дека се отфрлени начелата на правдата што претставуваат основа на Божјето владеење. Тоа би ги вчудовидело жителите на безгрешните светови во целата вселена. Бог верно укажал на последиците на гревот, и ако тие опомени не би биле вистинити, тогаш како би можеле да веруваме и во сигурноста на неговите ветувања? Таа божемна добрина, која би ја потиснала правдата, не е добрина туку слабост.

Бог е Творец и извор на животот и сите негови закони уште од почеток се дадени за живот. Но гревот го прекинал поредокот што го завел Бог и настанала дисхармонија. Сѐ додека постои грев, страдањата и смртта се неизбежни. И само затоа што Спасителот заради нас ја понел на себе ’клетвата на гревот‘, ние можеме да се надеваме дека Тој ќе нѐ ослободи и од страшните последици што ги носи гревот со себе“ (Елена Г. Вајт, *Патријарси и пророци*, стр. 522 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Осврнете се на доказите за Божјата верност во вашиот живот. На што можете да укажете? Во исто време, како реагирате кога работите не одат онака како што сте се надевале и во насоката за која сте се молеле, или кога вашето повикување на ветувања наидува на молчење?**

**2. Разговарајте за библиското учење за Божјиот гнев. Како би го претставиле Господовиот гнев како дел од добрата вест?**

**3. Кои принципи и заклучоци можеме да ги извлечеме од лекцијата за оваа седмица кога станува збор за дружењето со неверниците? Како можеме да одржиме рамнотежа меѓу поставеноста на јасни граници, во однос на нашите принципи и практики, и во исто време мешање со луѓето за да им служиме и да се грижиме за нивната благосостојба?**

**4. Кои се некои од пречките што ве спречуваат да се приврзете за Господа со сето свое срце?**

**13. Лекција**
**Од 20 до 26 декември 2025**

# ИЗБЕРЕТЕ ДЕНЕС!



**ПРОУЧЕТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Исус Навин 24; 1. Мојсеева 12,7; 5. Мојсеева 17,19; 5. Мојсеева 5,6; 1. Царевите 11,2.4.9; 2. Тимотеј 4,7.8.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Ако, пак, не ви е мило да Му служите на Господ, одберете си сега, кому да му служите... а, пак, јас и домот мој ќе му служиме на Господ“ (Исус Навин 24,15).**

Последната глава од Книгата на Исус Навин е сместена во контекст на церемонија на обновување на заветот, овој пат спроведена од страна на остарениот водач на Израел. Иако не е во прашање самиот завет, туку извештајот за церемонијата на обновување на заветот, оваа глава ги содржи сите елементи на древните блискоисточни спогодби за суверенитет (помеѓу суверен и вазал, или господар и поданик), како што се: (1) преамбула во која со утврдува идентитетот на суверенот, иницијаторот на заветот; (2) историски вовед што го опишува односот помеѓу суверениот владетел и вазалот; (3) одредби од заветот што бараат од вазалот да покаже целосна преданост кон суверенот, која е заснована и мотивирана од благодарноста; (4) благослови за послушност и проклетства за прекршување на заветот; (5) сведоци на заветувањето на вазалот; (6) зачувување на документот за идно читање; и (7) официјална потврда на заветот.

Исус Навин се ближи кон крајот на својот живот, а на повидок сѐ уште нема никаква замена. Во тие околности, обновувањето на заветот претставува потсетник за Израел дека нивниот цар е самиот Јахве и дека, ако му останат верни на Него, ќе имаат Неговата заштита. На Израел не му е потребен човечки владетел. Како теократски народ, тие секогаш мора да имаат на ум дека Господ е нивниот единствен цар.

## ВИЕ БЕВТЕ ТАМУ!

„Тогаш Исус ги собра сите племиња Израелови во Сихем и ги свика старешините на Израел и кнезовите негови, судиите негови и управителите негови, и тие се претставија пред Господ Бог“ (Исус Навин 24,1).

Сихем бил местото каде што Аврам изградил олтар кога дошол во земјата, и каде што Бог првпат му дал ветување за земјата (1. Мојсеева 12,7). А сега, кога ветувањата дадени на Аврам биле исполнети, Израел го обновува заветот со Бога на истото место каде што првото ветување за првпат било дадено. Исус Навин упатува повик кој потсетува на Јакововите зборови: „А сега, отфрлете ги туѓите богови што се меѓу вас“ (Исус Навин 24,23; споредете со текстот 1. Мојсеева 35,2-4). Самиот географски елемент на тој настан пренесува повик да се покаже неподелена преданост кон Господа и да се отфрлат сите други „богови“.

**Прочитајте го текстот Исус Навин 24,2-13. На што е ставен главниот нагласок во Божјата порака упатена до Израел?**

__________________________________________________________

__________________________________________________________

Бог е главниот субјект во овој осврт на минатото: Јас „зедов“ и „дадов“ и „испратив“ и „притеснував“ и „направив“ и „ве изведов“ и „ве избавив“ итн. Израел не е главната личност на овој наратив, туку негов објект. Бог е тој што го создал Израел. Кога Бог не би се вмешал во Аврамовиот живот, и тие би им служеле на истите идоли. Постоењето на Израел како народ не е заслуга на ниту еден од неговите предци, туку исклучиво дело на Божјата благодат. Според тоа, фактот што Израелците се населиле во таа земја не е повод за фалење, туку токму причина зошто тие треба да му служат на Бога.

Пет пати во Господовиот говор се преминува од „вие“ кон „тие“ (татковците) и обратно. Татковците и оваа генерација во Сихем се разгледуваат како едно. Исус Навин се обидува да покаже она што Мојсеј, во стихот 5. Мојсеева 5,3, веќе го потврдил – дека Господ не воспоставил завет само со татковците, туку и со сите што биле присутни во моментот кога проговорил Исус Навин. Тоа големо мноштво што сега стоело таму не го доживеало Излезот. Не биле „сите“ од нив кај Хорив. Сепак, Исус Навин вели дека сите тие биле таму. Накратко, поуките од минатото мора да се усвојат во секоја нова генерација, заштo Бог кој дејствувал за татковците во минатото е подготвен да дејствува во полза на сегашната генерација.

**На кои сè начини ние, како црква, можеме да стекнеме посилно чувство за заедничка одговорност, односно да ја прифатиме идејата дека она што го правиме како поединци влијае и на сите други во црквата?**

## ВЕРНО И ВИСТИНИТО

**Што ги повикува Исус Навин Израелците да прават? (Исус Навин 24,14.15). Што значи да му се служи на Господа верно и искрено?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

Повикот на Исус Навин јасно го изразува фактот дека Израелците морале да одлучат дали, преку послушност кон својот Творец, ќе ја зачуваат својата единственост и ќе живеат во земјата, или ќе се вратат на тоа да бидат еден од многуте идолопоклонички народи, без јасен идентитет, цел и мисија. Изборот е нивен.

Повикот на Исус Навин е двоен: Израел треба да се бои од Господа и да Му служи „со икреност и во вистина". Да се има страхопочит кон Господа не значи да се живее во постојан страв и емоционална несигурност. Напротив, тоа повеќе се однесува на страхопочитта што произлегува од препознавањето на незамисливата величина, светост и неограниченост на Бога од една страна, и нашата маленкост, грешност и ограничувања од друга страна. Стравот од Господа е постојана свесност за важноста на Неговите барања, спознавање дека Тој не е само наш небесен Татко, туку и наш божествен Цар. Таквата свесност води кон живот на послушност кон Бога (3. Мојсеева 19,14; 3. Мојсеева 25,17; 5. Мојсеева 17,19; 2. Царевите 17,34). Додека „страхопочитта" опишува внатрешен став што мора да биде одлика на Израелците, практичниот исход од стравопочитта спрема Бога е службата.

Службата што се бара од Израел е карактеризирана со два хебрејски збора: „во искреност" и „во вистина". Првиот израз (tamim) главно се користи како придавка со која се опишува совршеноста на жртвеното животно. Вториот израз што ја опишува службата на Израел е „вистина" или „верност" (еврејски: ‘emet ). Овој израз главно означува постојаност и стабилност. Обично се однесува на Бога, чиј карактер е суштински обележен со верност што се пројавила спрема Израел.

Верна личност е некој што е доверлив и достоен за доверба. Во основа, Исус Навин бара од Израел да ја покаже истата посветеност кон Бога каква што Бог покажал кон Својот народ во текот на нивната историја. Ова не е само надворешна потчинетост на Неговите барања, туку она што извира од неподелена внатрешна доследност на срцето. Нивниот живот треба да одразува благодарност кон Бога за она што Тој го направил за нив. Во основа, ова е начин на кој и ние денес би требало да се однесуваме кон Исуса.

**Што значи за вас да му служите на Господ „со искреност" и „вистински"? Кои се факторите што го одвлекуваат вниманието во вашиот живот и ве спречуваат да покажете целосна приврзаност**

**кон Бога?**

**СЛОБОДНИ ДА СЛУЖАТ**

Како вистински и верен водач, Исус Навин ја почитува слободната волја на својот народ и сака Израел да му служи на Господа по сопствен избор, а не под принуда. Токму ова е значењето на намерната употреба на глаголот „избере“ (видете го стихот Исус Навин 24,22). Во други пасуси, изразот bakhar, „избере“, опишува како Јахве го избира Израел (5. Мојсеева 7,6.7; 5. Мојсеева 10,15; 5. Мојсеева 14,2). Израел има слобода да му каже „не“ на Јахве дури и откако е избран од Бога, иако тоа би било бесмислено и апсурдно. Израел може да му каже „да“ на Бога и да продолжи да живее, или да му сврти грб и да престане да постои.

**Каков бил одговорот на Израел на повикот на Исус Навин? (Исус Навин 24,16-18). Зошто, според ваше мислење, Исус Навин реагирал на нивниот одговор на тој начин? (Исус Навин 24,19-21)**

---

Со својот категорично позитивен одговор, Израелците признаваат дека Бог на патријарсите и на нивните татковци сега е и „наш Бог“ (Исус Навин 24,17.18), на кого се подготвени да му служат со неподелена преданост. По таквата несомнена потврда за нивната преданост, би очекувале зборови на пофалба и охрабрување од страна на Исус Навин. Сепак, тоа не е случај овде. Дијалогот меѓу него и народот добива радикален пресврт во кој Исус Навин навидум ја игра улогата на адвокат на ѓаволот. Тој преминува од говорот за Божјото благотворно провидение во минатото на заканата кон Израелците со слика за Бога на кого не е лесно да му се служи.

На Исус Навин му била добро позната непостојаноста на првата генерација, која со слични зборови ветила дека ќе го слуша Бога (2. Мојсеева 19,8; 2. Мојсеева 24,3; 5. Мојсеева 5,27), но ги заборавиле своите ветувања додека тие зборови сè уште им биле на устите (2. Мојсеева 32). Затоа Исус Навин сака, преку таквата реторика, да им укаже на Израелците на неколку подробности. Прво, одлуката да му се служи на Бога е сериозна работа. Таа ќе мора да го обликува целиот народ според Божјото откровение. Благословите од остварувањето на оваа цел се очигледни, но последиците од непослушноста исто така мора целосно да се разберат. Простувањето на гревот не е неотуѓиво право на човештвото, туку чудо на Божјата благодат.

Второ, одлуката на Израелците да му служат на Бога мора да биде нивна сопствена одлука, а не нешто што им го наметнал некој водач, па дури ни Исус Навин.

Трето, Израел мора да сфати дека луѓето не можат да му служат на Бога со сопствена сила. Служењето на Бога не се постигнува со механичко придржување кон одредбите на заветот, туку со личен однос со Господа кој спасува (споредете со стиховите 2. Мојсеева 20,1.2; 5. Мојсеева 5,6.7).

# ОПАСНОСТИТЕ ОД ИДОЛОПОКЛОНСТВОТО

**Прочитајте го текстот Исус Навин 24,22-24. Зошто било потребно Исус Навин да го повтори својот повик до Израелците да се ослободат од своите идоли?**

---

Заканата што ја претставува идолопоклонството не е од теоретска природа. Претходно, на Моавските рамнини, во сличен контекст, Мојсеј го повикал народот на истата одлука (5. Мојсеева 30,19.20). Боговите за кои станува збор не се оние од Египет или оние преку реката, туку оние што се наоѓаат „меѓу нив“. Затоа Исус Навин ги моли припадниците на својот народ да ги приклонат своите срца кон Господа. Еврејскиот израз што се користи овде, natah, значи „да се истегне“, „да се наведне“. Тој го опишува Бога од кого се очекува да се наведне и да ги слуша молитвите (2. Царевите 19,16; Псалм 31,2.3; Даниел 9,18), а ова е исто така и ставот што пророците подоцна го барале од Израел (Исаија 55,3; Еремија 7,24). Тој се користи за да укаже на Соломоновиот отпад кога неговото срце се свртело кон други богови (1. Царевите 11,2.4.9). Грешното човечко срце нема природна склоност да се наведне и да го слуша Божјиот глас. Потребна е свесна одлука од наша страна за да го насочиме кон исполнување на Божјата волја.

Одговорот на Израелците буквално гласи: „Ќе го слушаме Божјиот глас“. Овој израз го нагласува релациониот (односниот) аспект на послушноста. Од Израел не се бара рутински да следи некои безживотни правила. Заветот се однесува на жив однос со Господа, кој не може целосно да се изрази само со едноставни прописи. Религијата на Израел никогаш не требало да биде легалистичка, туку да претставува постојан разговор во вера и љубов со светиот и милостив Спасител.

Дури и по тројното ветување на народот дека ќе му служи на Господа, кое подразбирало, како што заповедал Исус Навин, отстранување на туѓите богови од нивната средина, нема извештаи за тоа дека ова навистина и се случило. Во целата оваа книга станало вообичаено да се известува за исполнувањето на заповедта на Исус Навин (или на Мојсеј) како пример за послушност. Отсуството на таков извештај сега на крајот од книгата, го остава повикот на Исус Навин отворен. Главниот повик на книгата – да му се служи на Господа – не е наменет само за генерацијата на Исус Навин, туку и за секоја нова генерација на Божјиот народ што ќе ја чита или слуша таа порака.

**Колку често сте му ветиле на Господа дека ќе направите нешто, а сепак не сте го направиле тоа? Зошто не сте го направиле тоа? Што ви кажува вашиот одговор за благодатта?**

## ДОБАР ЗАВРШЕТОК

**Прочитајте ги завршните зборови на Исус Навин што ги запишал некој вдахновен писар (Исус Навин 24,29-33). Во која смисла на овие зборови, не само што се осврнуваат на минатото, туку укажуваат и на иднината?**

---

Во епилогот, кој известува за смртта на Исус Навин и Елеазар, првосвештеникот, авторот ја доведува оваа книга до отрезнувачки завршеток. Спомнувајќи ги истовремено погребот на Исус Навин, погребот на Елеазар и погребувањето на Јосифовите коски, тој создава контраст меѓу животот надвор од земјата и почетокот на животот во земјата. Повеќе нема потреба да се талка. Земјените останки на водачите не мора да ги носат со себе. Патријарсите ги погребале своите роднини во пештера (1. Мојсеева 23,13.19; 1. Мојсеева 25,9.10), во поле купено во Сихем (1. Мојсеева 33,19). Сега народот ги погребува своите водачи на почвата на сопственото наследство, што дава смисла на трајност. Ветувањата дадени на патријарсите се исполнети. Верноста на Јахве ја претставува таа историска нишка што ги поврзува потомците на Израел со неговата сегашност и иднина.

Завршните пасуси од книгата, кои ја поврзуваат целата нејзина нарација со поширокатa сторија од минатото, исто така укажуваат и на иднината. Поранешниот надбискуп на Кентербери, лорд Џорџ Кери, во воведниот говор одржан во црквата „Свето Тројство“ во Шрусбери, изјавил дека Англиканската црква е „само една генерација подалеку од изумирање“.

Всушност, црквата е секогаш само една генерација подалеку од изумирање, а така беше и со старозаветниот Божји народ. Едно големо поглавје во историјата на Израел дошло до својот крај/завршило. Неговата судбина сега зависи од видот на одговорите што ќе ги даде на многу прашања што се однесуваат на иднината. Дали Израел ќе му биде верен на Господа? Дали ќе биде во состојба да ја продолжи недовршената задача да ја запоседне целата земја? Дали Израелците ќе успеат да се држат за Јахве и да не се вплеткуваат во обожавање на идоли? Генерацијата под водство на Исус Навин му била верна на Господа, но дали и следната генерација ќе го задржи истиот духовен правец што го зацртал нивниот голем водач? Секоја следна генерација на Божјиот народ, читајќи ја Книгата на Исус Навин, мора да се соочи со истите прашања. Нивниот успех ќе зависи од видот на одговорите што ќе ги даваат во својот секојдневен живот и од тоа како ќе се однесуваат кон вистините што ги наследиле.

**Исус Навин, како и Павле, „добро се борев“ (2. Тимотеј 4,7). Што претставувало клуч за успехот на Исус Навин? Кои одлуки треба да ги донесете денес за да можете да го завршите својот животен пат со истата сигурност во спасението?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата „Патријарси и пророци“ од Елена Г. Вајт, прочитајте го поглавјето со наслов „Последните зборови на Исус Навин“, стр. 522–524 ориг.

„Меѓу мноштвото што излегло од Египет имало многу такви кои обожавале идоли, а моќта на навиката била таква што оваа практика тајно продолжила, до извесна мера, дури и по населувањето во Ханан. Исус Навин бил свесен за ова зло меѓу Израелците и јасно ги увидел опасностите што можеле да произлезат од тоа. Тој искрено сакал да види темелна реформа меѓу еврејското мноштво. Тој знаел дека доколку народот не заземе решителен став да му служи на Господ со сето свое срце, ќе продолжи да се одвојува сѐ повеќе и повеќе од Него... Додека дел од еврејското мноштво духовно му служел на Бога, мнозина биле само формалисти. Никаков жар или ревност не ја карактеризирале нивната служба. Некои биле идолопоклоници во срцето, но се срамеле да го признаат тоа“ (Елена Г. Вајт, *Знаци на времето*, 19 мај 1881 година).

„Овој свечен завет бил запишан во книгата на законот, за да се чува во сета своја светост. Потоа Исус Навин поставил голем камен под даб во близина на Господовото светилиште. ‘И му кажа Исус на целиот народ: Ете, овој камен ќе ни биде сведок, бидејќи тој ги слушна сите зборови на Господ што Тој ви ги кажа денес; тој нека биде сведок против вас, ако некогаш лажете пред Господ, Вашиот Бог’ (Исус Навин 24,27). Тука Исус Навин отворено изјавува дека неговите упатства и опомени до народот не биле негови сопствени зборови, туку зборови на самиот Бог. Овој голем камен ќе стои како сведок на идните генерации за настанот во чиј спомен бил подигнат, и ќе сведочи против народот ако некогаш повторно западне во идолопоклонство“ (Елена Г. Вајт, *Знаци на времето*, 26 мај 1881 година).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Разговарајте за значењето на изразот: „Тој [Господ] е свет Бог, Бог ревнител (љубоморен)“ (Исус Навин 24,19). Во која смисла Тој е ревносен Бог?**

**2. Како е поврзана нашата љубов кон Бога со слободата на избор што ни ја дава Тој? Односно, можеме ли навистина да сакаме ако не сме вистински слободни? Може ли вистинската љубов некогаш да биде наметната? Ако не може, зошто?**

**3. На кои практични начини црковните водачи денес можат да го пренесат факелот на следната генерација?**

**4. Размислете за животот на Исус Навин и за заклучокот дека во текот на сиот негов живот Израелците му служеле на Господа. Каков заклучок би сакале луѓето да извлечат за вашиот живот?**

# УТРИНСКИ СТИХОВИ ОКТОМВРИ
# ОДЕТЕ И ДОНЕСЕТЕ ПЛОД

## БОЖЈИ ГЛАСНИЦИ

| | | |
|---|---|---|
| *1. Среда* | ***Јован 15,16*** | *Ве поставив вас* |
| *2. Четврток* | ***2. Коринќаните 6,1*** | *Ние сме Негови соработници* |
| *3. Петок* | ***Јован 17,18*** | *Божји гласници* |
| *4. Сабота* | ***Исаија 58,10*** | *Бог управува со нашата служба* |

## НИЕ СМЕ БОЖЈИ ПОМОШНИЦИ

| | | |
|---|---|---|
| *5. Недела* | ***Матеј 5,16*** | *Нека свети вашата светлина* |
| *6. Понеделник* | ***Проповедник 11,1*** | *Пуштај го лебот свој по водите* |
| *7. Вторник* | ***1. Коринќаните 3,9*** | *Ние сме Божји помошници* |
| *8. Среда* | ***2. Коринќаните 8,12*** | *Добра волја* |
| *9. Четврток* | ***Колошаните 3,23-24*** | *Служете од срце* |
| *10. Петок* | ***Псалм 126,6*** | *Искрен дух* |
| *11. Сабота* | ***1. Коринќаните 7,24*** | *Постојаност во службата* |

## ХРИСТОВИОТ ПРИМЕР

| | | |
|---|---|---|
| *12. Недела* | ***Матеј 10,42*** | *Едноставност* |
| *13. Понеделник* | ***Римјаните 1,16*** | *Храброст* |
| *14. Вторник* | ***Ефесјаните 6,16-17*** | *Божјето оружје* |
| *15. Среда* | ***Јован 4,34*** | *Христовиот пример* |
| *16. Четврток* | ***Матеј 20,28*** | *Синот Човечки дојде да служи* |
| *17. Петок* | ***Дела 20,35*** | *Сè ви покажав* |
| *18. Сабота* | ***Исаија 61,1*** | *Христовото дело* |

## ПРОПОВЕДАЈТЕ ГО СЛОВОТО

| | | |
|---|---|---|
| *19. Недела* | ***Исаија 61,2*** | *Христовото дело е и наше дело* |
| *20. Понеделник* | ***Исаија 53,11*** | *Мнозумина ќе оправда* |
| *21. Вторник* | ***Марко 2,17*** | *Христос дојде да ги повика грешниците* |
| *22. Среда* | ***Матеј 28,19*** | *Затоа одете* |
| *23. Четврток* | ***2. Тимотеј 4,2*** | *Проповедајте го Словото* |
| *24. Петок* | ***Јован 4,35*** | *Погледнете ги полињата* |
| *25. Сабота* | ***Јоил 1,3*** | *Кажувајте им на вашите деца* |

## БОГ Е СО СВОИТЕ СЛУГИ

| | | |
|---|---|---|
| *26. Недела* | ***Јеремија 1,7*** | *Одете без страв* |
| *27. Понеделник* | ***2. Тимотеј 4,7*** | *Павле ја одржал верата* |
| *28. Вторник* | ***Дела 10,38*** | *Исус одел правејќи добро* |
| *29. Среда* | ***2. Коринќаните 5,14*** | *Божјата љубов еветена* |
| *30. Четврток* | ***Исус Навин 1,9*** | *Бог е со своите слуги* |
| *31. Петок* | ***Даниел 12,3*** | *Работниците ќе светат како ѕвезди* |

## УТРИНСКИ СТИХОВИ – НОЕМВРИ
# ТОЈ СЕ ГРИЖИ ЗА НАС

### ТОЈ ЌЕ БИДЕ СО НАС

| | | |
|---|---|---|
| *1. Сабота* | ***Исаија 43,2*** | *Тој ќе биде со нас* |

### ТОЈ Е НАШ СПАСИТЕЛ

| | | |
|---|---|---|
| *2. Недела* | ***Исаија 43,3*** | *Мојот откуп е платен* |
| *3. Понеделник* | ***Исаија 43,6*** | *Тој ќе ги бара своите* |
| *4. Вторник* | ***Исаија 43,11*** | *Тој е наш Спасител* |
| *5. Среда* | ***Евреите 12,6*** | *Тој ги укорува оние што ги љуби* |
| *6. Четврток* | ***Псалм 94,12*** | *Божјото поучување е благослов* |
| *7. Петок* | ***Исаија 1,25*** | *Тој ќе ги исчисти твоите троски* |
| *8. Сабота* | ***Откровение 3,19*** | *Тој укорува* |

### ТОЈ Е НАШ ШТИТ И МЕЧ

| | | |
|---|---|---|
| *9. Недела* | ***1. Петрово 5,7*** | *Тој се грижи за мене* |
| *10. Понеделник* | ***Псалм 94,14*** | *Тој нема да те одфрли* |
| *11. Вторник* | ***Псалм 91,11*** | *Тој испраќа ангели чувари* |
| *12. Среда* | ***5. Мојсеева 31,6*** | *Бидете слободни и храбри* |
| *13. Четврток* | ***2. Мојсеева 6,7*** | *Тој ќе биде наш Бог* |
| *14. Петок* | ***5. Мојсеева 33,27*** | *Тој ќе го избрка непријателот* |
| *15. Сабота* | ***5. Мојсеева 33,29*** | *Тој е наш штит и меч* |

### ТОЈ ЌЕ ТЕ ДРЖИ ЗА РАКА

| | | |
|---|---|---|
| *16. Недела* | ***Исаија 42,4*** | *Нема да Му здосади* |
| *17. Понеделник* | ***Исаија 42,6*** | *Тој ќе те држи за рака* |
| *18. Вторник* | ***Исаија 42,16*** | *Ќе ја претвори темнината во светлина* |
| *19. Среда* | ***2. Мојсеева 6,6*** | *Тој ќе нè избави* |
| *20. Четврток* | ***Јован 12,32*** | *Тој ги привлекува сите луѓе со Својата смрт* |
| *21. Петок* | ***Псалм 130,7*** | *Велико е Божјото откупување* |
| *22. Сабота* | ***Исаија 1,27*** | *Сион ќе биде откупен* |

### НАПРЕДОК ВЕТЕН НА ОСТАТОКОТ

| | | |
|---|---|---|
| *23. Недела* | ***Псалм 49,15*** | *Откупување од гробот* |
| *24. Понеделник* | ***Исаија 43,1*** | *Нашиот Создател ќе нè откупи* |
| *25. Вторник* | ***Псалм 72,12*** | *Тој ќе го избави сиромавиот* |
| *26. Среда* | ***Псалм 122,6*** | *Нека биде добро на оние што Те љубат* |
| *27. Четврток* | ***Исус Навин 1,8*** | *Извршувањето на Неговата волја осигурува напредок* |
| *28. Петок* | ***Захарија 8,12*** | *Напредок ветен на остатокот* |
| *29. Сабота* | ***Езекиел 36,29-30*** | *Стариот Израел е пример за Божјата грижа* |

### НА БОЖЈИОТ НАРОД МУ Е ВЕТЕНО ИЗЛЕВАЊЕ НА СВЕТИОТ ДУХ

| | | |
|---|---|---|
| *30. Недела* | ***Езекиел 39,29*** | *На Божјиот народ му е ветено излевање на Светиот Дух* |

## УТРИНСКИ СТИХОВИ – ДЕКЕМВРИ
# „КОГА ЌЕ ГИ ПОГЛЕДАМ НЕБЕСАТА“

### НЕБЕСАТА ГО СЛАВАТ

| | | |
|---|---|---|
| *1. Понеделник* | ***Псалм 8,3-4*** | *Што е човекот?* |
| *2. Вторник* | ***Еремија 31,37*** | *Божјата љубов е неизмерна како небесата* |
| *3. Среда* | ***Псалм 148,4-5*** | *Небесата Го слават* |
| *4. Четврток* | ***Јов 9,8-9*** | *Распнатите небеса ја покажуваат Неговата моќ* |
| *5. Петок* | ***Неемија 9,6*** | *Тој создал и сѐ оживува* |
| *6. Сабота* | ***Проповедник 7,29*** | *Бог го создал човекот добар* |

### БОГ ПРЕСТОЈУВА ВО ПОНИЗНО СРЦЕ

| | | |
|---|---|---|
| *7. Недела* | ***Исаија 40,22*** | *Тој седи над земскиот круг* |
| *8. Понеделник* | ***Еремија 32,17*** | *Ништо не е тешко за Тебе* |
| *9. Вторник* | ***Евреите 1,10*** | *Тој во почеток ја основал Земјата* |
| *10. Среда* | ***Исаија 37,16*** | *Бог седи меѓу херувими* |
| *11. Четврток* | ***Исаија 57,15*** | *Бог престојува во понизно срце* |
| *12. Петок* | ***Јован 14,1-3*** | *Бог ги подготвува идните станови за спасените* |
| *13. Сабота* | ***Евреите 12,22*** | *Службата на Божјите ангели* |

### ЧЕКАМЕ НОВО НЕБО И НОВА ЗЕМЈА

| | | |
|---|---|---|
| *14. Недела* | ***Лука 15,10*** | *Ангелите се грижат за грешниот човек* |
| *15. Понеделник* | ***Матеј 18,10*** | *Ангелите нѐ поврзуваат со Небото* |
| *16. Вторник* | ***2. Мојсеева 23,20*** | *Ангелите нѐ штитат и водат* |
| *17. Среда* | ***2. Петрово 3,13*** | *Чекаме ново небо и нова земја* |
| *18. Четврток* | ***Откровение 3,21*** | *Кој ќе победи ќе седне со Бога на престолот* |
| *19. Петок* | ***Евреите 11,10*** | *Аврам го очекувал градот* |
| *20. Сабота* | ***Евреите 11,16*** | *Тој им приготвил град* |

### САМИОТ БОГ ЌЕ БИДЕ СО НИВ

| | | |
|---|---|---|
| *21. Недела* | ***Откровение 22,1-2*** | *Дрвото и реката на животот се во градот* |
| *22. Понеделник* | ***Откровение 21,3*** | *Сам Бог ќе биде со нив* |
| *23. Вторник* | ***Откровение 22,3*** | *Нема да има никакво проклетство* |
| *24. Среда* | ***1. Коринќаните 2,9*** | *Што подготвува Бог за оние што Го љубат* |
| *25. Четврток* | ***Откровение 21,4*** | *Нема да има веќе смрт* |
| *26. Петок* | ***Малахија 4,2*** | *Човекот ќе биде обновен* |
| *27. Сабота* | ***Исаија 65,21*** | *Ќе градиме куќи* |

### ОВИЕ ЗБОРОВИ СЕ ВЕРНИ И ВИСТИНИТИ

| | | |
|---|---|---|
| *28. Недела* | ***Исаија 65,22*** | *Ќе уживаме во делата на нашите раце* |
| *29. Понеделник* | ***Исаија 65,25*** | *Диви ѕверови нема да му наштетат на никого* |
| *30. Вторник* | ***Исаија 66,23*** | *Во сабота сите ќе Му се поклонуваат на Бога* |
| *31. Среда* | ***Откровение 22,6*** | *Овие зборови се верни и вистинити* |

# ДОПИСНА БИБЛИСКА ШКОЛА НА ИНТЕРНЕТ

























Дописната библиска школа – „Библијата зборува" е достапна и на интернет; извонредна можност многу луѓе да се запознаат со Библијата и нејзините вистини. Најновата веб-страница нуди осум нови дописни школи: Славните вистини на Библијата, Верувањата на раните христијани. Археологијата – ископување на минатото, Тајните на пророштвата, Сторијата за апостол Павле, Потрага и Здравјето на дофат. Проучувајте онлајн и споделувајте ја Радосната вест!

**ПОРАЧКИ:**

- кај вашиот повереник за литература,
- на поштенски фах 215, 1000 Скопје
- или на тел. 02 / 20 30 777

## *Октомври*

| | |
|---|---|
| 1. | Амос 1-3 |
| 2. | 4-6 |
| 3. | 7-9 |
| **4.** | Авдија и Јона 1-4 |
| | |
| 5. | Михеј 1-4 |
| 6. | 5-7 |
| 7. | Наум 1-3 |
| 8. | Авакум 1-3 |
| 9. | Софонија 1-3 |
| 10. | Агеј 1-2 |
| **11.** | Захарија 1-3 |
| | |
| 12. | 4-6 |
| 13. | 7-10 |
| 14. | 11-14 |
| 15. | Малахија 1-4 |
| 16. | Матеј 1-5 |
| 17. | 6-8 |
| **18.** | 9-11 |
| | |
| 19. | 12-13 |
| 20. | 14-15 |
| 21. | 16-17 |
| 22. | 18-20 |
| 23. | 21-25 |
| 24. | 26-28 |
| **25.** | Марко 1-3 |
| | |
| 26. | 4-6 |
| 27. | 7-9 |
| 28. | 10-13 |
| 29. | 14-16 |
| 30. | Лука 1-3 |
| 31. | 4-6 |

## *Ноември*

| | |
|---|---|
| **1.** | Лука 7-8 |
| | |
| 2. | 9-11 |
| 3. | 12-14 |
| 4. | 15-17 |
| 5. | 18-20 |
| 6. | 21-22 |
| 7. | 23-24 |
| **8.** | Јован 1-3 |
| | |
| 9. | 4-6 |
| 10. | 7-9 |
| 11. | 10-12 |
| 12. | 13-15 |
| 13. | 16-18 |
| 14. | 19-21 |
| **15.** | Дела 1-3 |
| | |
| 16. | 4-6 |
| 17. | 7-9 |
| 18. | 10-12 |
| 19. | 13-15 |
| 20. | 16-18 |
| 21. | 29-23 |
| **22.** | 24-26 |
| | |
| 23. | 27-28 |
| 24. | Римјаните 1-3 |
| 25. | 4-6 |
| 26. | 7-9 |
| 27. | 10-12 |
| 28. | 13-16 |
| **29.** | 1. Кор. 1-5 |
| | |
| 30. | 6-9 |

## *Декември*

| | |
|---|---|
| 1. | 1. Кор. 10-12 |
| 2. | 13-16 |
| 3. | 2. Кор. 1-5 |
| 4. | 6-9 |
| 5. | 10-13 |
| **6.** | Галатјаните 1-3 |
| | |
| 7. | 4-6 |
| 8. | Ефешаните 1-6 |
| 9. | Филипјаните1-4 |
| 10. | Колошаните 1-4 |
| 11. | 1. Солуњаните 2-5 |
| 12. | 2. Солуњаните 1-3 |
| **13.** | 1. Тимотеј 1-6 |
| | |
| 14. | 2. Тимотеј 1-4 |
| 15. | Тит и Филимон |
| 16. | Евреите 1-5 |
| 17. | 6-9 |
| 18. | 10-13 |
| 19. | Јаков 1-5 |
| **20.** | 1. Петрово 1-3 |
| | |
| 21. | 2. Петрово 1-3 |
| 22. | 1. Јованово 1-3 |
| 23. | 4-5 |
| 24. | 2. и 3. Јованово |
| 25. | Јудино послание |
| 26. | Откровение |
| **27.** | 5-9 |
| | |
| 28. | 10-13 |
| 29. | 14-16 |
| 30. | 17-19 |
| 31. | 20-22 |

# ВЕЧЕРНО БОГОСЛУЖЕНИЕ ВО СЕМЕЈСТВОТО

## *Октомври*

1. Псалм 79.
2. Псалм 80.
3. Псалм 81.
**4.** Псалм 82.
5. Псалм 83.
6. Псалм 84.
7. Псалм 85.
8. Псалм 86.
9. Псалм 87.
10. Псалм 88
**11.** Псалм 89,1-13.
12. Псалм 89,14-26.
13. Псалм 89,27-39.
14. Псалм 89,40-52.
15. Псалм 90.
16. Псалм 91.
17. Псалм 92.
**18.** Псалм 93.
19. Псалм 94.
20. Псалм 95.
21. Псалм 96.
22. Псалм 97.
23. Псалм 98.
24. Псалм 99.
**25.** Псалм 100.
26. Псалм 101.
27. Псалм 102,1-14.
28. Псалм 102,15-28.
29. Псалм 103.
30. Псалм 104,1-18.
31. Псалм 104,19-35.

## *Ноември*

**1.** Псалм 105,1-15.
2. Псалм 105,16-31.
3. Псалм 105,32-45.
4. Псалм 106,1-16.
5. Псалм 106,17-32.
6. Псалм 106,33-48.
7. Псалм 107,1-21,
**8.** Псалм 107,22-43.
9. Псалм 108.
10. Псалм 109,1-16.
11. Псалм 109,17-31.
12. Псалм 110.
13. Псалм 111.
14. Псалм 112.
**15.** Псалм 113.
16. Псалм 114.
17. Псалм 115.
18. Псалм 116.
19. Псалм 117.
20. Псалм 118,1-14.
21. Псалм 118,15-29.
**22.** Псалм 119,1-14.
23. Псалм 119,15-29
24. Псалм 119,30-43
25. Псалм 119,44-56.
26. Псалм 119,57-90.
27. Псалм 119,91-117.
28. Псалм 119,118-143.
**29.** Псалм 119,144-176.
30. Псалм 120.

## *Декември*

1. Псалм 121.
2. Псалм 122.
3. Псалм 123.
4. Псалм 124.
5. Псалм 125.
**6.** Псалм 126.
7. Псалм 127.
8. Псалм 128.
9. Псалм 129.
10. Псалм 130.
11. Псалм 131.
12. Псалм 132.
**13.** Псалм 133.
14. Псалм 134.
15. Псалм 135.
16. Псалм 136,1-14.
17. Псалм 136,15-26.
18. Псалм 137.
19. Псалм 138.
**20.** Псалм 139.
21. Псалм 140.
22. Псалм 141.
23. Псалм 142.
24. Псалм 143.
25. Псалм 144.
26. Псалм 145.
**27.** Псалм 146.
28. Псалм 147.
29. Псалм 148.
30. Псалм 149.
31. Псалм 150.

*Им предлагаме на верниците овие текстови да ги читаат во текот на вечерното богослужение во своето семејство.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

### ОКТОМВРИ 2025

| МЕСТО | ДАТУМ | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **3.** | **10.** | **17.** | **24.** | **31.** |
| Виница | 18:09 | 17:58 | 17:47 | 17:36 | 16:27 |
| Колешино | 18:08 | 17:57 | 17:46 | 17:36 | 16:26 |
| Стар Дојран | 18:09 | 17:57 | 17:47 | 17:36 | 16:27 |
| Куманово | 18:13 | 18:01 | 17:49 | 17:39 | 16:29 |
| Неготино | 18:11 | 18:00 | 17:49 | 17:38 | 16:29 |
| Струмица | 18:09 | 17:58 | 17:47 | 17:36 | 16:27 |
| Кочани | 18:10 | 17:58 | 17:47 | 17:36 | 16:27 |
| Велес | 18:12 | 18:01 | 17:50 | 17:39 | 16:30 |
| Кавадарци | 18:12 | 18:00 | 17:49 | 17:39 | 16:29 |
| Дебар | 18:18 | 18:06 | 17:55 | 17:45 | 16:35 |
| Скопје | 18:14 | 18:02 | 17:51 | 17:40 | 16:31 |
| Битола | 18:14 | 18:03 | 17:52 | 17:42 | 16:33 |
| Кичево | 18:16 | 18:04 | 17:53 | 17:43 | 16:33 |
| Лаки | 18:09 | 17:57 | 17:46 | 17:36 | 16:26 |
| Чифлик | 18:11 | 17:59 | 17:48 | 17:38 | 16:29 |
| Штип | 18:11 | 17:59 | 17:48 | 17:38 | 16:28 |
| Тетово | 18:16 | 18:04 | 17:53 | 17:42 | 16:33 |
| Јегуновце | 18:15 | 18:03 | 17:52 | 17:41 | 16:32 |
| Росоман | 18:12 | 18:00 | 17:49 | 17:39 | 16:30 |
| Гевгелија | 18:10 | 17:58 | 17:47 | 17:37 | 16:28 |
| Свети Николе | 18:12 | 18:00 | 17:49 | 17:38 | 16:29 |
| Делчево | 18:08 | 17:57 | 17:45 | 17:35 | 16:25 |
| Валандово | 18:09 | 17:58 | 17:47 | 17:37 | 16:27 |
| Охрид | 18:17 | 18:05 | 17:54 | 17:44 | 16:35 |
| Радовиш | 18:10 | 17:58 | 17:47 | 17:37 | 16:27 |
| Прилеп | 18:13 | 18:02 | 17:51 | 17:41 | 16:31 |

**Податоците во табелата изведени се според зимското сметање на времето.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| НОЕМВРИ 2025 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| МЕСТО | ДАТУМ | | | |
| | 7. | 14. | 21. | 28. |
| Виница | 16:18 | 16:11 | 16:06 | 16:02 |
| Колешино | 16:18 | 16:11 | 16:06 | 16:02 |
| Стар Дојран | 16:19 | 16:12 | 16:07 | 16:03 |
| Куманово | 16:21 | 16:14 | 16:08 | 16:04 |
| Неготино | 16:21 | 16:14 | 16:08 | 16:05 |
| Струмица | 16:19 | 16:12 | 16:06 | 16:03 |
| Кочани | 16:19 | 16:12 | 16:06 | 16:02 |
| Велес | 16:22 | 16:15 | 16:09 | 16:05 |
| Кавадарци | 16:21 | 16:14 | 16:09 | 16:05 |
| Дебар | 16:27 | 16:20 | 16:15 | 16:11 |
| Скопје | 16:22 | 16:15 | 16:10 | 16:06 |
| Битола | 16:25 | 16:18 | 16:13 | 16:09 |
| Кичево | 16:25 | 16:18 | 16:13 | 16:09 |
| Лаки | 16:18 | 16:11 | 16:05 | 16:02 |
| Чифлик | 16:20 | 16:14 | 16:08 | 16:05 |
| Штип | 16:20 | 16:13 | 16:07 | 16:04 |
| Тетово | 16:24 | 16:17 | 16:12 | 16:08 |
| Јегуновце | 16:23 | 16:16 | 16:11 | 16:07 |
| Росоман | 16:21 | 16:14 | 16:09 | 16:05 |
| Гевгелија | 16:20 | 16:13 | 16:08 | 16:04 |
| Свети Николе | 16:21 | 16:13 | 16:08 | 16:04 |
| Делчево | 16:17 | 16:10 | 16:04 | 16:01 |
| Валандово | 16:19 | 16:12 | 16:07 | 16:03 |
| Охрид | 16:27 | 16:20 | 16:15 | 16:11 |
| Радовиш | 16:19 | 16:12 | 16:07 | 16:03 |
| Прилеп | 16:23 | 16:16 | 16:11 | 16:07 |

**Податоците во табелата изведени се според зимското сметање на времето.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

### ДЕКЕМВРИ 2025

| МЕСТО | ДАТУМ | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ***5.*** | ***12.*** | ***19.*** | ***26.*** |
| **Виница** | **16:00** | **16:00** | **16:02** | **16:06** |
| **Колешино** | **16:00** | **16:01** | **16:03** | **16:06** |
| **Стар Дојран** | **16:01** | **16:02** | **16:04** | **16:07** |
| **Куманово** | **16:03** | **16:03** | **16:05** | **16:08** |
| **Неготино** | **16:03** | **16:03** | **16:05** | **16:09** |
| **Струмица** | **16:01** | **16:01** | **16:03** | **16:07** |
| **Кочани** | **16:00** | **16:00** | **16:02** | **16:06** |
| **Велес** | **16:04** | **16:04** | **16:06** | **16:09** |
| **Кавадарци** | **16:03** | **16:04** | **16:06** | **16:09** |
| **Дебар** | **16:09** | **16:09** | **16:11** | **16:15** |
| **Скопје** | **16:04** | **16:04** | **16:06** | **16:10** |
| **Битола** | **16:07** | **16:08** | **16:10** | **16:13** |
| **Кичево** | **16:07** | **16:08** | **16:10** | **16:13** |
| **Лаки** | **16:00** | **16:00** | **16:02** | **16:06** |
| **Чифлик** | **16:03** | **16:03** | **16:05** | **16:09** |
| **Штип** | **16:02** | **16:02** | **16:04** | **16:08** |
| **Тетово** | **16:06** | **16:06** | **16:08** | **16:12** |
| **Јегуновце** | **16:05** | **16:05** | **16:07** | **16:11** |
| **Росоман** | **16:04** | **16:04** | **16:06** | **16:09** |
| **Гевгелија** | **16:02** | **16:03** | **16:05** | **16:08** |
| **Свети Николе** | **16:02** | **16:02** | **16:04** | **16:08** |
| **Делчево** | **15:59** | **15:59** | **16:01** | **16:05** |
| **Валандово** | **16:02** | **16:02** | **16:04** | **16:08** |
| **Охрид** | **16:09** | **16:09** | **16:11** | **16:15** |
| **Радовиш** | **16:01** | **16:01** | **16:03** | **16:07** |
| **Прилеп** | **16:06** | **16:06** | **16:08** | **16:12** |

*Податоците во табелата изведени се според зимското сметање на времето.*

## Цркви, групи и поединци на Христијанската адвентистичка црква во Република Македонија



# МОЈ ДНЕВНИК НА ПОСРЕДНИЧКА МОЛИТВА

„Според Божјиот план, како одговор на нашата молитва со вера, Бог ќе ни го даде она што не би ни го дал кога за тоа не би го молеле“ (Елена Вајт, *Големата борба,* стр. 442). „Развивајте ја навиката да разговарате со Спасителот. ... Вашето срце секогаш нека се издигнува во тивка молитва за помош, за светлина, за сила, за мудрост. Секој ваш здив нека биде молитва“ (Елена Вајт, *Пат во подобар живот,* стр. 328).